# 70

# ГОДИНИ

# ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“

**Скопје, 2020**

**INSTITUTE OF FOLKLORE „MARKO CEPENKOV“ - SKOPJE**

# 70 YEARS INSTITUTE OF FOLKLORE „MARKO CEPENKOV“

Editors:

Dr Zorančo Malinov
Dr Katerina Petrovska-Kuzmanova

Skopje, 2020

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ - СКОПЈЕ**

# 70 ГОДИНИ
# ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР
# „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“

Редакција:

д-р Зоранчо Малинов
д-р Катерина Петровска-Кузманова

Скопје, 2020



Ликот на Марко Цепенков како еден од препознатливите заштитни знаци на Институтот за фолклор

## КОН ЈУБИЛЕЈОТ
## (Краток преглед на 70-годишната историја на Институтот)

Со создавањето на македонската држава како конститутивна единица на југословенската федерација се создале и условите за формирањето на институциите кои се неопходни за нормалното функционирање на една држава, меѓу нив и високообразовните и научните институции. Меѓу првите институции од областа на науката што биле формирани по создавањето на Народна Република Македонија е и тогашниот Фолклорен институт, кој е основан со Уредба на Владата на НРМ, број 1183 од 6.4.1950 година, по предлог на тогашното Министерство за наука и култура (Службен весник на НРМ 11/50). Формиран е како самостојна научна институција од посебен национален интерес, со седиште во Скопје, со примарна задача да се собира, систематизира и конзервира фолклорното богатство на македонскиот народ. Задачите на Институтот при неговото формирање се регулирани со членот 2 од споменатата Уредба на Владата на НРМ, кој во оригинал гласи:

„Задачите на институтот се:

1. да ја организира работата на собирањето, систематизирањето и конзервирањето на фолклорното богатство на македонскиот народ;
2. да го научно анализира, прочистува и обработува собраниот материјал од подрачјето на националниот фолклор;
3. да дава совети и стручни мненија во врска со применувањето на нашата народна уметност во домашните ракотворби, музиката, индустријата, градежништвото итн.;
4. да соработува со организации, друштва и установи коишто работат на пропагирањето на нашата народна уметност од територијата на Федеративна Народна Република Југославија и во странство, и да се грижи за чистоќата и изворноста на нашата народна уметност;
5. да се грижи за запазување и понатамошно развивање на нашето народно уметничко творчество;
6. да издава научни и научно-популарни публикации од областа на својата работа.“

Во првата година по формирањето на Институтот функционирале три оддели, а во составот на едниот од одделите имало четири отсеци. Така, првиот оддел бил Одделот за материјална култура, со 4 отсеци, и тоа: 1. Отсек за народен вез (од 1952 год. преименуван во Отсек за народен текстил), 2. Отсек за орнаментика и занаети (од 1952 год. – Отсек за народна орнаментика)[1], 3. Отсек за народни обичаи, кој од 1952 год. пре-

[1] Во периодот 1953-54 год. функционирал Одделот за народна ликовна и пластична уметност, составен од два отсеци: 1. Отсек за ликовна и пластична уметност, кој поради недостаток на кадри се укинува во почетокот на 1955 год., и 2. Отсек за народно текстилно творештво. За подетални информации на поранешните вна-

раснува во посебен оддел, и 4. Отсек за народна архитектура, кој наскоро е укинат. Вториот оддел бил Одделот за народна книжевност, кој во 1953 год. се одвоил и од него се формирал Институтот за македонски јазик и литература, за повторно овој оддел да биде возобновен во 1964 год. како Оддел за народна литература. Третиот оддел бил Музиколошко-кореографскиот, кој исто така низ децениите што следуваат претрпувал разни наименувања. Во 1955 год. следува нова реорганизација и во Институтот постојат следниве три оддели: 1. Оддел за народно текстилно творештво (подоцна во 1964 год. преименуван во Оддел за текстилна народна орнаментика, а од 1977 год. во Оддел за народна орнаментика), 2. Оддел за народни обичаи и игри и 3. Музиколошко-кореографски оддел, кој подоцна во 1969 год. се преименува во Оддел за народна музика и народни ора. Во 1961 год. Одделот за народни обичаи и игри се преименувал во Оддел за народна книжевност, обичаи и игри, а по возобновувањето на Одделот за народна литература во 1964 год. и поради кадровското осипување на Одделот за народни обичаи и игри, единствениот етнолог што останал во него, организационо бил приклучен кон Одделот за народна литература.



Зградата на плоштадот во Скопје каде што биле сместени просториите на Институтот за фолклор до 1974 год.

Во 1962 год. тогашниот Фолклорен институт со Уредба на Извршниот совет на Народното собрание на НРМ и соодветните одлуки на телата на Институтот е преименуван во Институт за фолклор, а од 1979 год., го носи и името на еден од најплодните собирачи на македонски фолклорни и етнографски материјали, Марко Цепенков. Оттогаш оваа институција го

---

трешни организации на Институтот за фолклор од основањето до 1979 год., да се види во: „30 години Институт за фолклор ‘Марко Цепенков’“, редакција: д-р Цветанка Органџиева, д-р Лазо Каровски (претседател) и Танас Вражиновски, Скопје, 1980, стр. 11-12.

носи насловот Институт за фолклор „Марко Цепенков“ и како таков е регистриран во судот и другите надлежни установи.

Со донесувањето на Законот за научноистражувачката дејност од 1996 година (Службен весник на РМ 13/96), Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје работи во согласност со одредбите на овој закон како Јавна научна установа. Решението број 08-4261/1 од 31.12. 1996 год. за исполнетоста на условите за стекнување на својството: Јавна научна установа е добиено од Министерството за наука на Република Македонија, а ова е имплементирано и во Статутот на Институтот кој е одобрен со Одлука на Владата на Република Македонија, број 23-327/9 од 17.02.1997 година (Службен весник на РМ 8/97). Следниот Статут на институцијата е донесен во 2010 год. и е прилагоден на Законот за научноистражувачката дејност од 2008 год. (Службен весник на РМ 46/08), а актуелниот Статут е од 25.02.2015 година и е со минимални измени во однос на претходниот.

Во својот седумдецениски развоен пат Институтот за фолклор доживеал неколку структурни и организациски реформи кои често биле во зависност од општествено-политичките состојби во државата, но и од самата екипираност на кадровскиот потенцијал на Институтот. Некои од одделите биле преименувани, односно добивале поинакви називи, некои оддели биле укинувани или припојувани кон други оддели, за потоа повторно да бидат воспоставени, а за потребите за проучувањето на фолклорот на другите етнички заедници во 1982 год. бил воспоставен и нов оддел – Оддел за фолклорот на народностите. Институтот за фолклор во својата организациска структура во актуелниов момент (2020 год.), според важечкиот Правилник за систематизација на работните места во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од 2016 год. има пет научноистражувачки оддели, кои низ децениите наназад носеле и поинакви називи, а денес се именувани како: 1. Оддел за народна литература и етнотеатрологија (порано: Оддел за народна литература), 2. Етнолошки оддел (порано: Оддел за народни обичаи и игри, а од 2003 год. Етнолошки оддел – духовна култура), 3. Оддел за традиционални уметности и архитектура (порано: Оддел за народна орнаментика, а од 2003 год. Оддел за материјална култура), 4. Оддел за етномузикологија и етнокореологија (порано: Оддел за народна музика и народни ора, а од 2003 год. Етномузиколошки оддел), и 5. Оддел за истражување на фолклорот и етнологијата на другите народи што живеат во Република Македонија (до 2003 год. Оддел за фолклорот на народностите), во кој работат научни работници коишто ја истражуваат народната култура на Албанците, Турците, Власите и Ромите.

Како што може да се забележи уште со поставените задачи во основачкиот акт на Институтот, основните активости во неговата 70-годишна историја се одвиваат почнувајќи од теренските истражувања со што континуирано се бележи и се следи состојбата во сите сегменти на духовната и материјалната култура на народното творештво на македонскиот народ, но и на останатите народи што живеат во државава. Проучувањето на маке-

донската народна традиција претставува интерес на многумина научници од различни области, како што се фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата, етнокореологијата, историјата на уметноста, архитектурата итн. Мултидисциплинарниот карактер на истражувањата од областа на фолклористиката и сродните науки и научни дисциплини се: собирањето на производите од народното творештво за време на теренската работа, нивната обработка и публикување заради афирмирање на културното наследство коешто се постигнува со нивната презентација, односно дистрибуција во форма на објавени монографии, зборници и списанија во државава и надвор од неа. Резултатите од истражувањата се презентираат со објавување на научно-стручните изданија, а исто така и со учествата на истражувачите на меѓународни и домашни научни собири. Освен преку публикувањето на разни научни трудови, резултатите на научниот и стручниот кадар на Институтот се презентираат и преку организираните изложби на народното текстилно творештво (делови од носии, везови, плетива и сл.) од депото на Институтот за фолклор, како и преку постојаната поставка на народни музички инструменти што се наоѓа во самиот институт. Институтот има организирано неколку изложби со материјалите од своето депо, како што се изложбите во: Културно-информативниот центар на РМ во Софија, Бугарија (2008 год.), потоа во Кратово, Штип, Кочани и др.

За успешно организирање на научноистражувачката дејност во Институтот за фолклор, првенствено на теренските истражувања, но и на останатите научни истражувања од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и сродните науки и научни дисциплини, како што се истражувањата во разни институции: архиви, музеи, библиотеки и сл., потребно е и обезбедување на финансиски средства за спроведувањето на сето тоа. Истражувањата што ги реализира научниот кадар во Институтот во најголем дел се финансираат преку научноистражувачките проекти во рамките на годишните програми на ресорното министерство, така што до 2000 год. надлежно беше Министерството за наука, а по неговото спојување со Министерството за образование, финансирањето се одвива преку Министерството за образование и наука. Во рамките на научноистражувачката дејност на Институтот за фолклор досега успешно се реализирани стотина такви проекти, но за жал, во последнава деценија оваа активност од страна на ресорното министерство е речиси целосно запоставена, па така, како незавршени поради отсуството на финансии се водат десетина научноистражувачки проекти. Од позначајните научноистражувачки проекти што ги има реализирано Институтот за фолклор би ги издвоиле некои од макропроектите со повеќе учесници, со кои се извршени комплексни фолклористичко-етнолошки истражувања на некои предели и региони во државава: Велешко, Струмичко-радовишкиот регион, Кривопаланечко, Кратовско, Кумановско и Охридско-струшкиот регион.

Во оваа пригода, при одбележувањето на јубилејот 70 години од основањето, како еден од поважните успеси би го идвоиле излегувањето од пе-

чат на првиот број на специјализираното списание за фолклор во државава „Македонски фолклор“ во 1968 год. Иако, до пред појавата на ова списание Институтот за фолклор имал издадено и други публикации, сепак појавата на списанието „Македонски фолклор“ ширум ги отворило вратите за публикувањето на стручни статии и истражувачки материјали на вработениот научен и стручен кадар во Институтот, како и за поширока афирмација на македонскиот фолклор и на традиционалната култура на македонскиот народ воопшто. Досега од печат се излезени вкупно 77 броеви на списанието.

Друг мошне важен момент во историскиот развој на Институтот претставува и воспоставувањето на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор којшто првично се одржуваше во Охрид, совпаѓајќи се со одржувањето на Меѓународниот фестивал на балкански фолклор, кој пак секоја година вообичаено се одржува во првата половина на јули. Првиот Меѓународен научен симпозиум за балкански фолклор е одржан на 7 и 8 јули 1969 год., а интенцијата била овој меѓународен научен собир да прерасне во традиционален симпозиум што ќе се одржува секоја втора година, т.е. биенално во периодот на одржувањето на споменатиот фестивал на балканскиот фолклор. Последниот Меѓународен симпозиум за балкански фолклор што се одржа во Охрид во хотелот „Палас“, каде што традиционално се организираше овој научен собир, беше XIV Меѓународен симпозиум за балкански фолклор одржан во 2000 год. За жал, понатаму традицијата на одржувањето на овој симпозиум во терминот на одржувањето и на Меѓународниот фестивал на балкански фолклор беше напуштена, иако се настојуваше симпозиумот и понатаму да се одржува во некој од хотелите на брегот од Охридското Езеро. Така, наредните три симпозиуми беа одржани: XV во 2004 год. (хотел „Бисер“ кај Струга), XVI во 2006 год. (хотел „Десарет“ во Пештани, Охрид) и XVII во 2008 год. (Конгресен центар на УКИМ во Охрид). Потоа, заради нефинансирање од страна на ресорното Министерство за образование и наука настана седумгодишна пауза во одржувањето на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, за повторно да се одржува под истото име, но овој пат, заради енормно намалените финансиски средства, овој мошне реномиран и респектиран меѓународен научен собир продолжи да се одржува во Скопје. Во новите услови се одржани три такви научни собири: XVIII во 2015, XIX во 2017 и XX во 2019 година, сите во хотелот „Континентал“.

Дејноста на ЈНУ Институт за фолклор е сообразена и со Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ 20/04) и се одвива во согласност со препораките на светската организација за образование, наука и култура – УНЕСКО, инкорпорирани во овој закон. Со споменатиот закон, како и со Решението за определување овластен субјект за заштита на фолклорните добра (бр. 30-1620/2 од 11.03.2005 год.), издадено од тогашниот министер за култура, на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ му се овозможува да изготвува елаборати за заштита на нематеријални

културни добра, со што всушност се стекна и со статусот на овластен субјект за валоризација на нематеријалното културно наследство за потребите на Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура. Така, во изминативе 15 години, научниот кадар во Институтот за фолклор како експерти за валоризација на нематеријални културни добра имаат изработено над 60-тина елаборати за валоризација и ревалоризација на разни културни добра од областа на нематеријалната култура. Елаборатите за валоризација на нематеријалните културни добра понатаму се процесуираат до споменатата Управа за заштита на културното наследство, а по позитивните рецензии тие се проследуваат до Националниот совет при Министерството за култура, кој пак дава препорака до Владата за поставување на најквалитетните културни добра на националната листа на културно наследство. Од десетиците нематеријални културни добра што се наоѓаат на овој список најголем број се впишани благодарение на елаборатите изготвени од страна на експертите вработени во Институтот за фолклор. Оваа институтција, исто така може да се пофали дека сите пет нематеријални добра од Република Македонија што се впишани во списокот на нематеријалното културно наследство на човештвото што го изготвува светската организација за образование, наука и култура – УНЕСКО, се изготвени токму од научниот кадар во Институтот за фолклор, а понатамошната апликација до оваа светска организација ја изготвува стручен кадар од Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура. Имено, станува збор за следниве пет нематеријални културни добра од нашава држава што се наоѓаат на листите на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото: 1. „Чет'рсе – празнувањето на Св. 40 маченици во Штип“ (2013 год.); 2. „Копачката – машко соборно оро од с. Драмче, Пијанец (Делчевско)“ (2014 год.) – и двете на репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на човештвото; 3. „Гласоечко – машко двогласно пеење од Долни Полог (Тетовско)“ (2015 год.) е впишано на списокот на нематеријалното културно наследство на човештвото за ургентна заштита. На репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на УНЕСКО од 2017 год. се наоѓаат уште две културни добра кои се номинирани од Република Македонија, заедно со уште неколку држави, и тоа: 4. „Мартинки – културни практики поврзани со 1-ви март“, кое е номинирано заедно со Романија, Молдавија и Бугарија, и 5. „Х'д'рлез – пролетно прославување“, кое е номинирано заедно со Турција.

Како мошне значаен момент во развојот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ претставува и стекнувањето со можноста за организирање на студии од втор и трет циклус студии, односно овозможувањето на оваа реномирана институција од областа на истражувањето на традиционалната култура да едуцира специјализирани кадри од областа на фолклористиката. Започнувајќи од академската 2008/09 година, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, освен за примарната научноистражувачка деј-

ност е регистриран и за вршење на активности од доменот на високообразовната дејност. Институтот се јавува како организатор на студии од втор циклус (последипломски, магистерски студии), така што, по успешното завршување на овие студии студентите се стекнуваат со научната титула магистер по фолклористика. Според тогашните законски регулативи што овозможуваа стекнување на научната титула доктор на науки, од истата академска година по успешно одбранетата докторска дисертација на Институтот за фолклор се овозможи и стекнување со научната титула доктор по фолклористика. Од академската 2018/19 год. Институтот за фолклор организира и студии од трет циклус (докторски студии) по фолклористика. Институтот има и статус на придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а со свој претставник е застапен и во Сенатот на оваа реномирана високообразовна институција.

Меѓународната соработка со разни научни и високообразовни институции од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и останатите сродни науки и научни дисциплини се остварува со презентирање и публикување на стручно-научни публикации во странски списанија, како и организирање на заеднички научни собири. Научно-истражувачкиот кадар во Институтот, до сега има реализирано неколку значајни заеднички компаративни меѓународни проекти, финализирани со објавувањето на добиените сознанија од овие истражувања во соодветни монографски трудови, зборници на трудови и списанија. Од особено значење за остварувањето на меѓународната соработка претставува и одржувањето на споменатиот меѓународен симпозиум за балкански фолклор.

ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" во актуелниов момент има склучено важечки договори за соработка со следниве научни установи во странство:

1. Институт за славистика при Универзитетот „Адам Мицкјевич" во Познањ, Полска;
2. Институтот за историја на уметноста, фолклористика и етнологија „М. Т. Рилски" од Киев, Украина;
3. Институт за етнологија и фолклористика со етнографски музеј при Бугарската Академија на Науките во Софија, Бугарија;
4. Институт за славистика при Руската Академија на Науките во Москва, Русија;
5. Етнографскиот Институт при Српската Академија на Науките и Уметностите во Белград, Србија;
6. Институт за етнологија и фолклористика во Загреб, Хрватска.

Во своето седумдецениско работење Институтот за фолклор успеа да создаде и солиден фонд на архивски материјали, најбогат во државава од областа на истражувањето на традиционалната култура. Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" располага со мошне богата архивска граѓа со фолклорна и етнолошка содржина. Архивскиот аудио-мате-

ријал е снимен на над 4.000 магнетофонски ленти и касети, сместени во соодветни дрвени кутии, кои пак се чуваат во специјални метални плакари. За секоја снимена аудио-лента постои и соодветна содржинска листа, а во најголем дел материјалот од овие аудио-ленти е и дешифриран, т.е. е преточен во текст отчукан на машина за пишување.[2] Аудио-материјалот со музички фолклор, покрај тоа што е дешифриран, во добар дел е и мелографиран, односно за вокалните, вокално-инструменталните и инструменталните изведби постои и нотен запис. Фонотечните материјали на Архивот на Институтот за фолклор се заштитени и со законска регулатива (ex-lege). Скромниот фонд на видео-материјали од 60-тина видео-ленти се чува на видео-записи, кој во поголем дел за жал е без звучен запис, односно припаѓа на т.н. „неми филмови". Овие видеозаписи воглавно се со етнокореолошки материјали, односно е со снимен материјал со изведба на народни ора, а делумно се и со етнолошки материјал, односно со извршување на одредени обреди. Во последниве години, следејќи ги современите технолошки процеси, во институтскиот архив е отворен и фонд со материјали снимени на компакт-дискови, односно е формирана и цедетека.



Дел од фонотечниот архив на Институтот за фолклор

[2] Овде треба да се нагласи дека добар дел од архивскиот материјал со дешифрирани текстови се должи и на надворешните соработници на Институтот за фолклор, кои воглавно биле наставници, што ги ангажирал тогашниот директор д-р Блаже Ристовски. Имено, во периодот на неговото директорување (1966-75) била организирана мошне разгранета мрежа на собирачи на фолклорни и етнографски материјали ширум државава. Архивскиот фонотечен фонд на Институтот ќе беше многу посиромашен доколку не беа снимените магнетофонски ленти и дешифраниот материјал во нив, на соработниците на Институтот, како што се: Иван Котев од Струмица, Димитар Узунски од Делчево, Петко Домазетовски од Струга, Милан Ристески од Прилеп, Илија Китановски од Кратово, Пане Емшов од Неготино, Иван Бошначки од Берово, Михајло Андревски од Крушево, како и други, повеќе или помалку познати собирачи и публикувачи на македонскиот фолклор и на фолклорот на другите народи во државава.

Архивот на Институтот располага и со богата фототека со илјадници фотографии, слајдови и развиени филмови со разни снимки од доменот на традиционалната култура кои го одразуваат секојдневниот, но и празничниот живот. На фотографиите, покрај мотиви од традиционалната архитектура и народните носии, можат да се забележат и моменти на изведување на некаков обред или пак на некаква општоселска прослава. Во архивот на Институтот се чуваат и неколку стотици цртежи во боја, направени на милиметарска хартија, на коишто најпрецизно се доловени мотивите од разните везови, како и од останатите апликации на традиционалната текстилна орнаментика. Во депото на Институтот за фолклор, покрај споменативе артефакти од архивската граѓа, се чуваат и делови од традиционалните народни носии (кошули, саи, елеци, ракави, чорапи, марами, сокаи и др.), на кои можат да се забележат и мошне успешни везбени декорации, но и останатите техники на изработката на народните носии (ткаеници, плетила и сл.). Исто така, депото располага и со мошне интересна збирка на макети на обредни лебови изработени од гипс, а има извесен фонд и на предмети изработени од мајсторите-занаетчии кои изработувале предмети и со висок уметнички дострел, како што се некои изработки на копаничарите, кујунџиите, грнчарите итн. Институтот располага и со извесен фонд на народни музички инструменти кои ги красат витрините сместени во подрумскиот дел. Разните кавали, шупелки, зурли, гајди, ќемениња, тамбури, сазови, канони и другите музички инструменти сместени во витрините на институтот го привлекуваат вниманието не само на етноорганолозите (истражувачите на народните музички инструменти), туку и на останатите посетители на депото на Институтот.

Благодарение на проектот финансиран од Министерството за култура на Република Македонија за идентификација и дигитализацијата на архивскиот фонд на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, се очекува добар дел од архивскиот материјал со кој располага Институтот во вид на каталог да биде достапен до научната и пошироката јавност, ако не во целост, тогаш барем содржинските листови со архивскиот материјал, дел од дешифрираниот и мелографираниот материјал, како и материјали од фототеката, аудиотеката (звучните записи) и кинотеката (видеоматеријалите).

Исто така, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ може да се пофали и со богатиот фонд на стручно-научна литература што се наоѓа во институтската библиотека. Околу 30.000 библиотечни единици (монографски трудови, зборници, списанија и сл.), во најголем дел со фолклористичка, етнолошка и етмомузиколошка содржина се на располагање на научниот кадар во Институтот. Услугите на библиотеката, впрочем како и услугите на архивот на Институтот за фолклор ги користат и истражувачите од сродните научни и високо-образовни институции, како и студентите и учениците кои ја изучуваат традиционалната култура.

Во својот 70-годишен историјат ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ се има стекнато и со неколку награди, плакети, благодарници и слични признанија за своите успеси на полето на истржувањето и популаризацијата на традиционална култура на македонскиот народ и на останатите народи што живеат во државава. Сепак, од сите тие награди и признанија посебно место во витрините на Институтот има највисоката државна награда „Гоце Делчев“ што се доделува за особено значајни остварувања од интерес за Република Македонија во областа на науката. Оваа награда на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ му беше доделена во 2007 год. за книгата „Фолклорот во Охридско-струшкиот регион“, од група автори, научни работници во Институтот, а уредник е д-р Боне Величковски.



Дел од наградите, признанијата и благодарниците што ги красат витрините на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, меѓу нив и највисокото признание од областа на науката што се доделува во државата – Наградата „Гоце Делчев“.




Институтот за фолклор добитник на високата државна награда „Гоце Делчев“ за 2007 год.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПРОЕКТИ КАКО ОСНОВА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Во првите години од своето постоење Институтот за фолклор особено интензивно ја развивал собирачката дејност. Во почетоците од постоењето следејќи ги барањата на времето и интенцијата да се собира што повеќе материјал од теренот во програмите за работа постојано се балансирало меѓу собирањето и обработката на фолклорниот материјал од сите краишта на Македонија. Но уште тогаш вработените ја почуствувале потребата од повремено, а често и повеќегодишно запирање на одредени подрачја и региони, со што регионалните истражувања стануваат белег на Институтот кога станува збор за проектните активности. Со депонирањето на обемен фолклорен материјал во Архивот на Институтот, како и со кадровското зајакнување, било овозможено и планирањето на конкретни научоистражувачки проекти, во кои истражувачките зафати на Институтот и на неговите соработници не нудат само суров теренски материјал, туку и негова интерпретација. Теренските истражувања, како и можностите за истражувања во разните научни, образовни, архивски, музејски, библиотечни и други институции кои располагаат со разна граѓа од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и ним сродните науки, ги овозможуваат учествата во научноистражувачките проекти, кои се од особено значење за оформувањето на еден научен работник.

Според условите за работа и можностите на вработените во институтот во 1970 год. биле утврдени петгодишни и десетгодишни програми за работа, а при крајот на 1976 год. утврдена е и тригодишна програма. Така, во овој период активно се работи на седум проекти, во чии рамки имало поголем број на учесници. Може да се забележи дека проектите што се работеле во овој период ја даваат насоката на истражувањата и во наредниот период. Проектите кои го одбележуваат овој период се:

1. *Современата состојба на фолклорот во Титоввелешко и Титов Велес*;
2. *Истражувањето на жанровите на народното творештво од Македонија*;
3. *Истражување на народните обичаи, обреди и верувања од Македонија*;
4. *Проучување на вокалните и инструменталните мелодии и ора од Македонија*;
5. *Проучување на народната орнаментика*;
6. *Проучување и подготовка за презентирање на народното творештво од Македонија*;
7. *Изучување на интересите на руските научници од XIX век за македонското народно творештво*.

Определувајќи се за макро проекти кои од различни аспекти ќе истражат определен регион, истражувачите јасно го покажуваат својот интерес и насоченост кон детална и ситематска обработка на фолклорот во истражуваната област. Резултатите од овој прв од таков вид регионален проект насловен: *Современата состојба на фолклорот во Титоввелешко и Тивов Велес* се објавени во списанието „Македонски фолклор“. Освен регионалното истражување се појавува интересот и за истражување на фолклорот на иселениците, па така во рамките на проектот *Истражувањето на жанровите на народното творештво од Македонија* во периодот 1977-79 год. се работело на проучувањетона народното творештво на нашите сонародници во странство. Екипата од пет истражувачи во состав: Татјана Каличанин, Ѓорѓи Ѓорѓиев, Михајло Димовски, Александра Попвасилева и Лепосава Спировска, во рамките на овој проект остварила теренско истражување на фолклорот и етнологијата на македонските иселеници во САД и Канада, а како резултат на истражувањата објавени се повеќе монографски трудови.[3] Во наведените проекти може да се согледа и потребата од систематски пристап кон фолклорот и воспоставување на основните постулати на фолклористичката научна мисла што е евидентно во проектите кои се однесуваат на народните обичаи, обреди и верувања, на народната орнаментика, како и на вокалните и инструменталните мелодии и ора. Освен потребата од систематско проучување на фолклорот и поставување на основите на фолклористиката како наука, исто така, преку проектите се реализира и потребата од презентирање на народното творештво. Интересите на странските истражувачи за македонскиот фолклор ќе биде во фокусот на проектните активности, не само во овој период, туку и понатаму.

Според програмата за работа Институтот за фолколор во следните десет години, односно во ’80-тите години се реализираат проектите:

1. *Народното творештво во Македонија*:

– *Современата состојба во фолклорот на Радовишко-струмичкиот регион*;

– *Современата состојба во фолклорот на Кривопаланечкиот регион*;

– *Современата состојба во фолклорот на Кратовскиот регион*;

2. *Научна обработка и презентација на народното творештво*;

3. *Компаративно (заедничко) проучување на фолклорот*:

– *Споредбени истражувања на македонското село Јабланица и полските села Пјентки и Твароги*;

– *Фолклорот на иселениците од Македонија коишто живеат во Република Турција и фолклорот на Јуруците од СР Македонија*;

– *Фолклорот на Македонците иселеници во Романија и на Власите во СР Македонија*;

---

[3] Повеќе податоци за публикувањето на резултатите од научноистражувачките проекти да се види во поглавјето за издавачка дејност на институтот.

4. *Изучување на жанровите (родовите и формите) на народното творештво во СРМ.*

И во овој период се продолжува со регионалното истражување на фолклорот преку истражувањата вршени во Радовишко-струмичкиот регион (1980-84), како и преку истражувањата на Кривопаланечкиот (1986-88) и Кратовскиот регион (1989-91). Во рамките на проектот се обработува теренскитот нматеријал, со цел да се објават тематски зборници и монографии во кои ќе дојде до израраз богатството на народното творештво.

Благодарение, пак, на кадровската стабилизација во овој период заживуваат и проектите кои произлегуваат од меѓународните договори за соработка со сродни институции во странство. Во овој период се реализирани истражувања во кои до израз доаѓа компаратвивното заедничко проучување на фолклорот. Како резултат на потпишаниот договор за соработка со Катедрата за етнологија и културна антропологија при Универзитетот во Варшава (Uniwersytet Warszawski, Katedra Etnologii i Antropologii Kulturowej), во рамките на проектот насловен како: „Споредбена монографија на едно северно и едно јужно село на Словените“, компаративно се истражуваат македонското село Јабланица и полските села Пјентки и Твароги во периодот 1980-87 год. Во овој проект учествуваат голем број на учесници од сите оддели во Институтот, но и надворешни соработници, а од Институтот биле вклучени истражувачите: д-р Галаба Паликрушева, д-р Цветанка Органџиева, д-р Лазо Каровски, м-р Ѓорѓи Здравев, Танас Вражиновски, Лепосава Спировска и Ѓорѓи Ѓорѓиев.

Во рамките на комплексниот проект „Компаративно (заедничко) проучување на фолклорот“, благодарение на соработката на Институтот за фолклор со Националниот оддел за истражување на фолклорот при Министерството за култура и туризам на Турција (Milli Folklor Araştirma Dairesi) е извршено и споредбено истражување на фолклорот на иселениците од СР Македонија коишто живеат во Република Турција и на фолклорот на Јуруците од СР Македонија. Во овој проект во периодот 1984-1988 год. екипа составена од д-р Галаба Паликрушева, м-р Анета Светиева, Татјана Каличанин, Севим Пиличкова и Боривоје Џимревски престојува во Турција за да го истражува фолклорот на иселениците од СР Македонија. Во рамките на проектот за компаративното проучување на фолклорот во овој период се врши и истражувањето на фолклорот на македонските иселеници во Романија и на Власите во СР Македонија. Во овие истражувања, од страна на Институтот за фолклор се вклучени: м-р Александра Попвасилева, Блаже Петровски и Клеанти Ановска. Овде треба да се напомене дека од спомenатите истражувања во рамките на овие проекти се објавени повеќе индивидуални трудови, но и заедничка монографија во два тома, која е резултат на споредбените истражувања на македонското село Јабланица и на полските села Пјентки и Твароги. Воедно, овие истражувачки зафати ја одразуваат развиената маѓународна соработка која интензивно се

одвивала на различни рамништа во 80-тите години, меѓу другото и благодарение на организациските способности на директорот Паликрушева.

Во деведесеттите години се продолжува со трендот на регионалните истражувања и во тој контекст вработените во Институтот за фолклор го реализираат проектот: *Фолклорот во Куманово и Кумановско*, во периодот 1992-97 год., а како резултат на овој проект се објавува истоимениот зборник со материјалите од теренските истражувања во овој регион. По завршувањето на овој проект, исто така регионално, како и во предходните случаи ќе започне истражувањето на *Современата состојба на фолклорот во Охридско-струшкиот регион* (1998-2000). Како и во случајот со претходно споменатиот регионален проект е увидено дека тригодишниот период е недоволен за да се одговори на поставените цели и задачи и соодветно да се обработат сите аспекти на фолклорот во еден регион, па проектот продолжува до 2002 год. Освен работата на регионалните проекти на кои се ангажирани сите истражувачи вработени во Институтот, во овој период се интензивира и работата на индивидуалните проекти со помал број истражувачи. Темите на овие проекти се однесуваат на најразлични проблематики од областа на истражувањето на традиционалната култура, како што се на пример: структурата на жанровите и симболите во обредите, обичаите и архитектурата, потоа, фолклорот на Горaните, фолклорното наследство и материјалите за проучување на фолклорот во Македонија во Архивот на САНУ, па до истражувањето на градската култура, поточно на градската инструментална традиција. Освен споменатите два регионални макро проекти во периодот 1991-2000 се работени и следните проекти:

1. *Извори за проучување на фолклорот во домашната и странска провиниенција;*
2. *Континуитет и промени на фолклорот во Македонија;*
3. *Споредбено истражување на фолклорот во Македонија;*
4. *Фолклорот и етносот на Македонците надвор од границите на Република Макакедонија;*
5. *Прозниот фолклор од крајот на '60-те до крајот на '80-те години на нашиот (XX) век*;
6. *Македонско фолклорно наследство*;
7. *Извори и материјали за проучување на фолклорот во Македонија од домашна и странска провиниенција*;
8. *Македонски фолклорни материјали од Архивот на САНУ*;
9. *Еротските елементи во народното творештво во Република Македонија*;
10. *Градска инструментална традиција во Македонија*;
11. *Структурата на симболите во обичаите, обредите, архитектурата и текстилот*;
12. *Македонски фолклорни материјали од минатото*;
13. *Народната песна на Муслиманите од Гора*;

14. *Прозното народно творештво во Република Македонија*.

По завршувањето на проектите во голем дел се објавени индивидуални монографски дела кои остануваат како сведоштво за истражувачките методи на работа и преокупации на вработените во Институтот.

Во периодот 2000-09 продолжува пороектот започнат во претходниот период *Современата состојба на фолклорот во Охридско-струшкиот регион* (2001-03), чиј резултат претствува зборникот од трудови на истражувачите учесници во проектот. Регионалните истражувања во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" се присутни во текот на подолг временски период, при што се вршени плански теренски истражувања во одделни региони во Република Македонија. Овие теренски истражувања, преку собирање на различни варијанти од одредени фолклорни жанрови и со методот на компаративна анализа, даваат важни податоци за проучувањата на регионалните карактеристики на одредени фолклорни појави. Истражувањето на еден ареал открива посебна структура која ги одразува динамичките процеси на нивните трансформации во различните делови на дадената територија. Во овој период, исто така, продолжува и проектот кој се однесува на градската инструментална музичка традиција (2001-03), навестувајќи го трендот кој е евидентен во свртувањето кон посовремените теми и пристапи во обработка на фолклорниот материјал. Интересот на вработените во Институтот за фолклор се свртува кон: урбаниот фолклор, интеркултуралноста на фолклорот, комуникацијата во сферата на социјалната и духовната култура, новата фолклорна методологија, структурата на симболите во архитектурата, текстилот и применетата народна уметност, транзицијата и секојдневието и местото на фолклорното наследство во транзиционите процеси. Но, секако не престанува интересот кон одредените жанрови, особено кон прозата преку истражувањето на различните аспекти на прозното творештво. Преку проектите и во овој период останува постојаниот интерес за фолклорното наследство во архивите во странство. Во овој период се реализирани најголем број проекти во еден десетгодишен период што ја покажува раздвиженоста на научната мисла, отвореноста кон новите фолклористички методи на работа и кон нови идеи за посеопфатно и пошироко разбирање на фолклорот и можностите за негово истражување. Шеснаесте проекти работени во периодот 2000-09 се:

1. *Вербална и невербална комуникација во сферата на социјалната и духовната култура во обичаите и верувањата*;
2. *Типологизација на македонските народни приказни*;
3. *Фолклорна и етнолошка граѓа од Македонија во архивите и научните институти во странство*;
4. *Естетиката на епско-лирските творби во народното творештво од Република Македонија*;
5. *Структурата на симболите во архитектурата, текстилот и применетата народна уметност*;

6. *Интерферентни односи меѓу народното творештво и обичајната традиција*;

7. *Фолклористички истражувања во интеркултурален контекст*;

8. *Извори и граѓа за проучување на материјалната култура во Македонија*;

9. *Нова фолклорна методологија*;

10. *Фолклорното наследство и транзиционите процеси*;

11. *Симболиката во содржините на кодираната интерпретација (од народни верувања до прозна нарација)*;

12. *Традицијата и секојдневието*;

13. *Традиции – идеологии – консеквенции: Аспекти на материјалната култура во Македонија*;

14. *Урбан фолклор*;

15. *Поетиката во прозното народно творештво*;

16. *Жива фолклорна традиција*.

Во последниве 10-тина години ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ се јавува како носител на 11 научноистражувачки проекти, но за жал, во последниве 7-8 години финансирањето на научноистражувачката дејност од страна на надлежното Министерство за образование и наука е сведена на минимум. Еве го прегледот на научноистражувачките проекти ф-нансирани од МОН, кои сé уште не се финализирани, односно не се финансиски доисплатени, од 2009 и 2010 година:

1. *Антропоморфните елементи во македонската народна орнаментика и прозен фолклор*;

2. *Фолклорни наративни теории и современи пракси*;

3. *Фолклорно наследство: истражување и дигитализација*;

4. *Помеѓу традицијата и современоста: етнолошко-фолклористичко истражување на народната култура*;

5. *Митолошките елементи во народното творештво*;

6. *Традиционална нарација во современи социокултурни интеракции*;

7. *Промените во календарската обредност по општествено-политичките настани од ’90-тите години на XX век*;

8. *Споредбени фолклористички истражувања*;

9. *Улогата на жената во обредите*;

10. *Истражување на современата состојба на ромскиот фолклор во Р. Македонија*;

11. *Етнологија на традиционалниот празник*.

Освен работата на проектите кои биле финансирани преку ресорното Министерство за наука (до 2000 год.), односно Министерството за образование и наука (од 2000 год.), во последниот период во Институтот за фолклор се работат и проекти кои се финансирани од Министерството за култура. Овие проекти произлегуваат од активноста на Институтот за фол-

клор во врска со заштитата на нематеријалното културно наследство, но и со зашитита на архивскиот снимен материјал на магнетофонски ленти. Но, исто така се работат проекти со кои се врши дигитализирање на дел од цртежите што се чуваат во архивата на Институтот за фолклор. Дел од истражувачите во Институтот беа вклучени во проектот: *Фолклорот и народната култура на македонската горанска заедница во Македонија, Косово и Албанија,* финансиран од Министерството за култура, како проект од национален интерес за 2013 год., а кој се реализира и во соработка на Здружението на Македонците со исламска вероисповед.

Меѓународната соработка доаѓа до израз и во работата на проектите, па така, во периодот 2014-16 год. дел од вработените во Институтот за фолклор „Марко Цепенков", заедно со двајца колеги од Институтот за старословенска култура од Прилеп и неколкумина истражувачи од Институтот за етнологија и фолклористика со етнографски музеј од Софија, учествуваа во рамките на научноистражувачкиот проект *Современите проекции на културните традиции во соврмена перспектива: етнолошки, фолклористички, етномузиколошки аспекти*. Овој проект беше финансиран врз основа на соработката на МАНУ со БАН, а беше реализиран благодарение на Договорот за соработка на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" со Институтот за етнологија и фолклористика со етнографски музеј од Софија. Раководител на проектот од македонска страна беше академик Блаже Ристовски, а координатор д-р Танас Вражиновски. Во рамките на овој проект во септември 2016 год. се одржана и научна конференција на којашто беа изнесени и резултатите од проектот. Од трудовите што беа презентирани на овој научен собир произлезе зборникот од трудови *Проекции на културните традиции Бугарија – Македонија*, објавен во Софија 2017 год.

Според увидот во материјалот што се однесува на проектите работени во Институтот за фолклор ќе видиме дека во нив општествениот контекст, културниот став, интересот на заедницата, но и на единката, се варијабили кои предизвикуваат разлики во структурата на научниот пристап кон собраниот теренски материјал и неговата обработка во крајниот производ одразен во форма на заеднички зборник, но и индивидуална монографија. На тој начин преку истражувачките зафати и собраниот материјал од теренските истражувања во рамките на посочените проекти наследството продолжува да живее во иднината, и се пренесува на наследниците. Фолклористите развиле интерпретативни пристапи, како помош за разбирање на фолклорните текстови, така и за презентација на своите идеи на другите. Постојат многу теоретски и аналитички рамки во проучувањето на фолклорот, а интерпретативните пристапи може да се проучуваат во согласност со нашите тековни истражувања на фолклористиката. Несомнено секоја нова генерација внесува нови погледи, методологии, пристапи во истражувањето на традицијата, која од своја страна содржи богатство

од форми и изразни средства кои за фолклористите се постојана провокација за истражување.



Од теренските истражувања во Струмичко: надворешниот соработник Иван Котев со Александра Попвасилева и Михаило Димоски



Ѓорѓи Ѓорѓиев (клекнат до магнетофонот) на теренско истражување во Струмичко



Од снимањето на записи со фолклорен материјал на нашите иселеници во Канада. Татјана Каличанин, учесник во проектот, со две информаторки од Торонто.



Учесниците од Институтот за фолклор во билатералниот научноистражувачки проект со Турција: Севим Пиличкова, д-р Галаба Паликрушева, м-р Анета Светиева, Боривоје Џимревски и Татјана Каличанин со колегите од Турција

## МЕЃУНАРОДНИОТ СИМПОЗИУМ ЗА БАЛКАНСКИ ФОЛКЛОР И ДРУГИ НАУЧНИ СОБИРИ

Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор претствува белег на Институтот за фолклор и несомнено претставува силен влог во развојот на фолклористиката како наука. Во својот говор по повод 40-годишнината од работата на Институтот, тогашниот в.д. директор д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев ќе забележи дека: „Меѓу најсветлите точки во целокупната 40-годишна работа без сомнение спаѓа организирањето на меѓународниот симпозиум за балкански фолклор...“ (Ѓорѓиев 1990: 8). Сепак, првиот симпозиум што бил во организација на Институтот за фолклор, бил симпозиумот што се организирал во 1968 год., во рамките на манифестацијата „Десет дена Крушевска Република“, по повод 65-годишнината од Илинденското востание. Темата на симпозиумот била: „Македонскиот револуционерен фолклор од епохата на Илинден“. На овој симпозиум, покрај вработените во Институтот, учество земале и други значајни фолклористи од Македонија. Организацискиот одбор го сочинувале: академик Васил Иљоски, проф. д-р Кирил Пенушлиски, д-р Блаже Ристовски и д-р Кирил Ќамилов.

По првичниот успешно оранизиран симпозиум чии резултати биле објавени во првиот број на списанието „Македонски фолклор“, веќе следната година се започнува со организирање на првиот Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, одржан во Охрид на 7 и на 8 јули 1969 год. Првиот симпозиум не бил тематски насочен, а на него учествувале покрај истражувачите од Македонија и научници фолклористи и слависти од тогашна СФРЈ, како и од странство. Во уводното излагање претседателот на организациониот одбор д-р Блаже Ристовски, истакнува: „Симпозиумот има за цел да ги собере научните работници што се занимаваат со проучување на фолклорот од балканските и прибалканските земји и народи за еден отворен, исцрпен и строго научен разговор. Зашто духовната култура на овие народи навистина претствува сплет од многубројни заемни влијанија, вкрстувања и прелевања, но чува и достатно самобитности карактеристични за секое подрачје, коишто ги создавале историјата и народниот дух (Ристовски 1969: 4).

Одржувањето на вториот симпозиум во 1971 год. го фиксира местото и времето на одржување (Охрид, 7 и 8 јули) како препознатлив белег и како настан што кореспондира со Балканскиот фестивал на народни песни и игри што во истиот период се одржува во Охрид. Со овој симпозиум започнува праксата фолклористичките истражувања да се презентираат по тематски области, па така, за оваа прилика се одредени четири теми: 1. „Симболиката во народното творештво на балканските народи“, 2. „Свадбените обреди и песни кај балканските народи“, 3. „Ритмиката во народната музика на народите на Балканот“, и 4. „Класификацијата на народните ора од балканското подрачје“. Како и на предходниот симпозиум и на овој, а впрочем и во наредните четири, заклучно со шестиот симпозиум

одржан во 1979 год., претседател на организацискиот одбор бил д-р Блаже Ристовски.

Третиот симпозиум во 1973 год. е одржан на препознатливата локација и во традиционалниот период (7 и 8 јули) добива на масовност и меѓународна верификација, со тоа што од вкупниот број на 88 учесници, 52 биле од странство, а 24 домашни, што зборува како за степенот на развојот на фолклористичката наука, а исто така и за интересот на темите кои биле предложени на овој симпозиум: 1. „Пролетните обичаи, песни и игри кај балканските народи“, 2. „Билингвизмот во прозното народно творештво“, 3. „Проблеми на терминологијата и класификацијата на кратките жанрови“, 4. „Дувачките музички инструменти со двојно јазиче (тип обоа) на Балканот“, 5. „Позицијата и улогата на жената при изведбата на народните ора“, 6. „Цвеќињата во народната орнаментика на балканските народи“.

Четвртиот меѓународен симпозиум за балкански фолклор во 1975 год. тематски ги обработува: 1. „Зимските обичаи, песни и игри кај балканските народи“, 2. „Современите методи и средства при собирање на фолклорот“, 3. „Византиската музика и фолклорот на балканските народи“. Како што ќе забележи претстедателот на организацискиот одбор, д-р Блаже Ристовски, на отворањето на четвртиот Меѓународен симпозиум за балкански фолклор: „Бројот на реферати и на земјите и имињата на учесниците на нашиот собир несомнено го потврдуваат постојаниот раст на угледот, местото и улогата на овој симпозиум во научниот свет, а објавувањето на материјалите во списанието „Македонски фолклор“ го афирмира не само Институтот за фолклор во Скопје како центар на балканските фолклористички истражувања, туку и самата култура на народите од овој балкански простор, како сериозен елемент во заедничките напори за добро разбирање мир и напредок на овој дел од Европа“ ([Ристовски], 1975, 4). На симпозиумот учество земале 92 научници, од кои 32, биле од Македонија, а 53 од останатите југословенски републики и од странство.

Петтиот симпозиум е одржан во 1977 год. во Охрид, исто како и претходните се одржал на 7 и 8 јули, со стотина учесници, од кои 54 доаѓаат од странство, а исто така учество земале и 47 учесници од тогашна Југославија. Тематски овој симпозиум бил посветен на: 1. „Летните обичаи, песни и игри кај балканските народи“, 2. „Старобалканските елементи во орнаментиката на современите балкански народи“, 3. „Хуморот во фолклорот на балканските народи“ и 4. „Византиската музика и фолклорот на балканските народи“. Врз основа на тематската ориентација може да се каже дека во текот на овој и претходните симпозиуми на балкански фолклор Институтот за фолклор направи значаен прилог во фонот на науката воопшто и особено фолклористиката и балканистиката, во што несомнена е заслугата на членовите на ОО и неговиот председател д-р Блаже Ристовски.

Со шестиот меѓународен симпозиум за балкански фолклор во 1979 год. одржан во Охрид на 7 и 8 јули, се означува првото десетлетие на организирање на научни средби од овој вид. Веќе станува збор за афирмиран

научен собир на кој се собираат најпознатите истражувачи на народното творештво. Преку симпозиумот на научната јавност ѝ се нудат тематски разновидни и научно фундирани материјали кои нудат широка комуиникација на фолклористичката, етнолошката и славистичката наука. Темите на овој симпозуим се: 1. „Есенските обичаи, песни и игри кај балканските народи“, 2. „Поетиката на народното поетско творештво“, 3. „Старобалканските елементи во орнаментиката на современите балкански народи“, 4. „Современата состојба на прозното народно творештво“ и 5. „Византиската музика и фолклорот на балканските народи“, биле провокација за 80-тина научници од земјава и од странство да земат учество со свои реферати. Самиот симпозиум освен во знакот на своето 10-годишно постоење бил и во знакот на 150-годишнината од раѓањето на Марко Цепенков. Одбележувањето на овие значајни датуми го заокружува и ангажманот на д-р Блаже Ристовски како претстедател на организациониот одбор.

Седмиот симпозиум е оддржан на 7 и 8 јули 1981 год., а на него учество земале 130 научни работници. Растот на симпозиумот се потврдува со учество на низа на значајни имиња од областа на фолклористиката, кои зборувале на темите: 1. „Семејните обреди (обичаи), игри и песни на балканските народи“, 2. „Односот текст – мелодија во народните песни на балканските народи“ и 3. „Ориенталните елементи во фолклорот на балканските народи“. Претстедател на организациониот одбор на овој симпозиум е тогашниот директор на институтот, д-р Галаба Паликрушева.

Осмиот Меѓународен симпозиум за балкански фолклор е одржан на 7 и 8 јули 1983 год. Првата тема на симпозиумот: 1. „Историската балада во фолклорот на балканските народи“, претствува на некој начин вклучување на Институтот во одбележувањето на 80-годишнината од Илинденското востание, додека со останатите теми се разгледуваат различните аспетки на народното творештво, како што се: 2. „Болестите во народното творештво, обичаите и игрите на балканските народи“, 3. „Непогодите во творештвото, обичаите и елементарните непогоди во игрите на балканските народи“, 4. „Современата состојба на народното ликовно творештво на балканските народи“, 5. „Ориенталните влијанија врз народната музика на балканските народи“. На симопозиумот учество земале 105 учесници од 13 земји. Претседател на ограницазиониот одбор на симпозиумот е д-р Галаба Паликрушева.

Деветтиот собир на фолколористите од Балканот е одржан на 7 и 8 јули 1985 год. во Охрид, со следните теми: 1. „Методологијата на фолклористичките и етнолошките проучувања на балканските народи“, 2. „Фолклорните елемнти во духовната музика на балканските народи“ и 3. „Заедничкото и специфичното во реалистичките приказни (во новелите и анегдотите) на балканските народи“. И овој пат Меѓународниот симпозиум овозможи корисни контакти за соработка и договори помеѓу Институтот и научниците од странство, претствници на разни фолклористички, етнолошки и славистички институции. Институтот за фолклор направи мно-

гу во фондот на науката воопшто и фолклористиката и балканистиката посебно да се вбројат и значајни прилози, со кои се помага во подобро заемно запознавање на народите и културите, а со тоа и нивно подобро разбирање и поуспешно добрососедство и соработка. Председател и на овој Организациски одбор е д-р Галаба Паликрушева.

Десеттиот симпозиум во своето јубилејно издание се одржува традиционално во Охрид на 7 и 8 јули во 1988 год. и ги обработува следните теми: 1. „Системот на жанровите во народното творештво кај балканските народи", како пленарна тема. Освен пленарната тема на овој симпозиум биле презентирани реферати на темите кои се однесуваат на: 2. „Пролетните обредни групни женски песни и игри кај балканските народи", 3. „Одразот на социјалните односи во народното ликовно творештво кај балканските народи", 4. „Вражањето и баењето кај балканските народи", 5. „Ориенталните влијанија во музичкиот фолклор на балканските народи"[4].

Во 1991 год. се организира XI Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, а организацијата на симпозиумот му е доверена на организациски одбор со кој претседавал директорот д-р Благој Стоичовски. На овој симпозиум со свои реферати настапија 74 учесници од земјава и од странство. Со цел да се добијат позаокружени истражувања на одделни помалку проучувани проблеми на балканската фолклористика, а притоа да бидат застапени различни области на фолклорот се определени следните теми за научна дискусија: 1. „Меѓусебните односи на руралното и урбаното во фолклорот на балканските народи" (пленарна), 2. „Религиозните мотиви на фолклорот на балканските народи", 3. „Обичаи и обреди поврзани со раѓањето на детето" и 4. „Геометријата во народното ликовно творештво".

Дванаесетттиот симпозиум за балкански фолклор се одржува 1994 год. во традиционалното време (7 и 8 јули) во Охрид, продолжувајќи од 1988 год. да се одржува на три години, наместо на две, како што беше во првите години на неговото постоење. На симпозиумот учествувле 140 учесници од Македонија, како и од странство. Благодарение на овие научни средби биле воспоставени бројни контакти меѓу вработените во Институтот и голем број на странски институции и поединци кои работат на полето на фолклорот, етнологијата, етномузикологијата и другите сродни дисциплини. Како рамковни теми на овој симпозиум се определени темите: 1. „Митот и фолклорот кај балканските народи", 2. „Фолклор и фолклоризам", 3. „Култот на мртвите во обичаите и обредите кај балканските народи", 4. „Орнаментирањето во ликовното народно творештво". Со организациският одбор претседавал д-р Благој Стоичовски.

---

[4] За IX и X Меѓународен симпозиум за балкански фолклор што се одржале во 1985 и 1988 год. нема публикувано поздравен говор на претседателот на Организацискиот одбор во институтското списание „Македонски фолклор", како што тоа било вообичаено за претходните симпозиуми, па за Претседателот на овие ОО дознаваме посредно од публикуваните материјали од личната архива на д-р Галаба Паликрушева, која претседавала и со десеттиот симпозиум (Назим 2016: 233).

Тринесеттиот симпозиум се одржува 1997 год., тадиционално во Охрид на 7 и 8 јули, а на него се презентирани текстови на тема: „Верувањата во фолклорот на балканските народи“. Учество земаат голем број на фолклористи од земјата и од странство, а претседател на организацискиот одбор за овој симпозиумот е д-р Александра Поповасилева.

Четиринаесетата средба на фолклористите од Балканот во организација на Институтот за фолклор во 2000 год. е последниот симпозиум што своето одржување го има по препознатливиот термин 7 и 8 јули, во хотелот „Палас“ во Охрид, каде што се одржале сите предходни симпозиуми. Темата на овој симпозиум е „Фолклорот на премин – меморија и перспективи“, означувајќи го почетокот на една нова ера како во организацијата на сипозиумот, така и во одбирот на темите и фолкористичките истражувања што се презентираат на симпозиумот. Очигледна е тенденцијата околу една општа тема да се собираат фолклористи од различни земји и од различни области, со цел, разменување на научните достерли во своите области. Претседател на организацискиот одбор е д-р Трпко Бицевски.

Петнаесеттиот меѓународен симпозиум за балкански фолкор се одржува по четири години на 28 и 29 октомври 2004 год. во хотелот „Бисер“ кај Струга. Темата на овој собир е „Фолклорот и современите општествени процеси“, а учество земале голем број истражувачи од земјава и од странство кои се занимаваат со фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и другите сродни науки. Се продолжува традицијата на научни дебати по прашања кои се однесуваат на фолклорот и современите општествени процеси, како одраз на поместувањата кои се случуваат, како во оп-штетсвото така и во научната мисла. Претседател на организацискиот одбор е д-р Севим Пиличкова.

Шеснаесеттиот меѓународен симпозиум за балкански фолклор се одржа на 18 и 19 октомври 2006 год. во хотелот „Десарет“ во Пештани кај Охрид, но овој пат повторно навраќајќи се на традицијата за биеналното одржување. И овој пат организацискиот одбор, чиј претедател е д-р Севим Пиличкова, се определува за една тема околу која би се обединиле истражувачките зафати на научниците од различните области. Овој пат темата на симпозиумот е „Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот“. Тема која ќе отвори голем број научни пристапи кон споредбените истражувања на балканските култури, богата дискусија и теми на понатамошни истражувања.

Со седумнаесеттиот симпозиум одржан во Конгресниот центар на УКИМ во Охрид во 2008 год., Институтот за фолклор се вклучува во одбележувањето на годината на македонскиот јазик, па за таа цел, една од темите на симпозиумот е: „Македонскиот јазик на иселениците од Македонија во европските и прекуокеанските земји“, а втората тема ја продолжува претходната насока на истражување, давајќи широка рамка за презентирање на заедничките елементи во фолклорот преку темата: „Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот“. Стотината учесници на

овој симпозиум ја потврдуваат големата заинтересираност на научниците кон темите, раздвиженоста и зголемената меѓународна соработка на Институтот за фолклор. Овој симпозиум е последниот кој се одржал на брегот на Охридското Езеро, а со Организациските одбор на симпозиумот раководи д-р Севим Пиличкова.

По пауза од седум години Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор се обновува и за прв пат се одржува во Скопје, на 20 и 21 ноември 2015 год. во хотелот „Континентал“. Во оваа нова концепција се определува една тема која ќе биде провокација за истражувачите од Балканот, како и истражувачите кои се занимаваат со истражување на балканската култура од различните страни на Европа. Темата на овој симпозиум е „Теорија и емпирија: Институционализирана фолклористика и етнологија во Македонија и на Балканот“. Овој симпозиум бил организиран во знакот на 65-годишнината од основањето на Институтот за фолклор и институционализацијата на фолклористичките истражувања во Македонија. Покрај долгата пауза, сепак интересот за учество на симпозиумот, меѓусебните контакти и соработка се покажуваат како постојано пристуни и преку сосема задоволителната бројка од педесетина учесници со свои реферати, кои подоцна беа објавени во списанието „Македонски фолклор“. Претседател на организациониот одбор на симпозиумот е д-р Зоранчо Малинов.

Следниот деветнаести Меѓународен симпозиум за балкански фолклор се одржа исто во Скопје на 24 и 25 ноември 2017 год., со што повторно се востановува биеналното одржување. На овој симпозиум била одредена темата која се фокусира на релациите меѓу минатото и сегашноста и нивните меѓусебни релации, со наслов „Традиција и современост во фолклорот на балканските народи“. На овој собир учество земале седумдесетина истражувачи од Македонија, Балканот и Европа. На симпозиумот беа присутни и претстваавниците на сродните институти од Србија, Бугарија и Русија со кои се разговараше за успешната соработка и се разменија идеи за понатамошни соработки. Претседател на организацискиот одбор е д-р Катерина Петровска-Кузманова.

Јубилејниот дваесетти Меѓународен симпозиум за балкански фолклор се одржа исто во Скопје на 22 и 23 ноември 2019 год., со тема: „Фолклористика: предизвици и перспективи“. На овој собир на фолклористите се дискутираше за перспективите и предизвиците со кои се соочуваат научниците кои се занимаваат со истражувањата на фолклорот, се разменија мислења и искуства од различните средини и се согледаа дострелите на фолклористиката, етнологијата и етномузикологијата денес. На собирот свое учество земаа 70-тина учесници од Македонија, како и од странство. Претседател на организацискиот одбор е д-р Родна Величковска.

Проследувајќи го педесетгодишното организирање на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор со учество на најповиканите специјалисти – истражувачи на фолклорот од разните земји и народи, Институтот за фолклор во Скопје, несомнено направи значаен прилог во фондот на нау-

ката и воопшто во фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и другите сродни науки. „А кога ќе се земе предвид дека сево ова се однесува за Балканот и народите од ова подрачје, кога се има предвид близоста и испреплетеноста на народните култури и на историјата и истовремено националните спцифики што понекогаш сеуште одразуваат ситуации што не спаѓаат само во доменот на науката ни само во политиката, тогаш овој симпозиум добива една вонредно значајна димензија – да помогне во трасирањето на патишта за подобро заемно запознавање на овие народи и народни култури, а заедно со тоа и за нивното подобро разбирање и поуспешно добрососедство и соработка“ (Ристовски 1977: 5). Ова се согледува и во настојувањето, покрај значајни трудови на македонски и на странски фолклористи и етнолози, во списанието „Македонски фолклор“ да се објават и рефератите, а во еден дел и дискусиите од Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор. Од аспект на објавените текстови може да се каже дека рефератите презентирани на меѓународниот симпозиум за балкански фолклор даваат можност за рефлексија на широк круг феномени, кои се однесуваат на теоријата и на практиката на фолклорот, претствувајќи полигон за нивно промислување и осмислување, во соодност со потребите и можностите на актуелниот миг во културата и во општеството. Меѓународниот симпозиум за бакланскифолклор несомено не е само простор за пасивна презентација со доминантните трендови во научните дисциплини, кои се занимаваат со различните аспекти на традицијата и на современоста на народната култура, туку и за творечка интерпретација на феномените, кои се релевантни за нашата култура и општество, во согласност со важечките методолошки и епистемолошки сатандарди, одраз на различните периоди од неговиот развој.

Освен во организацијата на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор вработените во Институтот за фолклор биле вклучени и во организацијата и работата на Конгресите на Сојузот на здруженијата на фолклористите на Југославија, како членови на здружението на фолклористите на Македонија, почнувајќи од 1960 год. во Охрид. Освен во Охрид, такви Конгреси на територијата на СР Македонија се одржани и во Дојран (1966), Крушево (1972), Берово (1978), Радовиш (1984) и Струга (1991). Во организацијата на Конгресите на СЗФЈ што се одржувале во СРМ, вработените во Институтот за фолклор освен како учесници со реферати биле вклучени и во подготовки на изложби и други содржини кои биле составен дел на овие научни собири.

На 21 и 22 септември 1992 год. во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Друштвото за наука и уметност од Битола и Здружението на фолклористи на Македонија, во Отешево се одржал научниот собир на тема „Фолклорот во Преспанскиот регион“. Претседател на организациониот одбор бил тогашниот директор на Инстутутот, д-р Благој Стоичовски. Целта на собирот била да се обработи од фолклорен аспект овој дотогаш помалку проучуван регион во Македонија, со цел, да се до-

бие една заокружена целина за фолклорот во Преспанскиот регион и да се изнесат на виделина помалку познатите истражувања што нашите научници ги преземаа за истражување на овој терен. На собирот биле презентирани 40-тина реферати и соопштенија на научни работници од замјата, како и на научни работници од Полска и од Албанија.

Како плод на Меѓународната соработка на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје со сродните институции организирани се и низа меѓународни симпозиуми кои го потврдуваатреномето на Институтот за фолклор во пошироки рамки, како и напорите на вработените истражувачи да ја шират и развиваат меѓународната соработка. Таа соработка се реализира на различни начини, а организирањето на заеднички меѓународни собири претствува само една форма за размена на истражувачки практики, согледување на методологии и усовршување во областите на работа, како и промовирање и афирмирање на културните вредности во пошироки рамки.

Соработката со сродните институции во Полска, Институтот за фолклор има долга традиција, а како резултат на таа долга традиција е и потпишувањето на Договорот за соработка со Институтот за словенска филологија при Универзитетот „Адам Мицкјевич" во Познањ. Соработката меѓу двете институции се интензивира од 2010 година на повеќе рамништа и се осртварува на различни начини, како што е организирање на меѓународни собири. Заедно со Институтот за словенска филологија при Универзитетот „Адам Мицкјевич", Институтот за фолклор е соорганизатор на Меѓународниот научен собир „Балканскиот фолклор како интерекултурен код – II", одржан на 28 и 29 март 2012 год. во Познањ. На овој симпозиум првенствена цел беше анализа на традиционалните и современите форми на фолклорот на балканските народи. Симпозиумот собра истакнати претставници на различните области како што се фолклористиката, етнологијата и етномузикологијата, како и други сродни науки од седум словенски и несловенски земји, чии реферати ја реализираат основната замисла на собирот да го истражува местото на фолклорот во постојана интеракција меѓу различните научни дисциплини.

Симпозиумот на темата „Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања" е одржан на 19 и 20 декември 2014 год. во хотелот „Континентал" во Скопје. Одржувањето на овој симпозиум е поттикнато од прекинот од шест години во континуитетот на одржувањето на Меѓународниот симпозиум за балканскиот фолклор. Како што ќе забележи во поздравниот говор председателот на организациониот одбор и тогашен директор, д-р Зоранчо Малинов: „Иако, овој симпозиум не можеме да го сметаме како продолжеток на традиционалните симпозиуми во организација на нашиот Институт, сепак сметаме дека овој симпозиум што ќе се одржи денес и утре овде во Скопје, на некој начин ќе нé наврати на времињата кога истражувачите на балканскиот фолклор ги презентираа резултатите од своите научни истражувањата. Со цел да ги промовираме и

доближиме до публиката резултатите од научните истражувања од доменот на традиционалната култура, ја упативме и поканата за учество на овој научен собир до сите колеги во Македонија, но и во странство, кои се занимаваат со истражување на културата на балканските народи: фолклористи, етнолози, етномузиколози, етнокореолози, социокултурни антропологи, историчари на културата, историчари на уметноста итн". На симпозиумот беа пријавени 47 реферати, со учесници од 7 земји. Рефератите од овој симпозиум се објавени во истоимениот зборник.

Како плод на меѓународната соработка на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" со Етнографскиот институтот при САНУ произлезе и меѓународната конференцијата насловена како: „Традиција и современост во Македонија и Србија", која се одржа на 25-ти ноември 2016 год. во Скопје. На конференција учествоземаа дваесетина истражувачи, кои од различни аспекти ги разгледуваат особеностите на соптвената култура во однос на минатото и сегашноста, но исто така беа презентирани и реферати кои компаративно се осврнуваат на состојбата со традицијата денес во двете средини.

Соработката на вработените во Институтот со сродните институции од Балканот се потврдува и преку работа на заеднички проекти и преку реализација на заеднички научни собири. Така, во рамките на претходно споменатата соработка меѓу МАНУ и БАН, дел од вработените истражувачи во Институтот за фолклор, заедно со останатите учесници во проектот учествуваа на научната конференција што се одржа во рамките на научноистражувачкиот проект „Современите проекции на културните традиции во современа перспектива: етнолошки, фолклористички, етномузиколошки аспекти". Имено, резултатите на истражувачката работа беа презентирани на научна конференција, која се одржа на 27 септември 2016 год. во МАНУ, во Скопје. Како заокружување на целата активност се објави зборник од презентираните реферати во издателството на БАН, во 2017 година.

Институтот за фолклор исто така го организираше и Меѓународниот научен симпозиум „Ѓурѓовден / Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот", во чии рамки беше вклучено и одбележувањето на 50-годишниот јубилеј од истражувањата на американскиот етнокореолог и антрополог Елси Иванчиќ Дунин на Ромите во Скопје. Симпозиумот се одржа на 11 април 2018 год., а на него учество земаа дваесетина истражувачи од различни области, со што уште еднаш и преку презентираните реферати се потврди мултидисциплинарната поставеност на истражувањата поврзани со традиционалната култура.

Покрај соработката со сродните институции во странство Институтот за фолклор соработува и со сродните здруженија кои работат на истражување, презентација и популаризација на фолклорот, како што е Македонското етнолошко друштво, особено затоа што дел од вработените во Институтот се и членови на Македонското етнолошко друштво. Соработката

се одвива на различни начини, а организацијата на научни собири е само една од формите преку кои се презентираат резултатите на истражувањата. Резултат на соработката се двата научни собири што се одржаа со заедничка реализација. Првиот заеднички симпозиум беше одржан на 1-ви октомври 2017 год. во Скопје, на тема: „Ретроспективи и перспективи на македонската етнологија и фолклористика“. На овој симпозиум учество земаа дваесетина етнолози и фолклористи со реферати на различни теми кои се однесуваат на истражувачките практики во минатото, но и на местото на традицијата во сегашноста. Вториот симпозиум со наслов: „Етнолошки и фолклористички аспекти на мултикултурализмот и интеркултурализмот на македонското општество“ беше одржан во Кратово, на 26 и 27 септември 2019 год. На симпозумот учество земаа триесетина етнолози, фолклористи, етномузиколози и филолози, кои низ еден мултидисциплинаран пристап ги искажаа своите размислувања за мултикултурализмот и интеркултурализмот на македонското општество. Со организациските одбори на двата симпозиуми претседаваше д-р Зоранчо Малинов, кој истовремено ги извршуваше и функциите директор на Институтот и претседател на МЕД. Рефератите од двата симпозиуми се објавени во списанијата „Етнолог“ и „Македонски фолклор“.

Од погореизнесеното може да се забележи дека во однос на организирањето на симпозиуми и научни конференции се забележува постојан подем, покрај прекините кои се забележливи во организацијата на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор. Несомнено е дека од година во година ова поле на работа дава сѐ покрупни резултати и третира сѐ поразновидна тематика: од проучување на одделни фолклорни жанрови, потоа компаративно разгледување на одделни народни творби, до теоретски проблеми и прашања, кои се однесуваат како на одделните фолклорни жанрови, така и на прашањата поврзани со самата наука и нејзиното место во современите истражувања. Како одраз на вака поставените тематски подрачја со рамките на собирите што ги организира Институтот за фолклор се појавуваат автори чии текстови фрлаат ново светло на процесите во фолклористиката, се поттикнуваат нови изразни можности и поинаквото видување на значајните својства на културниот развој. На тој начин собирите стануваат место каде можат да се разменуваат мислења и ставови како во однос на одделните проблемски прашања, така и во однос на самата наука и нејзиниот развој.



Ректоторот на УКИМ, проф. д-р Радмила Кипријанова, држи поздравен говор на свеченото отворање на XIII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, одржан на 7 и 8 јули 1997 год., Охрид, хотел „Палас“. Меѓу членовите на ОО се: д-р Клеанти Ановска, м-р Боне Величковски, д-р Александра Попвасилева (претседател на ОО), д-р Трпко Бицевски (директор) и м-р Ермис Лафазановски.



Поздравниот говор на директорот на Институтот, проф д-р Ермис Лафазновски, при отворањето на XX Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, Скопје, хотел „Континентал“, 22-23 ноември 2019 год.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Проследувајќи го развојот, тенденциите и интересите на фолклористите преку објавените дела во рамките на издавачката дејност на Институтот, може да се каже дека институтските резултати настанале со самостојното и взаемното дејство на сосем конкретни битија во историските и животните околности, луѓе кои во него работеле или сеуште работат. Затоа овој преглед, покрај неминовниот дијахрониски приказ на поединечните и тимските резултати, во себе содржи и опис на промената на истражувачките теми, теории, концепти и методи на нашите претходници, нашите соработници и на самите нас.

Во Институтот темелните теренски истражувања започнуваат во педесеттите години пред да се случат големите демографски и социјални промени на селото, а тие за резултат ги имаат бројните записи кои подоцна се објавуваат во посебни книги. Зборувајќи од денешна перспектива со временска одалеченост од неколку десетлетија, може да се каже дека токму тие записи се темелен корпус на нашето културно наследство. Во тие први збирки се огледа тежнението за верен запис кој настојува да ја даде сликата на живиот изговорен или испејан збор и совесно бележење на податоците за информаторите. Токму тие биле подлога за теориското темелење на фолклористиката како научна дејност која се спротивставува на романтичарските тежненија и се залага за истражување на фолклорот во социјалниот и историскиот контекст. Како логичен след на овие процеси издавачката дејност во Институтот за фолклор започнува во 1953 год. со книгата „Македонски народни ора“ од Живко Фирфов и Ганчо Пајтонџиев, во која се поместени кореографски знаци и терминологија поврзана со народната орска традиција. За интенцијата насочена кон собирањето и објавувањето на тернските материјали сведочат и двата тома на книгата „Македонски музички фолклор : Песни“, објавени во 1953 и 1959 год., под уредништво на Живко Фирфов (првата книга) и Методија Симоновски (двајцата во втората). Во првите години од своето постоење Институтот особено интензивно ја развивал собирачката дејност, бидејќи било приоритет да се собере фолклорот од теренот, со акцентот на постариот слој на фолклорните содржини, а ваквата насока несомнено е одразена и во изданијата. Но, освен записи објавени во различните тематски зборници со народни песни се појавуваат и книги во кои фокусот се поместува од собирачкото кон дијахрониското истражување на собирањето и запишувањето на музичкиот фолклор. Таква е на пример книгата „Македонски мелографи од крајот на XIX век“, објавена во 1962 год., во редакција на Живко Фирфов и Методија Симоновски, а која ја има добиено и наградата „13 Ноември“ во 1962 год.

Еден од првите оддели во Институтот, заедно со Одделот за народна музика е и Одделот за истражување на материјалната култура. Тој постои од формирањето на институцијата, па токму затоа резултатот на работата во одделот се согледува преку изданието во кое до израз доаѓа собирачко-

истражувачката работа на Одделот за орнаментика, т.е. поранешниот Оддел за материјална култура, насочена кон презентацијата на собраниот теренски материјал. Во 1953 год. е издаден првиот том од албумот со народни везови како едно од првите изданија на Институтот за фолклор, со наслов: „Македонски народни везови : за практична примена“. За ова издание кое е наградено со наградата „11 Октомври“ во 1953 год., материјалите ги собрала и албумот го уредила Марица Антонова Попстефаниева. Вториот том од овој албум е објавен во 1954 год. Овде треба да се спомене дека како ислкучително издание кое е резултат на истражувачко-собирачката работа во 1975 год. е објавена книгата „Македонски народни везови“ за која изборот и текстот го направила етнологот Ангелина Крстева, а цртежите Ѓорѓи Здравев, фотографиите се на Кирил Билбиловски, ликовно-графичкото обликување е на Коста Бојаџиевски, а уредник на издението е Душко Наневски. Оваа монографија за македонскиот народен вез е објавена заедно со издавачката куќа „Македонска книга“ од Скопје и печатена е во „Младинска книга“ од Љубљана. Освен на македонски, ова издание е публикувано и на француски, руски, англиски и на српско-хрватски јазик.

Од изданијата на Институтот за фолклор секако како најрепрезентативно се издвојува десеттомното издание на записите на Марко Цепенков во 1972 год.[5], во кое се објавени не само материјалите кои биле веќе публикувани, туку и огромниот број зачувани и дотогаш необјавени негови ракописи, со што безрезервно се изложи на јавноста неговиот разновиден опус како најобемно и досега познато културно наследство на македонски јазик. За ова издание д-р Блаже Ристовски ќе забележи дека: „Освен еднотомните записи на народните песни, еднотомните пословици, поговорки и гатанки, еднотомните обичаи и верувања и детски игри, Марко Цепенков ни завешта цели пет тома македонски народни приказни и еден том преданија и легенди, заокружувајќи го своето монументално дело со цел том на различни описи на занаети еснафи, народни инструменти, вклучувајќи ги тука и филолошките материјали и посебно неговите литературни творби – песните, автобиографијата и драмата „Спиро Црне“. Овде е местото да се спомене дека токму самоукиот прилепски терзија стана најкомпетентниот учител на нашата разбудена интелегенција при нормирањето и усвојувањето на современиот македонски јазик, а записите на Цепенков му беа најпогодниот урнек на видовитиот славист Крсте Мисирков, тие му станаа најздравата поткрепа на истрајниот македонист и виден славист Бугаринот од Бесарабија, Петар Драганов, тие записи заедно со оние на Миладиновци, Шапкарев, Верковиќ, Икономов, Тахов, Пулевски, Молерови и др., го претставиле пред Европа етнографскиот лик на Македонецот и на Македонија од тоа време“ (Ристовски 1979: 7).

[5] Ова 10-томно издание е наградено со наградата „13 Ноември“, што ја доделува Собранието на град Скопје.

Преку изданијата може да се согледаат основните постулати на истражувачките практики во кои и натаму во средиштето останува теренското истражување, снимање на магнетофонски ленти, средување на граѓата и обликување на тематски збирки кои се извор за подоцнежните научни размислувања на одредени феномени кои се однесуваат на усната литература. Следејќи го развојот на науката вработените во Институтот за фолклор ја чувствуваат потребата од формирање на посебни едиции за посистематско проследување на поодделните области од фолклористиката. Како резултат на овие напори во седумдесеттите години Институтот за фолклор почна со објавувањето на едицијата „Македонско народно творештво“, во која се сместија низа на специјализирани подедиции како што се: *Народни песни, Орска (и инструментална) народна традиција, Народни приказни, Народни верувања и преданија, Турското народно творештво во Македонија, Фолклорот на иселениците од Македонија.*

Во најбројната од нив *Народни песни* на почетокот се објавувани главно тематски зборници, започнувајќи од 1974 год. кога излезе од печат првиот том на зборникот „Македонски револуционерни народни песни : за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули“, за кој изборот и редакцијата го направил Блаже Ристовски, музиколошка обработка – Ѓорѓи Ѓорѓиев, а соработник на овој зборник е Татјана Жежељ-Каличанин. Следува зборникот „Македонски печалбарски народни песни“ во 1979 год., во кој, изборот, ракцијата и забелешките се на Лазо Каровски, а музиколошката обработка е на Трпко Бицевски. Потоа, следната 1980 год. се објавени „Македонски песни за народно-ослободителната борба“, каде што Лазо Каровски повторно ги прави изборот и редакцијата на текстовите, Ѓорѓи Ѓорѓиев прави етномузиколошка редакција и обработка, додека на зборникот соработуваат: Блаже Ристовски, Тања Жежељ-Каличанин и Блаже Петровски. „Македонски народни хумористично-сатирични песни“, се објавени во два тома, и тоа, првиот во 1982, а вториот во 1986 год., со избор, редакција и забелешки на Лазо Каровски, музиколошката обработка е на Трпко Бицевски, а соработник е Весна Матијашевиќ. Потоа следуваат зборниците во кои тематскиот пристап се заменува со регионалното истражување и презентирање на собраните материјали. Автор на најголемиот број од зборниците е етномузикологот Трпко Бицевски. Тој во следните петнасет години ги подготвува изданијата: „Македонски народни песни од Мегленско“ (1985), „Македонски народни песни од Воденско“ (1989), „Македонски народни песни од Кукушко“ (1989), „Македонски народни песни од Драмско“ (1995), „Македонски народни песни од Леринско“ (1995), „Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско“ (1997), „Двогласни македонски народни песни“ (1988), „Македонски народни песни од Костурско“ (1999) и „Народната песна на Горанците“ (2001). Во оваа едиција се објавени и збирките народни песни: „Македонски народни песни од Мала Преспа“ (1992), кои ги собрал Стерјо Спасе, а ги подготвил Благој Стоичовски. Следна во низата книги од оваа едиција е „Ромски народни песни од

Македонија“, кои ги подготвил и редактирал Трајко Петровски, а ги мелографирала Родна Величковска (2001). И во оваа едиција како и во повеќето други кои се објавуваат во Институтот почнуваат да доминираат истражувања кои се проблемски и теоретски насочени кон одредени прашања на етномузикологијата.

Следејќи ја оваа тенденција во оваа едиција освен зборници на народни песни се објавуваат и истражувања кои се занимаваат со теореткото и методолошкото истражување на етмомузикологијата, како што се книгите на Родна Величковска: „Музички дијалекти во македонското традиционално народно пеење : обредно пеење“ (2009) и „Картографирањето и ареалните истражувања во етномузикологијата“ (2008), каде низ призмата на различните пејачки жанрови и ареалните истражувања се следат главните правци на европската етномузикологија, особено со онаа од средна и источна Европа. Последната книга во оваа едиција е трудот на Мелита Ивановска: „Обредната пејачка традиција кај Македонците со исламска религија во Долна Река“ (2017), која всушност претставува нејзин магистерски труд одбранет во рамките на студиите од втор циклус по фолклористика на Институтот за фолклор. Несомнено е дека прегледот на оваа едиција ни го потврдува фактот дека истражувањата се поместуваат од истражувањето на производот кон истражување на процесите во контекст. На тој начин комуникациското одредување на фолклорот и културата како предмет на фолклористиката и етнологијата нашло своја примена и во конципирањето на новиот предмет на етномузикологијата.

Во едицијата насловена како *Орска (и инструментална) народна традиција***,** се објавени 11 книги. Првите книги во 70-тите години во оваа едиција се посветени на орската традиција од авторите: Ганчо Пајтонџиев, „Македонски народни ора : од Малешевско, Делчевско, Кочанско, Светиниколско, Штипско, Радовишко, Струмичко и Валандовско“ (1973), Михаило Димоски, „Македонски народни ора : од репертоарот на ансамблот за народни игри и песни 'Танец'“ (1977) и Александар Линин, „Македонски инструментални орски народни мелодии“ (1978). Освен претставувањето на собраниот теренски материјал во оваа едиција во 80-тите години почнуваат да се објавуваат книги кои се однесуваат на оделни инструменти и инструментални состави кои го носат белегот на синтеза меѓу теориското и теренскоито искуство. Тоа се книгите на Боривоје Џимревски: „Чалгиската традиција во Македонија“ (1985), „Гајдата во Македонија: инструмент – инструменталист – музика“ (1996), „Шупелката во Македонија“ (2000) и „Градска инструментална музичка традиција во Македонија : (1900-1941)“ (2005). Книгите кои се објавени во последното десетлетие се дело на соработниците и студентите на постдипломските и докторските студии во Институтот за фолклор, а тоа се: „Македонски традиционални музички инструменти“ (2011) од м-р Тимко Чичаковски, „Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора (по избрани примери)“ (2013) од м-

р Владимир Јаневски и „Музичкиот инструмент ќемане во Македонија“ (2014) од м-р Горанчо Ангелов.

Освен музичката традиција овде се застапени и неколку покренати едиции од помал обем, а кои се однесуваат на прозното творештво, како што се: *Народни приказни* со 2 книги од Танас Вражиновски: „Народни приказни за животни“ (1977) и „Македонски народни волшебни приказни“ (1986), *Народни верувања и преданија*, со три книги: „Македонски народни преданија“, подготвил Танас Вражиновски (1986), „Вампирите во македонските верувања и преданија“, подготвиле Лепосава Спировска и Танас Вражиновски (1988), „Легенди и преданија за Свети Наум“, подготвил Стојан Ристески (1990). Едицијата *Турското народно творештво во Македонија* е застапена со една книга: „Манињата кај Турците од СР Македонија“, подготвила Севим Пиличкова (1986).

Прегледот на изданијата во едицијата *Македонско народно творештво* го завршуваме со подедицијата *Фолклорот на иселениците од Македонија* со шест книги кои се реализирани како продукт на проектните активности[6]. Објавените истражувања во оваа подедиција глобално можат да се поделат во две групи: истражувања кои се однесуваат на одредени фолклорни жанрови и истражувања во кои фокусот е насочен кон интеграцијата на иселениците во новата средина. Во првата група спаѓаат монографиите кои се однесуваат на застапеноста на фолклорните жанрови и нивната зачуваност, односно нивната трансформација, од кои, овде ќе се задржиме на книгите: „Песните на македонските иселници во САД и Канада“ (1998) и „Песните на македонските иселеници во Република Турција“ (2001) од Тања Каличанин, како и на „Народни приказни на иселениците од Република Македонија во Република Турција“ (1992) од Севим Пиличкова и на Александра Попвасилева, „Македонците во Канада раскажуваат : Националниот идентитет и народната проза на Македонците во Канада“ (1992). Во втората група спаѓа монографијата од Тања Каличанин, „Доселувањето и интеграцијата на македонското семејство во САД и Канада“ (1997). Проследувајќи ги истражувањата на миграциите од страна на истражувачите на Институтот за фолклор може да се забележи дека покрај истражувањето на историјата на миграциските процеси, видовите миграции и категоризацијата на мигрантите, во поново време се јавуваат и истражувања кои се однесуваат на интеркултуралната комуникација во сми-

[6] Во рамките на проекните активности на Институтот за фолклор во периодот 1977-79 год., екипа од пет истражувачи: Тања Каличанин, Ѓорѓи Ѓорѓиев, Михајло Димоски, Александра Попвасилева и Лепосава Спировска, остварила теренско истражување на фолклорот и етнологијата на македонските иселеници во САД и Канада. Во периодот 1984-87 год. екипа од Институтот оставена од Галаба Паликрушева, Анета Светиева, Тања Каличанин, Севим Пиличкова и Боривоје Џимревски, го истражува фолклорот на иселениците од СР Македонија во Турција. Екипата според објавените трудови истражувала во градовите: Измир, Маниса и Акхисар, каде што има најголема концентрација на иселеници од Македонија.

сла на анализа на различните ситуации и исходите кои произлегуваат од допирот на сопствената и странската култура, согледано низ процесот на акултурација и интеграција во новото општество.

Во Институтот за фолклор како што веќе забележавме од самиот почеток вниманието било ставено на етномузиколошките истражувања, а филолошките, дошле подоцна како дополнување на музичките. Но набрзо тие се осамостојуваат и стануваат рамноправна институтска истражувачка дејност, а подоцна се надоврзуваат и етнолошките истражувања. Од таквиот след на работите произлегува обликувањето на една од најобемите едиции со 87 објавени дела, наречена *Посебни изданија*, во која се отвораат можностите за теориски и проблемски истражувања на различните области од фолклористиката. Прва во оваа едиција е книгата на д-р Цветанка Органџиева, „Осврт врз изучувањата на настанувањето и развитокот на јужнословенската епика до 1920 година", објавена во 1972 год. Едицијата продолжува со книгата на Илија Николиќ, „Преглед на македонските народни песни во Етнографската збирка на Архивот на Српската академија на науките и уметностите (1860-1960)", објавена во 1976 год. Следната година излегува од печат „Фолклорот на јановенските села во Костурско" од Михалис Раптис. Илинденскиот период и освртот на фолклорот од тоа време е предмет на истражување на Димче Најчевски во книгата „Илинденските народни песни", објавена во 1978 год. и три години подоцна објавената книга од Танас Вражаиновски, „Илинденски прозен револуционерен фолклор" (1981). Во изданијата што се составен дел на едицијата се обработуваат монографски и проблемски различните области на народната култура. Па, така, во 1981 год. едицијата продолжува со книгата „Марко Крале во македонската народна епика (во споредба со српски и бугарски мотиви)" од Коле Симитчиев. Преку делата објавени во оваа едиција можеме да ги согледаме процесите на научната мисла која со текот на времето го свртува вниманието од интересот за генезата, потеклото на сижеите и мотивите и индиректно го отвора патот за подоцнежните теми: интеракциите меѓу изведувачот и публиката, разликата меѓу посредниот пишан и директниот начин на фолклорно комуницирање. Со промената на научната парадигма и пристапот кон истражувањето на усната литература, теорискиот контекст на изведбата се појавува друг и поинаков пристап кон фолклорот. Според новите сознанија и следејќи го развојот на науката, фолклорот започнува да се истражува како процес, живо кажување. Во оваа смисла особено е забележително делото на полскиот истражувач Кшиштоф Вроцлавски, „Македонскиот народен раскажувач Димо Стенковски", објавено во два тома, првиот 1979 год. и вториот 1984 год. Следуваат истражувањата кои се насочени кон одделните естетски и неестетски елементи во фолклорот, па така, д-р Танас Вражиновски ги разгледува „Социјално-класните односи во македонските народни приказни" (1982). Но се публикуваат и текстови кои се осврнуваат на релацијата помеѓу фолклорот и уметничкиот текст, како што е книгата на д-р Воислав Јаќоски, „Фолклорот во маке-

донската драма“ (1983). Авторите, исто така се зафаќаат, освен со дијахронијата и со синхрониските проблемски истражувања, кои произлегуваат од сопствените теренски истражувања, како што се делата на д-р Трпко Бицевски, „Двогласјето во СР Македонија“ (1986) и на д-р Александра Попвасилева, „Двојазичното раскажување на народни приказни : (влашко-македонски и македонско-влашки релации)“ (1987).

Крајот на осумдесеттите е одблежан со проследувања и објавување на дела од минатото во редакција на соработниците од Институтот, а во ова група на книги спаѓаат: „Старонародни песни и обичаи од Западна Македонија“ (1988) од Васил Иконoмов (редакција на Кирил Пенушлиски, Блаже Ристовски, Блаже Петровски), „Македонски народни песни“ (1990) од Антон П[оп] Стоилов (редакција на Марко Китевски), „Записи“ (1990) од Кузман А. Шапкарев (приредил Томислав Тодоровски), како и книгата „Зборот куршум и динамит: Атанас Раздолов“ (1990) од Васил Тоциновски. Овде до израз доаѓа книжевно-историскиот пристап на усната книжевност со посебен осврт врз пишаните извори. Во едицијата оваа насока на научен интерес кон дијахронијата останува присутен и во почетокот на деведесетите години преку зборниците во кои акцентот е ставен врз записот и литературната изразност на усниот медиум. Таков е случајот и со книгите: „Македонски народни умотворби од Кичевско“ (1992) од Благој Стоичовски и „Македонски народни умотворби од Разлошко, Пиринска Македонија“ (1992), подготвиле Лазо Каровски, Ѓорѓи Ѓорѓиев и Ѓорѓи Поп-Атанасов. Со проширувањето на фолклористичкиот интерес на т.н. неестетско подрачје не се запоставени порано зацртаните истражувања.

Деведесетите години носат нови терени, нови резултати, нови студии антологии и синтези кои го потврдуваат континуитетот на истражувањата на усната книжевност, со постапно вклучување на специјалисти од различни дисциплини и ширење на подрачјето на интерес. Ваквиот однос кон фолклорот се чувствува во делото „Трансформирањето, распаѓањето и современата состојба на македонскиот јуначки епос“ од д-р Блаже Петровски, објавена во 1992 год. Тенденцијата продолжува особено преку делата кои се дел од соработката со полските истражувачи, како што се книгите „Споредбена монографија на македонското село Јабланица и полските села Пјентки и Твароги“ (1992), во два тома, кои се однесуваат на *Митските преданија* (автори: Танас Вражиновски и Кшиштов Вроцлавски) и *Народната архитектура* (автори: Марјан Покропек и Томаш Стрончек). Ваквата тенденција е присутна и преку истражувањето на материјалната народна култура во делото „Резбарени тавани, долапи и врати во Македонија“ од д-р Анета Светиева.

Крајот на девесеттите го раздвижува научниот интрес кон нови подрачја и нови погледи на фолклорот преку кои може да се следи растежот на една нова генерација на фолклористи. Но и едно општо раздвижување и создавање на монографски трудови од различните области на фолклористиката. Во оваа група на дела спаѓаат: „Танаталошкиот правзор на животот

: феноменот жртвување во македонската народна книжевност“ (1996) од м-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, „Традиција, нарација, литература : влијанието на македонските народни приказни врз современата прозна литература од 20 век“ (1996) од м-р Ермис Лафазановски, „Пролетни обичаи, обреди и верувања кај Мијаците“ (1998) од м-р Весна Петреска (1998), „Црковното градителство во Македонија меѓу двете светски војни : 1918-1940“ од м-р Кокан Грчев. Проблемот на фолклорните жанрови само е назначен во дијахроноскиот след, додека нивното поверодостојно истражување е можна со примената на синхрониската и дијахроноиската перспектива.

Во едицијата Посебни изданија еден голем корпус од објавените монографии се однесува на приказните, во кои, како и во сите научни институции се користи Аарне-Томсоновиот пристап на класификација како методата на документациско класифицирање на приказните која е во употреба до денес, а може да се каже дека овој пристап е доминантен во истражувањата на прозното творештво во Институтот. Прозното творештво е во фокусот на интерес на истражувачите: д-р Александра Попвасилева, „Македонски народни приказни од Костурско“ (1996), „Проблеми на народнта проза“ (1997), потоа д-р Севим Пиличкова, „Насредин Оџа и Итар Пејо – духовни близнаци“ (1996), „Турски реалистични народни приказни од Република Македонија“ во 2 тома (1997), „Турски хумористични народни приказни во функција на пародија“ (2000), „Структурата на турските волшебни приказни“, кн. 1 и 2 (2001), „Нарација и реалност“ (2002), „Функцијата на формулите во турските народни приказни“ (2005), Sevim Piliçkova, „Nasraddin Hoca'nin kişiliği“ (2003), „101 анегдота за Насредин Оџа од Македонија“ (2004), „Симболиката на наративните елементи во турските приказни од Македонија“ (2006), „Еротски елементи во турското народно творештво од Република Македонија“ (2009), „Турски романтични приказни (новели) од Република Македонија“ (2010), како и од д-р Клеанти Лиаку-Ановска, „Социјално-фолклорни интеракции во влашкото семејство“ (2000), „Влашки народни приказни од Крушево“ (2002), „Влашките народни приказни од Струшко“ (2004), „Влашките народни приказни од Источна Македонија“ (2007) и од д-р Ермис Лафазановски, „Текст и менталитет : (зборник со народни приказни од Кумановскиот регион)“ (2001).

Фолклористиката според современите сфаќања на предметот на нејзиното истражување има предност бидејќи се конципира како наука која не е парцијална во позитивистичката смисла на зборот, туку е одредена со фолклорот како синкретички и поливалентен предмет со што таа априори се сфаќа како интердисциплинарна (или барам повеќедисциплинарна) – но и неизбежно еклитичка. Истражувањата кои се враќат во оваа насока во себе ја вклучува синхрониската димензија на фолклорниот процес, отвореноста кон појавите и зголемениот интерес кон истражувањето на културата и општеството со толкување на вербалните и претставувачките делови на фолклорот. Од ваквиот прстап кон истражувачката практика произлегува-

ат монографии кои зафаќаат различни фолклористички проблеми, но и различни теориски прадаигми, како што се монографиите: „Народниот пејач Ефтим Мановски – Мано : еден човек – многу песни – еден народ“ (1996) од д-р Татјана Каличанин, „Homo initiatius: феноменот на иницијацијата во македонската народна книжевност“ (2001) од д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, „Посмртните обичаи во Брегалничката област“ (2001) од м-р Зоранчо Малинов, „Турцизмите во јазикот на албанската и македонската народна поезија : споредбено истражување“ (2001) од м-р Изаим Муртезани, „Свадбата како обред на премин кај Македонците од Брсјачка етнографска целина“ (2002) од д-р Весна Петреска, потоа „Стилска ергономија : архитектонските стилови во македонската архитектура од 19 век и периодот меѓу двете светски војни“ (2002), „Архитектонските стилови во македонската архитектура од 19 век и периодот меѓу двете светски војни“ (2003), „From origins to style : Macedonian architecture the of 19th century and in the period between the two World Wars“ (2004), „Аспекти на културните традиции : архитектура меѓу традициите и модерноста“ (2006) од д-р Кокан Грчев, како и книгите: „Митови за создавањето на светот“ (2006) од д-р Ермис Лафазановски и „Современата македонска тапиserија и нејзините корелации со македонското текстилно народно творештво“ (2002) од м-р Јасминка Ристовска-Пиличкова. Исто така се обработени и темите на етномузикологијата низ монографиите: „Мелодиката во македонската народна песна“ (1997) и „Проблемите на етномузикологијата во Македонија“ (2001) од д-р Трпко Бицевски и „Жетварското пеење во Македонија“ (2002) од м-р Родна Величковска. Д-р Боне Величковски во своите дела ги обработува кратките жанрови, при што фокусот на неговиот интерес е насочен кон компаративните истражувања, пред сѐ во однос на пословиците, а како резултат на неговиот научен влог се книгите: „Ѕид без малечки камчиња не стои“ : пословични паралели“ (2001), „Македонско-англиски и англиско-македонски пословични паралели“ (2002), „Француски пословици и нивните македонски еквиваленти“ (2004), „Руско-македонски и македонско-руски пословици“ (2005), „Италијански пословици и поговорки и нивните македонски еквиваленти“ (2009) и „Македонски пословици и поговорки“ (2009).

Научните проекти свој одраз наоѓаат и во издавачката дејност, па како плод на проектот за современата состојба на фолклорот во Охридско-струшкиот регион, во 2006 год. се објавува зборникот од трудови во кој свои прилози имаат вработените истражувачи од Институтот за фолклор, под наслов: „Современата состојба на фолклорот во Охридско-струшкиот регион“. Како што е споменато и во вовоедниот дел, оваа книга, во која како уредник се јавува д-р Боне Величковски ја има добиено наградата „Гоце Делчев“ за 2007 година.

Од средината на првата деценија на XXI век почнува истражување на градскиот фолклор, приказните за животот, современата култура, современото семејство, современите семејни и државни прослави и др. Тоа е свр-

тување од дијахронијата кон сихронијата, од историското кон современото, несомнено под влијание на струењата во современата фолклористика. За егзистенцијата на фолклорот во различните средини, неговата егзистенција и промената на формите и содржините на културните појави, ваквиот пристап се смета за вистински кон разбирањето на нивните минати и денешни значења. Таквите струења се одразени во книгите на д-р Весна Петреска: „Систем на сродство кај Македонците“ (2005), „Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство“ (2008), „Категориите близина и дистанца: етнолошко-антрополошко истражување на народната култура“ (2008), „Побратимството во народната култура: побртимството на Говедар камен“ (2019), потоа д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска е уредник на зборникот од текстови „Методи на истражување на фолклорот“ (2005), а се јавува и како автор на книгите: „Хоризонти на народната култура“ (2006) и „Миграција и хабитус : македонската миграција во Германија“ (2008), додека д-р Изаим Муртезани ги објавува монографиите: „Митски елементи во албанскиот и македонскиот јуначки епос и балади“ (2006) и „Семиологија на митскиот простор : (според некои примери од албанскиот и јужнословенскиот јуначки епос и балади)“ (2010), а д-р Зоранчо Малинов, „Традицискиот народен календар на Шопско-брегалничката етнографска целина“ (2006). Д-р Катерина Петровска-Кузманова се залага за ширење на предметот на проучување на севкупната претставувачка дејност со помош на современите истражувања во областа на студиите на перформансот во книигите: „Театарските елементи во фолклорот“ (2006), „Карневалите во Македонија“ (2009), „Аспекти на изведбата : истражување на фолклорот и театарот“ (2010), „Фолклорен театар – дефинирање и истражување“ (2019). Детскиот фолклор, исто така во истражувањата зазема свое соодветно место, па така во оваа едиција е застапен во истражувањата на д-р Клеанти Лиаку-Ановска, „Влашкиот детски фолклор“ (2002) и на д-р Боне Величковски, „Македонски детски фолклор“ (2011). Фолклорот на Ромите е во центарот на вниманието на истражувањата на д-р Трајко Петровски, кои се ефектуираат преку објавените монографии: „Етничките и културните карактеристики на Ромите во Македонија“ (2013) и „Ромски народни приказни од Македонија“ (2017). Во едицијата се објавени и „Библиографија на фолклорот и етнологија во Македонија“, што ја подготвил д-р Боне Величковски (2010) и зборникот од текстови „Ѓурѓовден во Република Македонија“, чиј уредник е д-р Зоранчо Малинов (2018).

Ако се осврнеме на различните периоди во изданијата можеме да забележиме дека во прво време акцентот е ставен на собирачката дејност, потоа доаѓа дијахрониskiот пристап насочен кон минатото, кон потеклото, кон врските со минатото, но и со одредени периоди од историјата што се рефлектирале во фолклорот, потоа доаѓа книжевно-етстетската анализа на фолклорните творби, па вниманието се свртува кон носителите на фолклорната традиција, изведувачите и изведбата, за преку структурализмот

да се дојде до нова научна парадигма, темелена пред сè на интердисциплинарните истражувања.

Одбележувањето на значајните датуми за институтот се означени со издаднија драгоцени за секој кој се занимава со историјата на фолклористиката, за што денес сметаме дека постои доволно материјал преку кој можат да се согледаат процесите и промените. Во оваа смисла се објавени: „30 години Институт за фолклор 'Марко Цепенков'" во 1980 год., во редакција: д-р Цветанка Органџиева, д-р Лазо Каровски (претседател) и Танас Вражиновски, како и „Библиографија на изданијата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" (и на магистерските тези и докторските дисертации на соработниците : 1950-2000)", што ја подготвила Мирјана Анастасова во 2000 год. Во оваа група изданија кои не се поместени по едиции треба да се споменат уште и двата зборника со народни умотворби: „Кратовски зборник" од Ефрем Каранов, во редакција на Блаже Петровски (2000) и „Народни умотворби од Дебар и неговата околина" од Михајло Велиќ, исто така во редакција на д-р Блаже Петровски (2000), издадени во коиздаваштво на ИФМЦ и НИПД „Патрија" од Скопје. Во истата, 2000 год. во коиздаваштво со Центарот за култура „Трајко Прокопиев" од Куманово излегува од печат и зборникот „Фолклорот во Куманово и Кумановско", како колетивен труд на поголем број на истражувачи кои работеле на истоимениот проект, чиј раководител бил д-р Боривоје Џимревски, а кој воедно се јавува и во улогата на уредник на оваа издание. „Македонските космогониски легенди" од Ермис Лафазановски, објавено во 2000 год. е последно од овие дела издадени од Институтот вон некоја едиција.

Како резултат на меѓународната соработка во форма на научни конференции Институтот за фолклор објави и неколку зборници во последните десетина години. „Балканската култура низ призмата на фолклористичкоетнолошките истражувања (Прилози од Меѓународниот симпозиум одржан на 19-20 декември 2014 година во Скопје)", уредник: д-р Катерина Петровска-Кузманова (2015), „Балканскиот фолклор како интеркултурен код II" (Прилози од истоимениот научен собир одржан на 28-29.3.2012 во Познањ, Полска), уредници: д-р Весна Петреска и д-р Јоанна Ренкас (Скопје-Познањ 2015), „Традиција и современост во Македонија и Србија (Прилози од Меѓународната научна конференција, Скопје, 25.11.2016)", уредник Катерина Петровска-Кузманова (2017), „Ѓурѓовден/Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот (Прилози од Меѓународниот научен симпозиум одржан на 11 април 2018 година во Скопје, по повод 50-годишниот јубилеј од истражувањата на Елзи Иванчиќ Дунин на Ромите во Македонија)", уредник д-р Зоранчо Малинов (2018). Како резултат на меѓународната соработка со научни институции од Полска е и издавањето на зборникот „Samowiłi i pasterze : bajki z Socialistycznej Republiki Macedonii", објавен 1981 год. во Варшава.

Во рамките на издавачката дејност не може да се одмине списанието „Македонски фолклор", кое излегува веќе педесет години и на јавноста ги

презентира стручните и научните достигнувања на вработените во Институтот за фолклор, како и на низа истакнати истражувачи од областа на фолклористиката и сродните науки од земјава и странство. Списанието „Македонски фолклор“ е покренато во 1968 год. како резултат на потребата што ја чувствувале вработените во Институтот за фолклор за презентација на нивната работа и на напорите на тогашниот директор и првиот уредник на списанието – д-р Блаже Ристовски. Потребата од создавање списание, кое ќе биде гласник и ќе ги задоволи потребите на научната јавност, се истакнува во редакциското соопштение по повод објавувањето на првиот број на списанието, во обраќањето од редакцијата кон читателите: „За да задоволи една одамнешна насушна потреба, Институтот за фолклор во Скопје, започнува да го издава своето полугодишно списание „Македонски фолклор“ што ќе се труди да ги собере за свои соработници сите научни работници – фолклористи од Македонија, од другите републики во нашата земја и од странство, коишто се занимаваат со македонскиот или јужнословенскиот и општо балканскиот фолклор“ (Македонски фолклор 1968: 4). Во реализацијата на потфатот наречен списание „Македонски фолклор“ голем удел имало и чувството дека на Институтот, кој функционирал веќе 17 години, му недостасува една стручна публикација, која ќе ги пласира научните достигнувања на вработените и на фолклористите од Македонија, со што истовремено би се постигнала афирмација на младиот кадар и пробивање на македонската фолклористика и етнологија на јужнословенски и на меѓународен план. Во редакцискиот напис по повод објавувањето на првиот број, исто така се одредува уредувачкиот формат на списанието, како периодично, кое ќе се печати со два броја годишно, а тогашниот редакциски одбор[7] и ја одредува концепцијата, која има широк опфат на различни форми преку кои се презентирала научната мисла. Во првите броеви среќавеме голем број рубрики, како што се: студии, соопштенија, материјали, критики, прикази, портрети на истакнати истражувачи, фолклористи и народни раскажувачи, пејачи и теоретски прилози, кои имаат поопшто значење за фолклористиката. Во оваа концепција, освен широкиот опфат на начините за презентација на научните резултати, списанието од самиот почеток се профилира како меѓународно, насочувајќи се и отворајќи ги своите страници за јужнословенките и за балканските фолклористи. Со својата интенција и содржините што се застапени во првите броеви на списанието може да се каже дека „Македонски фолклор“ е првото списание, кое ги институционлизира истражувања на фолклорот во Македонија. За успешноста на мисијата, која ја остварува списанието во изминативе години сведочат и зборовите на уредникот на списанието во периодот 1985-88 год., Танас Вражиновски: „Несомнено важен е и придонесот на разни периодични изданија во кои се објавуваа фолклористички и етноло-

[7] Членови на првиот редакциски одбор на списанието се: д-р Блаже Ристовски (главен и одговорен уредник), д-р Цветанка Органџиева, м-р Тома Прошев, Ѓорѓи Смокварски, д-р Ѓорѓи Сталев и д-р Кирил Ќамилов.

шки трудови од кои секако, најпознато е списанието ’Македонски фолклор’, кое од 1968 се печати редовно како издание на Институтот за фолклор во Скопје. Ова списние е единствена специјализирана публикација од ваков вид, со меѓународно значење и углед“ (Вражиновски 2008: 29).[8]

Од 1969 година списанието е тесно поврзано со Меѓународниот симпозиумот за балкански фолклор и осмислувањето на тематски броеви во кои темите се подудираат со симпозиумските, а со цел збогатување на одредени тематски области во научноистражувачката и културната средина. Тешко е да се набројат сите теми кои се обработувале во полувековното постоење на списанието, но треба да се каже дека преку нив се поттикнувале нови истражувања, нови теоретски пристапи и промислувања поврзани со одделните фолклорни жанрови и народната култура воопшто. Тематската насоченост на списанието е тесно поврзана со  симпозиумската тематика, со цел да се постигне поголема опфатност и целесообразна систематичност во изборот и презентацијата. Иницијаторот за покренување на списанието д-р Блаже Ристовски, воедно негов главен и одговорен уредник во наредните десет години, по петиот Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, ќе каже: „Чувстувуваме потреба да додадеме дека за меѓународна афирмација на научното реноме на овој научен собир во знатна мерка придонесува и периодичниот орган на Институтот за фолклор, списанието „Македонски фолклор“, на чии страници редовно се публикуваат интегралните текстови на симпозиумските излагања на пет јазика (со резиме)“ (Ристовски 1977: 8). Од самиот почеток во списанието статиите се печатат освен на македонски и на јазиците на народите на СФРЈ и на четирите светски јазици: англиски, француки, руски и германски[9]. Осврнувајќи се на почетоците на списанието, а по повод дваесет годишнината, д-р Танас Вражиновски ќе забележи дека списанието „Македонски фолклор“ се појавило во еден важен период од развојот на македонската фолклористика и етнологија. Период во кој се зацврстуваат темелите на нашата млада наука и кога се појвуваат ред млади фолклористи и етнолози кои го понесоа нивниот развој (Вражиновски, 1988: 8).

Кога станува збор за списанието неодминливо е да се забележи дека во 1973 год. со објавувањето на текстот од Блаже Ристовски, „Ѓорѓи Пу-

---

[8] Во над петдецениската историја на институтското списание „Македонски фолклор“, главен и одговорен уредник биле: д-р Блаже Ристовски (1968-77, броеви: 1-20), д-р Лазо Каровски (1978-84, бр.: 21-34), д-р Танас Вражиновски (1985-88, бр.: 35-42), д-р Васил Тоциновски (1989-90, бр.: 43-46), д-р Благој Стоичовски (1991-93, бр.: 47-52), д-р Блаже Петровски (1994-99, бр.: 53-54), д-р Ермис Лафазановски (2000-02, бр.: 55-61), д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска (2002-08, бр.: 62-64), д-р Катерина Петровска-Кузманова (2009-19, бр.: 65-76) и д-р Кристина Димовска (2020- , бр.: 77- ).

[9] На почетокот, освен на македонски, текстовите се објавувале и на англиски, француски, руски и германски јазик, а подоцна во 90-тите години се преминува на објавување на текстови само на македонски и на англиски јазик.

левски и неговите книшки ‘Самовила македонска’ и ‘Македонска песнарка’“, започнува да функционира и Библиотеката на списанието „Македонски фолклор“, со единствена цел, објавување на подолги статии, истражувања и материјали, како сепаратни изданија на списанието. Во оваа едиција до сега се објавени 26 книшки, како од вработените во Институтот, така и од надворешните соработници: „Гоце Делчев во споменот на народот“ од Танас Вражиновски (1973), „Македонски народноослободителни песни“ (собрал, подготвил и редактирал Кочо Рацин) [преиздал, пaverредактирал и предговорот го напишал Блаже Ристовски] (1974), „Орската традиција во село Иљево (Радовишко)“ од Михаило Димоски (1974), „Народните тантели и сорки во Овчеполието“ од Ѓорѓи Здравев (1975), „Разловечкото востание во современата усна прозна традиција на разловчани“ од Воислав Јаќоски и Танас Вражиновски (1976), „Саможртвата во македонската народна поезија“ од Лазо Каровски (1976), „Македонските преданија за места“, подготвил Танас Вражиновски (1979), „Карактеристиките на епските песни за Македонците-муслимани од Делчевско (Пијанец)“ од д-р Цветанка Органџиева (1981), „Баладите и баладните мотиви во македонската и во албанската народна песна“ од Воислав Јаќоски (1980), „Класификација на македонската народна песна“ од Лазо Каровски (1981), „Водичарските обичаи, верувања и песни од Дебарца (Охридско)“ од Марко Китевски (1982), „Типолошкото подредување на приказните од Зборникот на Лавров-Поливка“ од Александра Попвасилева (1983), „Народни умотворби [од оставнината на] Стале Попов“ (подготвил Мирољуб Стојановиќ) (1983), „Черешница род родила : македонски народни песни, пејани од Савета Котева“ (снимил, забележал и подготвил Иван Котев) (1984), „Народни спортски игри од Источна Македонија“ од Симон Ренџов (1984), „Едно можно табеларно претставување на фантастичните елементи во македонската сказна“ од Александар Прокопиев (1985), „'Врапчето' во Македонија : специфичен хумористично-сатиричен поетско-музички жанр“ од Симо Младеновски (1985), „Интонационо-синтаксичкиот слој на поетскиот јазик на македонската народна поезија“ од Лазо Каровски (1986), „Македонски материјали во ‘Анкетен пресек 1949-1953'“ од Татјана Жежељ-Каличанин (1986), „Прилог кон проучувањето на народните пословици кај Турците од СР Македонија“ од Севим Пиличкова (1987), „Текстилното народно творештво и народната носија во Титовелешко“ од Ѓорѓи Здравев (1988), „Жената во македонските народни приказни и анегдоти“ од Герлинде Гласер (1990), „Кузман Капидан во споменот на народот“ од Марко Китевски (1990), „Фолклорни дијалектни текстови од Кајларско“ од Васил Дрвошанов (1992) и „Влашките песни од репертоарот на еден народен пејач од Крушево“ од Клеанти Ановска (2017). Создавањето на оваа библиотека несомнено претствува квалитативна страница во развојот на списанието ’Македонски фолклор’, со која македонската фолклористика се здоби со уште една значајна публикација“ (Вражиновски 1988: 8).

Несомнено е значајно кога се зборува за издавачката дејност да се истакне дека освен вработените во Институтот за фолклор објавуваат и голем број на надворешни соработници, што укажува на отвореноста на издавачката дејност не само кон нови личности кои ќе се презентираат пред јавноста со своите истражувања, туку и кон нови идеи и согледби кои се однесуваат на фолклорот.



Дел од изданијата на Институтот за фолклор



Изложените книги од издаваштвото на Институтот во просториите на КИЦРМ во Софија, кои по завршувањето на изложбата беа подарени на нивната библиотека.




Првиот и еден од последните броеви на „Македонски фолклор“.




Каталогот на изданијата на ИФМЦ (до 2002 год.) и најсеопфатната книга со библиографијата за фолклорот и етнологијата во Македонија.






Наградената книга „Фолклорот во Охридско-струшкиот регион" и зборникот на трудови од Меѓународниот научен симпозиум одржан во 2014 год.






Зборници на трудови од меѓународни научни собири во издание на Институтот за фолклор

# УЛОГАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР ВО ЗАШТИТАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Следејќи ги препораките на светската организација за образование, наука и култура – УНЕСКО, за заштита на нематеријалното културно наследство, властите на Република Македонија во 2005 год. со своите законски прописи овластија неколку стручни институции од областа на истражувањето и заштитата на нематеријалното културно наследство на територијата од државата. Помеѓу другите институции, како што се Националната установа Музеј на Македонија и јавните научни институции: Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје, Институтот за старословенска култура од Прилеп и Институтот за духовно културно наследство на Албанците, како еден од главните чинители на проучувањето и заштитата на нематеријалното културно наследство се јавува и Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје. Нормално, сето ова е поткрепено и со соодветно Решение за определување овластен субјект за заштита на фолклорните добра (бр. 30-1620/2 од 11.03.2005 год.), донесено од тогашниот Министер за култура, кое пак се заснова на членот 156 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ, бр. 20/04).

Во својата активност на ова поле, Институтот за фолклор релативно успешно одговори на поставените задачи во врска со проблематиката од областа на заштитата на нематеријалното културно наследство. Тоа првенствено се должи на богатиот фонотечен материјал со фолклористичка, етнолошка и етномузиколошка содржина, снимен на над 4000 магнетофонски ленти и депониран во Архивот на Институтот за фолклор. Имено, седумдецениските теренски истражувања на стручните лица во Институтот, како и на надворешните соработници од внатрешноста на земјата, создадоа за македонски прилики, богата ризница на фонотечен материјал, а исто така и богат архивски материјал со другите форми на регистрирање на народната култура, како што се фототеката, видеозаписите, текстуалните записи, мелограмите, разните цртежи и скици на народни везови и сл. Секако, голем придонес во овој ангажман на Институтот за фолклор на полето на заштитата ма нематеријалното културно наследство дадоа и самите вработени научни работници, кои како експерти во својата област несебично се вложија во изготвувањето на елаборати за валоризација на разните фолклорни добра, како дел од богатото нематеријално културно наследство на населението во државата.

Во досегашната ангажираност на Институтот за фолклор во изготовката на елаборати за валоризација на фолклорните добра од областа на нематеријалното културно наследство, која започна во 2007 година, изработени се над 60-тина елаборати. За дел од овие нематеријални фолклорни добра издадени се и соодветни Решенија за прогласување за културно наследство, и тоа најчесто во категоријата: „културно наследство од особено зна-

чење“, поткатегорија: „исклучително значење“ или поткатегорија: „големо значење“, согласно Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство (Службен весник на РМ, бр. 111/05 и 130/13). Такви Решенија до актуелниов момент се издадени вкупно 23, за 8 фолклорни добра постапката е во самата завршна фаза (се очекува формално прогласување на седница на Владата), а 30-тина се во процедура, т.е. се наоѓаат во различна фаза на комисиска ревизија од страна на Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура.

Од елаборатите за валоризација на фолклорните добра изготвени од експертите во Институтот за фолклор ќе издвоиме неколку, кои според своето општествено и културно значење заслужуваат да бидат издвоени во оваа прилика. Без претензија на некаква градација, најпрвин ќе го истакнеме валоризирањето на обредноста што се врши на празникот Ѓурѓовден/ Х'д'рлез, и тоа, како кај Македонците, така и кај останатите етнички заедници во Македонија – кај Албанците, Турците, Власите и Ромите. Обредните постапки што се извршуваат на овој празник, без оглед на етничката и конфесионалната припадност на населението што ги спроведува, според истражувањата и анализите на петте изработувачи на елаборатите за валоризација на Ѓурѓовден / Х'д'рлез (за секоја етничка заедница се изготвуваше посебен елаборат)[10], изобилуваат со разни обичаи и верувања од култот кон природата и култот кон плодноста.[11]

Но, карактеристиките на ѓурѓовденската обредност не се само белег на македонското поднебје, туку и многу пошироко, од крајните западни дело-

---

[10] Елаборатите за валоризација на обредноста поврзана со прославувањето на Ѓурѓовден / Х'д'рлез беа меѓу првите нематеријални културни добра што се валоризираа, а нив ги изработија следниве експерти од Институтот за фолклор: д-р Зоранчо Малинов – кај Македонците, д-р Изаим Муртезани – кај Албанците, д-р Севим Пиличкова – кај Турците, д-р Клеанти Ановска – кај Власите и д-р Боне Величковски – кај Ромите. Врз основа на изработените елаборати за валоризација на обредната практика во врска со празникот Ѓурѓовден кај споменативе етнички заедници, од коишто произлегоа и соодвтените предлози за прогласување на овие обреди како нематеријално (фолклорно) културно добро за културно наследство, во јули 2011 год., Владата на Република Македонија донесе и соодветни одлуки, со кои, Ѓурѓовден кај Македонците, кај Албанците, кај Ромите и кај Власите во Република Македонија, како и Х'дерлез кај Турците во РМ се прогласуваат за културно наследство од *особено значење*, поткатегорија – *исклучително значење*.

[11] Повеќе информации за обичаите и обредниот фолклор кај сите погоре спомenати етнички заедници може да се проследат во монографскиот труд „Ѓурѓовден во Република Македонија“ во кој секој од авторите на одделните текстови детално ја елаборираат ѓурѓовденската обредност. Автори на текстот за Ѓурѓовден кај Македонците се д-р Зоранчо Малинов и д-р Велика Стојкова Серафимовска, кај Власите – д-р Клеанти Ановска, кај Албанците – д-р Изаим Муртезани, кај Ромите – д-р Трајко Петровски и кај Турците – д-р Актан Аго, в.: „Ѓурѓовден во Република Македонија“, уредник д-р Зоранчо Малинов, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, посебни изданија, кн. 84, Скопје, 2018.

ви на Балканскиот Полуостров, па сé до Блискиот Исток, вклучувајќи ги и Мала Азија и земјите јужно од Кавказ. Затоа, не случајно, токму од страна на надлежните институции на Република Турција, т.е. канцеларијата на УНЕСКО во Турција, се појави иницијатива за заедничка апликација на повеќе земји од овој простор, меѓу кои и Република Македонија, за поставување на обредноста поврзана со Ѓурѓовден / Х'д'рлез на репрезентативната листа на УНЕСКО за светското нематеријално културно наследство. Но, за жал, различниот пристап и третман на обредноста поврзана со празникот Ѓурѓовден (Х'д'рлез) од страна на некои од државите коапликанти, односно преголемата нагласеност на култот на Св. Георгиј во некои од експликациите на обредноста поврзана со овој празник, доведоа до тоа стручните лица од телата на УНЕСКО да имаат повеќе забелешки на заедничката апликација на шесте земји – Турција, Македонија, Србија, Хрватска, Романија и Молдавија. Понатамошните постапки доведоа и до заклучок, дека е потребно да се направат две посебни апликации – едната за обредноста што се практикува на Ѓурѓовден (Ђурђевдан, Jurjevo, Sfîntul Gheorghe), а другата за Х'д'рлез (Hidirellez). Но, неволјите не завршија тука. Условно кажано, христијанските земји што преостанаа во апликацијата за прогласување на Ѓурѓовден за нематеријално културно наследство на човештвото (Хрватска, Србија, Македонија, Романија и Молдавија), сè уште не можат да ги усогласат недоразбирањата околу забелешките доставени од стручните тела на УНЕСКО, па до денешен ден нема договор за понатамошно дејствување во врска со заедничката апликација. Од тие причини, на Македонија ѝ преостана да се вклучи во иницијативата на Турција за прогласување на обредноста поврзана со Х'д'рлез како нематеријално културно наследство на УНЕСКО-вата репрезентативна листа. Обредноста поврзана со пролетното прославување на Х'д'рлез (Spring celebration, Hıdrellez), како културно добро номинирано заеднички од страна на Турција и Македонија беше прогласено за културно наследство на човештвото и поставено на УНЕСКО-вата репрезентативна листа на нематеријалното културно наследство на човештвото во 2017 год., на седницата на 12-тиот Меѓувладин комитет за заштита на нематеријалното културно наследство на УНЕСКО, што се одржа во декември на островот Чеџу во Република Кореја.[12]

Но, освен ова нематеријално култрно добро, надлежните македонски институции за заштита на културното наследство преку Министерството за култура до седиштето на УНЕСКО во Париз имаат поднесено и успешно завршено уште неколку апликации за впишување на македонски културни добра на репрезентативната и на ургентната листа на светското културно наследство. На првата, репрезентативната листа, од нашата др-

[12] Повеќе информации за постапката, како и за самиот обичај (фото и видеодокументација) како нематеријално културно наследство на човештвото можат да се проследат на официјалната веб-страница на УНЕСКО: https://ich.unesco.org/en/RL/spring-celebration-hidrellez-01284.

жава самостојно предложени се и впишани се две нематеријални културни добра, и тоа, „Чет’рсе – обредност поврзана со празникот Св. 40 маченици во градот Штип“ (Feast of the Holy Forty Martyrs of Štip) и „Копачката – соборско оро од с. Драмче, Пијанец (Делчевско)“ (Kopachkata, a social dance from the village Dramche, Pijanec), додека на истата листа впишано е и едно нематеријално културно наследство – „Мартинки – културни практики поврзани со 1-ви март“ (Cultural practices associated to the $1^{st}$ of March), како мултинационална апликација заедно со уште три држави, и тоа: Романија, Молдавија и Бугарија. На ургентната листа, пак, односно за листата на загрозени нематеријални културни добра, Македонија има поднесено една апликација, која, исто така успешно е оценета, па така, „Гласоечко – повеќегласно машко пеење од Долни Полог (Тетовско)“ (Glasoechko, male two-part singing in Dolni Polog) е впишано на оваа листа како нематеријално културно наследство на човештвото.[13]

Секако, елаборатите за валоризација на овие нематеријални културни добра беа изработени од експерти вработени во Институтот за фолклор, а самите апликации беа изготвени во соработка со стручни лица одредени од Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура. Така, елаборатот за валоризација, како и апликацијата за штипскиот обичај „Чет’рсе“ го изработи д-р Зоранчо Малинов, во соработка со м-р Ивона Опетческа-Татарчевска и м-р Велика Стојкова-Серафимовска, кои пак ги изработија апликациите за „Копачката“ и „Гласоечко“, врз основа на елаборатите за валоризација на овие две културни добра што беа изработени од етномузикологот вработен во Институтот за фолклор, д-р Родна Величковска.

Од останатите елаборати за валоризација на нематеријалните културни добра што ги изработи Институтот за фолклор, а за кои би можело да се изготват апликации за поставување на листите на УНЕСКО на светското нематеријално културно наследство, ќе ги споменеме уште: „Водици – обредноста поврзана со празникот Богојавление во градот Охрид“, „Руса-

[13] Повеќе информации за постапките, како и за самите нематеријални културни добра (фото и видеодокументација) како нематеријално културно наследство на човештвото можат да се проследат на официјалната веб-страница на УНЕСКО: https://ich.unesco.org/en/RL/feast-of-the-holy-forty-martyrs-in-stip-00734 – за „Чет’рсе“, кое е првото нематеријално културно добро од нашата држава, впишано на 8 седница на Меѓувладиниот комитет на УНЕСКО, одржана во декември 2013 год. во Баку, Азербејџан; https://ich.unesco.org/en/RL/kopachkata-a-social-dance-from-the-village-of-dramche-pijanec-00995 – за „Копачката“, која е впишана во декември 2014 год. на седницата одржана во Париз, Франција; https://ich.unesco.org/en/USL/glasoechko-male-two-part-singing-in-dolni-polog-01104 – за „Гласоечко“, впишано на седницата одржана во 2015 год. во Виндхук, Намибија и https://ich.unesco.org/en/RL/cultural-practices-associated-to-the-1st-of-march-01287 – за „Мартинките“, кои се впишани на истата седница како и „Х’д’рлез“, којашто се одржа 2017 год. во Јужна Кореја.

лии – машки обредни поворки од југоисточниот дел на Р. Македонија", „Обредни игри со маски (карневал) во Вевчани", „Мечкари – машки обредни поворки од градот Прилеп", „Обредот со маски во с. Љубанци, Скопско", „Обредот 'џамала' во с. Орашац, Кумановско", „Обичајот ратевски бабмурци", „Обредот 'Еортија (Ордија)' во Струга", „Обредноста поврзана со празникот Св. Трифун во Р. Македонија", „Обичаите и песните при зажнејувањето и вршидбата на оризот во Кочанско", „Жетварското пеење во Македонија", „Лазарското пеење во Македонија", „Песни со извикување во македонската вокална традиција", „Знаењето и вештината на изработка и свирење на музичкиот инструмент гајда", „Музичкиот инструмент кавал", „Музичкиот инструмент ќемене", „Музичкиот инструмент тамбура", „Чалгиската музика во Р. Македонија", „Преданијата за Крали Марко", „Јуначките песни во Македонија", „Побратимството на Говедар Камен", „Струшкиот вез – техника и вештини на везење", како и некои други фолклорни, односно нематеријални културни добра за кои македонската јавност смета дека треба да се најдат на репрезентативната или на ургентната листа на светското културно наследство.[14]

Од фолклорните добра на останатите етнички заедници во Македонија, кои преку стручните елаборати за валоризација на соодветен начин се третирани од страна на стручните лица во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје, покрај веќе споменатиот Ѓурѓовден / Х'д'рлез, ќе ги издвоиме: „Свадбените обичаи кај Албанците во Р. Македонија", „Пеливанството како традиционален спорт и вештина во Каршијака (Општина Студеничани)", „Пеливанската традиција кај Турците во Р. Македонија", „Сточарските песни на Власите во Р. Македонија", „Традиционалното пеење кај Власите во Р. Македонија", „Обичајот Василица кај Ромите во Р. Македонија", „Бибијако Диве ('Теткинден') кај Ромите во Р. Македонија", „Ковачкиот занает кај Ромите од Р. Македонија", „Чочекот како ритуална и традиционална игра кај Ромите во Р. Македонија" и др.[15]

---

[14] Покрај веќе споменатите изработувачи на елаборатите за валоризација на нематеријални културни добра кај Македонците: етнологот д-р Зоранчо Малинов и етномузиколозите д-р Родна Величковска и д-р Велика Стојкова Серафимовска, овде би ги споменал и другите експерти од соодветната област што ги изготвуваат елаборатите за валоризација на нематеријалните (фолклорни) културни добра, како што се фолклористите: д-р Катерина Петровска-Кузманова, д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска и д-р Ермис Лафазановски, етнологот д-р Весна Петреска, историчарот на уметноста д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, етномузикологот д-р Александра Кузман, како и експерти ангажирани вон оваа институција, како што се професорите од областа на етномузикологијата и етноорганологијата, д-р Драган Даутовски и м-р Горанчо Ангелов.

[15] Елаборатите за валоризација на културните добра на останатите етнички заедници во Македонија ги изработија воглавно истите експерти како и за Ѓурѓовден / Х'д'рлез: д-р Изаим Муртезани – кај Албанците, д-р Севим Пиличкова и д-р Актан Аго – кај Турците, а д-р Клеанти Ановска – кај Власите. Елаборатите за валоризација на ромските нематеријални културни добра ги има изработено д-р

Што се однесува, пак, до презентацијата на нематеријалното културно наследство во рамките на дејностите на Институтот за фолклор, во оваа прилика би ги споменале и публикувањето на мноштвото монографски студии и зборници на одредена тематика поврзана со конкретно фолклорно, односно нематеријално културно добро, од кои, некои се впишани и во Националниот регистар на нематеријалното културно наследство, а некои, како што видовме и на листите на УНЕСКО. Таков е на пример случајот со издавањето на веќе споменатиот монографски труд за Ѓурѓовден (Hidirellez) во Република Македонија, како и монографската студија за Побратимството на Говедар Камен од д-р Весна Петреска.

Во рамките на презентацијата на нематеријалното културно наследство би ги споменале и реализациите на неколкуте изложби со везови на кошули, марами, сокаи и сл., со плетива (чорапи, сорки) и со цртежи-скици со разни мотиви од народни везови, кои го доловуваат уметничкото творештво на македонската жена како создавач и пренесувач на техниката и вештината на оваа своевидна народна уметност. Вакви изложби Институтот за фолклор има реализирано во Културниот центар на Република Македонија во Софија, Бугарија, како и во соодветни установи од областа на културата во неколку градови во државава, како на пример во Штип, Кратово, Кочани и др.

Секако, во оваа прилика треба да се оддаде признание и да се изрази благодарност до Министерството за култура на РМ кое во изминатата деценија и половина издвојуваше средства за реализацијата на соодветните елаборати за валоризација на одредени нематеријални културни добра во рамките на Годишните програми за финансирање на проекти од национален интерес во културата, како и за финансирањето на публикувањето на споменативе монографски трудови за впишаните нематеријални културни добра во Националниот регистар, а овде треба да се спомене и финансирањето на споменативе изложби со народни везови од депото на Институтот за фолклор.

Во овој краток преглед на достигнувањата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ на полето на заштитата и презентацијата на нематеријалното културно наследство треба да се истакне и организирањето на студии од втор и трет циклус, односно постдипломски и докторски студии во рамките на високообразовната дејност на Институтот за фолклор, по чиешто успешно завршување кандидатите се стекнуваат со научните титули магистер и доктор по фолклористика. Инаку, во самите студиски програми по фолклористика вметнати се и извесен број на предмети кои ја третираат проблематиката со заштитата на нематеријалното културно наследство, а еден од модулите на студиската програма од трет циклус по фолклористика – Апликативна фолклористика, е наменет токму за профилирање на

---

Трајко Петровски, додека елаборатот за чочекот го има изработено во соработка со етнокореологот м-р Стојанче Костов.

стручни кадри од областа на заштитата и презентацијата на нематеријалното културно наследство.




Дел од книгите за нематеријалното културно наследство поставено на националната листа на културното наследство



Дел од експонатите на изложбите со везови на Институтот за фолклор

## ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Освен на полето на истражувањето, архивирањето, публикувањето и популаризирањето на македонската традиционална култура, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од 2008 год. е регистриран и за високообразовна дејност, односно се има стекнато со акредитација за организирање на студии од втор (последипломски) и трет циклус (докторски) студии. На тој начин на научниот кадар во институтот му беше овозможено да го искористи својот потенцијал и на полето на високообразовната дејност, односно можноста стекнатото знаење и искуство од своите децениски истражувања да го пренесува и на помладите генерации.

На сите успеси на оваа реномирана научна институција на полето на истражувањето на традиционалната култура како да им недостасуваше верификација и од аспект на високообразовната дејност, со оглед на фактот што некои од вработените научни работници во институтот веќе се имаа стекнато и со извесно искуство во изведувањето на настава по соодветни предмети од нивните области на истражување на додипломските или последпипломските студии на некои од универзитетите во државава.[16] Во прилог на желбите на вработените научни работници во Институтот за започнување со едукација на кадри од областа на фолклористиката им одеа и законските одредби со кои на научните институти им се овозможуваше организирање на последипломски студии од соодветната научна област и на стекнување со научниот степен доктор на науки на кандидатите кои успешно ќе ја одбранат својата докторска дисертација. Оваа можност неколку години претходно, благодарение на законските прописи што ги регулираа високообразовната и научноистражувачката дејност веќе ја имаше искористено Институтот за национална историја уште во академската 1998/ 99 год., а со подготовки за акредитација на студиските програми во рамките на своите дејности беа започнати и останатите сродни научни институти: Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Институтот за македонска литература.[17]

[16] Во периодот кога се аплицираше за акредитација на студиите по фолклористика како наставници по соодветни предмети од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и културната антропологија на разни факултети на неколку универзитети во земјава беа ангажирани: д-р Ермис Лафазановски, д-р Весна Петреска, д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, д-р Изаим Муртезани, д-р Зоранчо Малинов и д-р Родна Величковска. Поконкретно за ангажманот на споменативе научни работници како наставници на соодветни високообразовни институции може да се погледа на официјалната веб-страница на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“: ifmc.ukim.mk, каде што секој од вработените од редот на научните работници има презентирано свои биографски податоци, како и во делот кој ги презентира информациите за високообразовната дејност на Институтот, односно студиите од втор и трет циклус.

[17] Ова беше овозможено со член 53 од Законот за насоченото образование од 1985 год. (Сл. весник на СРМ бр. 16/85) и член 11 од Законот за научно-истражувачката

Конечно, започнувајќи од академската 2008/09 година, на Институтот за фолклор „Марко Цепенков", освен со примарната научноистражувачка дејност му е овозможено да извршува активности и од доменот на високообразовната дејност. Имено, благодарение на предлог-проектот за организирање на последипломски (магистерски) и докторски студии што го изготви д-р Боне Величковски, како и со соодветните одлуки донесени од страна на надлежните тела на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", тогашниот Одбор за акредитација на високото образование со Решение бр. Сл. 12 од 26.2.2008 год. му овозможи на Институтот за фолклор за првпат во својата историја да се јави во улога на организатор на последипломски (магистерски) студии и на докторски студии по фолклористика.

Акредитацијата на студиската програма на последипломските студии по фолклористика од 2008 год. се однесуваше на 4-семестрални (двегодишни) студии, со вкупно 120 кредити според ЕКТС, така што шесте задолжителни и трите изборни предмети обезбедуваа вкупно 90 ЕКТС, а одбраната на магистерскиот труд 30 ЕКТС. Задолжителни беа предметите: Светска фолклористика, Балканска фолклористика, Методологија на фолклористичката наука, Духовна и материјална култура, Теренска фолклористика и Странски јазик, додека како изборни беа понудени 20-тина предмети, од кои, студентот требаше да одбере три според својот афинитет, а кои би биле компатибилни со темата на магистерскиот труд.

Така, според 2-годишната (4-семестрална) студиска програма, од вкупно запишаните 12 студенти, магистерските студии успешно ги завршија 9 студенти, кои се стекнаа со научната титула магистер по фолклористика:

1. Ермаљ Мехмети (тема на магистерскиот труд: „Полифоното пеење кај Албанците во Република Македонија, со посебен осврт на преспанскиот регион", ментор: проф. д-р Реџеп Муниши);
2. Џенгис Ибрахим (тема: „Народниот музички инструмент баглама кај Турците во Македонија", ментор: проф. д-р Родна Величковска);
3. Тимко Чичаковски (тема: „Чалгиската традиција во Берово", ментор: проф. д-р Родна Величковска);
4. Сашо Митев (тема: „Народните музички инструменти и инструменталната традиција во Струмичко-радовишкиот регион", ментор: проф. д-р Родна Величковска);

---

дејност (Сл. весник на РМ бр. 13/1996), па така, од сродните научни институти ова право најпрвин го искористи Иститутот за национална историја во 1998 год., а потоа, во 2008 год. со донесувањето на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008) и Законот за научно-истражувачката дејност (Сл. весник на РМ бр. 46/2008), речиси паралелно со Институтот за фолклор со соодветни акредитации се стекнаа и Институтот за литература и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков". Сите овие четири институти имаат статус на придружни членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и со по еден свој претставник се застапени во Сенатот на УКИМ.

5. Марко Петрушевски (тема: „Психоаналитичката фолклористика на Алан Дандес“, ментор: проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска);

6. Рини Усеини (тема: „Албанските народни носии во Струшко“, ментор: проф. д-р Изаим Муртезани);

7. Трајан Ристовски (тема: „Традициски верувања и обредна пракса околу раѓањето кај овчеполците“, ментор: проф. д-р Зоранчо Малинов);

8. Зоран Џорлев (тема: „Ороводните песни како дел од македонската обредно-пејачка традиција“, ментор: проф. д-р Родна Величковска);

9. Антонија Гугинска-Јорданоска (тема: „Традиционалната текстилна орнаментика во Скопска Блатија“, ментор: доц. д-р Јасминка Ристовска Пиличкова).

Но, со оглед на фактот што во меѓувреме се донесоа нови законски регулативи во однос на акредациите за студиите од втор циклус, односно последипломските (магистерски) студии, Институтот за фолклор, врз основа на предлог-проектот изработен од раководителот на постдипломските (магистерски) студии, д-р Весна Петреска,[18] во мај 2013 год. усвои нова студиска програма, со која се предвидува студиите од втор циклус да бидат двосеместрални (едногодишни), а како новитет се јавува и можноста за студирање на еден од двата предвидени модули: Интермедијални студии по фолклористика и Фолклористички истражувања на културата. И двата модули имаат вкупно по шест предмети, од кои три задолжителни и три изборни, со вкупно 30 ЕКТС, додека со одбраната на магистерскиот труд, кој носи исто така 30 ЕКТС, студентот со завршувањето на овие студии се стекнува со вкупно 60 ЕКТС. Структурата на предметите и стекнувањето на кредитите според ЕКТС и на двата модули се исти, со тоа што и двата модули имаат еден заеднички задолжителен предмет: Фолклористика – методи на научно истражување, а останатите два се различни, со тоа што едниот од предметите има идентичен наслов како и самиот модул на студиската програма. Од изборните предмети студентот може да бира од 20-тината предмети што ги нуди Институтот за фолклор, така што, едниот мора да е од понудената листа за соодветниот модул, вториот може да е било кој предмет од целокупната понудена листа на Институтот за фолклор, т.е. од листите на двата модула, а третиот треба да биде избран од понудентата листа на изборни предмети на УКИМ, каде што се поставени и изборните предмети понудени од Институтот за фолклор.[19]

---

[18] Со самото започнување на последипломските (магистерски) студии за прв раководител беше избран проф. д-р Ермис Лафазановски, во периодот 2009-11 год. раководител на студиите беше проф. д-р Боне Величковски, во 2011-12 год. со студиите раководеше проф. д-р Зоранчо Малинов, а од 2012 год. до актуелниов момент раководител на студиите од втор циклус по фолклористика е проф. д-р Весна Петреска.

[19] Повеќе информации за студиската програма на студиите од втор циклус последипломски академски студии по Фолклористика можат да се проследат на офици-

Вака структуираната студиска програма на студиите од втор циклус по фолклористика се официјализираше со почетокот на академската 2014/15 год., бидејќи Решението за акредитација на студиската програма издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (бр. 13-130/2) беше донесено на 30.10.2013 год., а Решението од Министерството за образование и наука за започнување на студиите (бр. 13-869/2) беше издадено на 24.1.2014 год.[20] По новата, двосеместрална (едногодишна) студиска програма по фолклористика досега се запишаа вкупно 10 студенти, од кои троца ги завршија студиите, а до започнувањето на академската 2020/21 год., со статус на активни студенти се шестмина, кои се во различни фази од студирањето. Тројцата магистри по фолклористика според новата, двосеместрална (едногодишна) програма се:

1. Мелита Ивановска (тема: „Обредната пејачка традиција кај Македонците со исламска религија во Долна Река", ментор: проф. д-р Родна Величковска);
2. Горан Василески (тема: „Женските обредни поворки во Брсјачката етнографска целина", ментор: проф. д-р Зоранчо Малинов);
3. Ружица Самоковлија Барух (тема: „Обредноста при воведувањето во статусот жена во македонската традиционална култура, ментор: проф. д-р Весна Петреска)".

Што се однесува до добиената акредитација за докторските студии во 2008 год., таа не го дочека своето вистинско заживување, со оглед на фактот што веднаш по здобивањето со акредитацијата настанаа измени во законската регулатива, бидејќи постоеја извесни недоречености во организирањето на докторските студии, односно студиите од трет циклус, како што подоцна беа наречени. Но, во секој случај оваа акредитација му овозможи на Институтот за фолклор да организира одбрани на докторски дисертации на заинтересираните кандидати од областа на фолклористиката, што беше овозможено според законските регулативи што дозволуваа стекнување со научната титула доктор на науки само со изготовка и одбрана на докторска дисертација. На тој начин во Институтот за фолклор успешно беа одбранети 12 докторски дисертации, а ректорите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во периодот 2010-18 год. ги поромовираа следниве доктори по фолклористика:

1. Марија Кукубајска (тема на докторската дисертација: „Смртта и вечноста во народните приказни од САД и Македонија", ментор: проф. д-р Ермис Лафазановски);

---

јалната веб-страница на институтот: ifmc.ukim.mk/images/PDF/Studiskaprograma Folkloristika-elaborat-za-vtor-ciklus-studii-31-05-2013.pdf.

[20] Повеќе информации за целата постапка да се види во документот Извештај за самоевалуација на институцијата и студиската програма по Фолклористика на ИФМЦ, објавен на официјалната веб-страница на институтот: http://ifmc.ukim.mk/images/PDF/studii/Samoevaluacija-2017.pdf.

2. Лидија Чуковска-Робева (тема: „Ерминиите и македонската зографска традиција“, ментор: проф. д-р Донка Барџиева Трајковска);

3. Благица Хаџи-Јовановска (тема: „Религиозните мотиви во македонската народна поезија“, ментор: проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска);

4. Етхем Бајмак (тема: „Народните преданија кај Турците од Косово и од Македонија“, ментор: проф. д-р Севим Пиличкова);

5. Јасминка Ристовска Пиличкова (тема: „Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи“, ментор: проф. д-р Никос Чаусидис);

6. Велика Стојкова-Серафимовска (тема: „Македонската вокална музичка традиција во процесот на општествената транзиција : од '80-ите години на минатиот век до денес“, ментор: проф. д-р Родна Величковска);

7. Гоце Гавриловски (тема: „Фолклорот и неговата уметничка транспозиција во дел од симфонискoто творештво кај македонските композитори“, ментор: проф. д-р Родна Величковска);

8. Гордана Вренцоска (тема: „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“, ментор: проф. д-р Антоанела Петковска);

9. Стојанка Манева-Чупоска (тема: „Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современиот моден дизајн“, ментор: проф. д-р Зоранчо Малинов);

10. Владимир Јаневски (тема: „Етнокореолошка класификација на ората во Македонија“, ментор: проф. д-р Родна Величковска);

11. Есмије Весели (тема: „Фолклорните елементи во канонот на Лека Дукаѓини“, ментор: проф. д-р Изаим Муртезани);

12. Беким Рамадани (тема: „Развојните патишта на албанскиот музички фолклор во Тетово и Тетовско“, ментор: проф. д-р Родна Величковска).

Согледувајќи ја потребата од нова акредитација за студиите од трет циклус (докторски студии) по фолклористика, Институтот за фолклор во 2017 год. донесе одлука за прифаќање на предлог-проектот што го изготви проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, која подоцна беше и избрана за раководител на докторските студии по фолклористика. Решението од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование беше донесено на 23.11.2017 год. (бр. 1409-163/2), а Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус по фолклористика МОН го издаде во јануари 2018 год. (УП1 бр. 14-145). Студиската програма од трет циклус (докторски студии) по фолклористика има два модули: Рефлексивна фолклористика и Апликативна фолклористика, кои имаат иста структура на предметите, според бројот на задолжителните и изборните предмети, како и останатите активности што треба да ги реализираат студентите, што впрочем е регулирано и со законските акти и со Правилниците на Универ-

зитетот „Св. Кирил и Методиј". Вкупниот број на кредити што се стекнуваат со завршувањето на студиите од трет циклус по фолклористика изнесува 180 кредити според ЕКТС, кои се рамномерно распоредени во шесте семестри, колку што траат студиите.[21]

По објавувањето на Конкурсот на УКИМ за академската 2018/19 год., Институтот за фолклор ги доби и првите студенти на студиите од трет циклус, така што на редовниот упис во октомври 2018 год, се запишаа тројца студенти, а на дополнителниот во јануари 2019 год. се запиша уште еден кандидат. Со оглед на тоа што еден од кандидатите имаше завршено 4-семестрални магистерски студии по фолклористика (120 ЕКТС), според тогаш актуелниот Правилник на УКИМ за студирање на трет цикус (докторски студии), нему му беше овозможено директно да се запише во третиот семестар и да биде ослободен од полагањето на предвидените испити во првите два семестри, а наскоро потоа можеше да пријави и тема на докторската дисертација.

Со стартувањето на докторските студии, односно студиите од трет циклус по фолклористика конечно целосно се заокружи интенцијата на научниот кадар во Институтот за фолклор да го искористи својот потенцијал и на полето на високообразовната дејност, односно можноста стекнатото знаење и искуство од своите децениски истражувања да да го пренесува и на помладите генерации. Така, освен претходно спomenатите научни работници кои се имаа стекнато со искуство како наставници на некои од универзитетите во земјава[22], со акредитациите на студиите од втор циклус (магистерски) и трет циклус (докторски) студии по фолклористика, целиот научен потенцијал на Институтот за фолклор беше мобилизиран и ставен на располагање за потребите на студиите по фолклористика. Во актуелниов момент, односно почетокот на академската 2020/21 год., Институтот за фолклор располага со 8 научни советници, чие звање според Законот за високото образование е еквивалентно на наставно-научното звање редовен професор), 3 виши научни соработници (вонредни професори) и 2 научни соработници (доценти), а од нив 5 се имаат стекнато со акредитација за ментор на докторските студии: проф. д-р Родна Величковска, проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, проф. д-р Весна Петреска, проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова и проф. д-р Зоранчо Малинов. Освен ангажманот на својот научен и наставен кадар, Институтот за фолклор во рамките на последипломските и докторските студии има ангажирано како мен-

[21] Подетални информации за студиската програма по Фолклористика на студиите од трет циклус – докторски студии можат да се проследат на официјалната веб-страница на институтот: http://ifmc.ukim.mk/images/pdf/studii/studiska-programa-folkloristikaIIIciklus.pdf. Од академската 2019-20 год. со докторските студии по фолклористика раководи проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова.

[22] Во меѓувреме и дел од помладиот научен кадар, како д-р Актан Аго и д-р Велика Стојкова-Серафимовска се имаа стекнато со искуство како наставници на некои од универзитетите во земјава.

тори и членови на комисии за одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации и извесен број на истакнати научни и наставно-научни работници од научните и високообразовните установи од земјава и од странство, воглавно од Бугарија, Србија, Косово и Босна и Херцеговина.

Што се однесува до самата структура на студентите што се запишуваат на студиите од втор и трет циклус по фолклористика може да се дојде до заклучок дека добар дел од нив доаѓаат од областа на етномузикологијата, вклучувајќи ги овде како сродни дисциплини и етноорганологијата и етнокореологијата, потоа од областа на етнологијата и од областа на истражувањето на народната литература. Аналогно на нивната квалификација во однос на додипломските, односно магистерските студии, тие најчесто одбираат и тема за нивното понатамошно научно усовршување, одбирајќи теми за нивните магистерски трудови, односно докторски дисертации од истата научна дисциплина, иако имаме и неколку случаи кога дипломиран филолог или етнокореолог одбира тема која е поблиска до етнолошката проблематика. Впрочем, испреплетувањето на научно-истражувачките полиња и области на релација: етнологија – фолклористика или обратно (фолклористика – етнологија), често пати било тема на дискусија и на самите работни тела на Институтот за фолклор, со оглед на фактот што според официјалната класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната Фраскатиева класификација (Сл. весник на РМ бр. 103/2010), Фолклористиката како наука ја класифицира во научноистражувачкото подрачје: Хуманистички науки (шифра: 6), научноистражувачко поле: Етнологија и етногенеза (шифра: 610) и научноистражувачка област: Фолклористика (шифра: 61008), иако според некои други класификации, фолклористиката се класифицира во науката за книжевноста.

Во секој случај, фолклористиката сфатена како наука за народната култура нуди доста предизвици за истражувањето на феноменот на народното творештво за што ни говори и приложениот список на темите на магистерски трудови и докторски дисертации одбранети на Институтот. Воедно, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ може да се пофали дека продуцирањето на магистри и доктори по фолклористика е уникатен случај не само во нашава држава, туку и пошироко во балкански рамки, со оглед на фактот што темите на научните трудови што се одбранети на оваа институција, во странство воглавно се продуцираат на катедрите по етнологија, филологија, историја на уметноста или на музичките академии, што впрочем истото целосно се спроведуваше и во нашата држава до акредитацијата на студиските програми по фолклористика што ги организира Институтот за фолклор, започнувајќи од академската 2008/09 година.

Што се однесува, пак, до применливоста на дипломите на завршените магистранти и докторанти по фолклористика на Институтот за фолклор, според нашите сознанија неколку од нив се вклучени во образовниот процес како наставници во средни училишта (ДМБУЦ „Илија Николовски –

Луј“), некои се на разни катедри во високообразовни институции (Музичка академија и Филолошки факултет при УГД Штип, Филолошки факултет ДУ Тетово, Филолошки факултет Приштина, Косово), некои се вработени во научни институти (Институт за фолклор, Институт за духовното и културно наследство на Албанците во Скопје), некои во институциите од областа на заштитата на културното наследство (Национален конзерваторски центар за културно наследство), некои се професионално ангажирани во НУ Ансамбл „Танец“, а некои немаат речиси никакви допирни точки со нивниот професионален ангажман (новинар, службеник и сл.).



Дел од професорскиот кадар на Институтот за фолклор, кои се членови и на Научниот совет и на Советот на докторски студии: проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова, проф. д-р Весна Петреска, проф. д-р Родна Величковска, проф. д-р Зоранчо Малинов. проф. д-р Ермис Лафазановски, проф. д-р Изаим Муртезани и проф. д-р Лидија Сојановиќ-Лафазановска, снимени во септември 2020 год.



М-р Горан Василески со членовите на комисијата по успешната одбрана на магистерскиот труд



Д-р Беким Рамадани со менторот проф. д-р Родна Величковска и директорот (декан) проф. д-р Зоранчо Малинов на промоцијата во Ректоратот на УКИМ

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ВРАБОТЕНИ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

Организациската структура на Институтот за фолклор според актуелниот Правилник за систематизација на работните места во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје од 13.07.2016 година и Правилникот за внатрешна организација на Институтот од истиот датум, се состои од следниве сектори, оддели и работни места:

I. Сектор за научноистражувачка дејност:

1. Оддел за фолклористика и етнотеатрологија, раководител: д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска

а) Истражувач на народната поезија;
б) Истражувач на народната проза;
в) Истражувач на детскиот фолклор и кратките жанрови;
г) Истражувач на народната драма.

2. Етнолошки оддел, раководител: д-р Весна Петреска

а) Истражувач на семејниот живот, обредите и верувањата;
б) Истражувач на народниот календар, обредите и верувањата;
в) Истражувач на народното право, обредите и верувањата;
г) Истражувач на народните обичаи, обредите и верувањата.

3). Оддел за традиционални уметности и архитектура, раководител: д-р Јасминка Ристовска Пиличкова

а) Истражувач на и текстилната орнаментика;
б) Истражувач на уметничките занаети и вештини;
в) Истражувач на традиционалните занаети и вештини;
г) Истражувач на народната архитектура.

4). Оддел за етномузикологија и етнокореологија, раководител: д-р Родна Величковска

а) Истражувач на вокалната народна музика;
б) Истражувач на вокално-инструменталната народна музика;
в) Истражувач на инструменталната музика и народните инструменти;
г) Истражувач на народните ора.

5). Оддел за истражување на фолклорот и етнологијата на другите народи во Република Македонија, раководител: д-р Клеанти Ановска

а) Истражувач на фолклорот и етнологијата на албанскиот народ;

б) Истражувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ;
в) Истражувач на фолклорот и етнологијата на влашкиот народ;
г) Истражувач на фолклорот и етнологијата на ромскиот народ.

II. Сектор за административно-техничка дејност:

6). Оддел за стручна и општа (административна, правна, сметководствена и техничка) дејност, раководител: Милан Шарац

а) Секретар
б) Сметководител
в) Библиотекар
г) Архивист
д) Дешифрант
ѓ) Мелограф
е) Технички работник
ж) Хигиеничар

Со институцијата раководи директор, кој го избира Советот на институтот, а согласност за изборот на директорот дава Владата на РСМ. Актуелен директор на институцијата е д-р Ермис Лафазановски, а на таа позиција се наоѓа од 14.10.2019 година.



Директорот проф. д-р Ермис Лафазановски

Советот на институтот се состои од 9 членови, од кои, 6 членови се избираат од редовите на вработените со научни звања, а 3 членови назначува Владата на РСМ. Актуелен претседател на Советот е д-р Катерина Петровска-Кузманова, избрана во март 2013 год. и реизбрана во март 2017 год.

За прашањата од доменот на високообразовната дејност за студиите од втор циклус одлучува Научниот совет, со кој раководи директорот, а за

студиите од трет циклус одлуките ги донесува Советот за докторски студии со кој раководи раководителот на студиите од трет циклус. Раководител на студиите од трет циклус е проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова, а раководител на студиите од втор циклус во актуелниов момент е проф. д-р Весна Петреска.

## Вработени

Во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во актуелниов момент има 21 вработен, од кои, 15 се научно-истражувачки кадар, а 6 се административно-технички кадар. Од научно-истражувачкиот кадар, 13 се доктори на науки и се со научни звања (8 научни советници, 3 виши научни соработници и 2 научни соработници), а 2 се магистри на науки и имаат соработничко звање асистент-истражувач.

Научно-истражувачки кадар:

Д-р Ермис Лафазановски, директор и истражувач на народната проза, научен советник (вработен во ИФ од 1991 год.).

Д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, истражувач на народната поезија, научен советник (вработена во ИФ од 1990 год.).

Д-р Катерина Петровска-Кузманова, истражувач на народната драма, научен советник (вработена во ИФ од 1998 год.).

Д-р Кристина Димовска, истражувач на кратките жанрови и детскиот фолклор, научен соработник (вработена во ИФ од 2013 год.).

Д-р Весна Петреска, истражувач на семејниот живот, обредите и верувањата, научен советник (вработена во ИФ од 1990 год.).

Д-р Зоранчо Малинов, истражувач на народниот календар, обредите и верувањата, научен советник (вработен во ИФ од 1995 год.).

Д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, истражувач на текстилната орнаментика, виш научен соработник (вработена во ИФ од 1998 год.).

М-р Емилија Апостолова-Чаловска, истражувач на народната архитектура, асистент (вработена во ИФ од 2008 год.).

Д-р Родна Величковска, истражувач на вокалната народна музика, научен советник (вработена во ИФ од 1980 год.).

Д-р Велика Стојкова-Серафимовска, истражувач на вокално-инструменталната народна музика, виш научен соработник (вработена од 2013).

Д-р Александра Кузман, истражувач на инструменталната музика и народните инструменти, научен соработник (вработена во ИФ од 2013 год.)

М-р Стојанче Костов, истражувач на народните ора, асистент (вработен во ИФ од 2013 г.).

Д-р Изаим Муртезани, истражувач на фолклорот и етнологијата на албанскиот народ, научен советник (вработен во ИФ од 1995 год.).

Д-р Актан Аго, истражувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ, виш научен соработник (вработен во ИФ од 2013 год.).
Д-р Клеанти Ановска, истражувач на фолклорот и етнологијата на влашкиот народ, научен советник (вработена во ИФ од 1979 год.).

Административно-технички кадар:

Милан Шарац, секретар (вработен во ИФ од 2013 год.).
Анета Талеска, библиотекар (вработена во ИФ од 2013 год., хонорарно ангажирана во ИФ во периодот 2010-13).
Блага Ангелкова, архивист (вработена во ИФ од 2013 год.).
Цане Серафимовски, архивист (вработен во ИФ од 2013 год.).
Борис Петровски, технички работник (вработен во ИФ од 1987 год.).
Роза Димоска, хигиеничар (вработена во ИФ од 2015 год., хонорарно ангажирана во ИФ во периодот 2001-15).
Весна Стефановска, сметководител (хонор. ангажирана од 2017 год.).



Вработените во ЈНУ Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, 2018 год.

**Поранешни вработени во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“:**

Поранешни директори на Институтот:

Владо Малески (6.IV.1950 – 31.X.1950)
Аспарух Хаџиниколов (1.XI.1950 – 30.XI.1952)

Адријана Улчар (1.XII.1952 – 30.VIII.1953)
Живко Фирфов (1.IX.1953 – 10.IX.1962)
Марика Хаџи-Пецова (11.XI.1962 – 31.V.1963)
Драгослав Ортаков (1.VI.1963 – 31.X,1964)
д-р Кирил Ќамилов (1.XI.1964 – 31.X.1966)
д-р Блаже Ристовски (1.XI.1966 – 8.IV.1975)
м-р Ѓорѓи Здравев (9.IV.1975 – 8.IX.1975)
Ѓорѓи Ѓорѓиев (29.X.1975 – 31.V.1976)
проф. д-р Цветанка Органџиева (1.VII.1976 – 30.VI.1978)
м-р Ѓорѓи Здравев (1.VII.1978 – 15.III.1979)
д-р Галаба Паликрушева (15.III.1979 – *30.IV.1984)*
д-р Блаже Петровски (*1.V.1984 – 30.IV.1988*)
д-р Танас Вражиновски (*1.V.1988 –* 30.IV.1989)
д-р Васил Тоциновски (1.V.1989 – 30.IV.1990)
д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев (1.V.1990 – *23.IV.1991*)
д-р Благој Стоичовски (24.IV.1991 – 31.XII.1994)
д-р Александра Попвасилева (1.I.1995 – 30.VI.1997)
д-р Трпко Бицевски (1.VII.1997 – 30.VI.2001)
проф. д-р Севим Пиличкова (1.VII.2001 – 14.II.2010)
проф. д-р Боне Величковски (15.II.2010 – 14.II.2011)
проф. д-р Зоранчо Малинов (15.II.2011 – 13.X.2019)



Проф. д-р Зоранчо Малинов, поранешен долгогодишен директор (2011-19).

Поранешни претседатели на Советот на Институтот:

Ганчо Пајтонџиев (1967-70)
Александар Линин (1970-74)

Јелица Андоновска (197?-7?)
д-р Лазо Каровски (197?-76/7)
м-р Воислав Јаќоски (1976/7-79)
м-р Ѓорѓи Здравев (1979-81)
Јелица Андоновска (1981-84)
Трпко Бицевски (1984-85/6)
Татјана Каличанин (1985/6-88)
Јелица Андоновска (1990-92)
д-р Блаже Петровски (1993-97)
д-р Севим Пиличкова (1997-2001)
д-р Боне Величковски (2001-05)
д-р Катерина Петровска-Кузманова (2005-09)
проф. д-р Клеанти Ановска (2009-13)
прод. д-р Катерина Петровска-Кузманова (2013-17)

Научно-истражувачки и раководен кадар:

Владо Малески, писател, директор (во ИФ во 1950)
Аспарух Хаџиниколов, музиколог, директор (во ИФ 1950-52)
Методија Симоновски, етномузиколог, виш стручен соработник (вработен во ИФ 1950-65)
Нико Този, ликовен уметник, стручен соработник (враб. во ИФ 1950-55)
(проф. д-р) Емануел Чучков, географ и етнолог (хонорарен во ИФ 1950-51)
проф. д-р Бранислав Русиќ, етнолог (хонорарен во ИФ 1950-57)
Ристо Шеќерински, архитект, асистент (вработен во ИФ во 1951)
Ристо Проданов, фолклорист, виш стручен соработ. (враб. во ИФ 1951-62)
(проф. д-р) Миодраг Хаџи Ристиќ, етнолог, асистент (враб. во ИФ 1951-54)
Марија Хаџи Пецова, етнолог, асистент (вработена во ИФ 1952-63)
Јосиф Јосифовски, етнолог, асистент (вработен во ИФ 1952-56)
Ганчо Пајтонџиев, етнокореолог, стручен соработ. (враб. во ИФ 1952-68)
Душанка Шопова, асистент (вработена во ИФ во 1952)
Живко Фирфов, етномузиколог, стручен соработник (враб. во ИФ 1952-65)
(проф.) Крум Тошев, филолог (вработен во ИФ 1952-53)
Благоја Корубин, филолог, асистент (вработен во ИФ 1952-53)
(проф. д-р) Борис Марков, филолог, асистент (вработен во ИФ 1952-53)
(проф.) Кирил Македонски, музиколог (вработен во ИФ 1952-53)
Адријана Улчар, директор (хонорарно во ИФ 1952-53)
Вера Ралева Славејкова, етнолог, асистент (вработена во ИФ 1953-60)
Ангелина Крстева, етнолог, асистент (вработена во ИФ 1953-63)
Илија Аљушевски, фолклорист, стручен соработник (враб. во ИФ 1953)
д-р Кирил Ќамилов, фолклорист, научен соработник (враб. во ИФ 1957-68)
(д-р) Александар Линин, етномузиколог, виш стручен соработник, (вработен во ИФ 1958-74)
Лепосава Спировска, етнолог, виш стручен соработ. (враб. во ИФ 1963-83)

(проф. д-р) Драгослав Ортаков, музиколог, директор (враб. во ИФ 1963-64)
Живко Чинго, фолклорист, асистент (вработен во ИФ 1966-69)
(акад.) д-р Блаже Ристовски, фолклорист, научен советник (вработен во ИФ 1966-79)
(проф. д-р) Луан Старова, фолклорист, стручен соработник (вработен во ИФ 1967-68)
д-р Александра Попвасилева, фолклорист, научен советник (вработена во ИФ 1967-98)
д-р Трпко Бицевски, етномузиколог, научен советник (вработен во ИФ 1967-2003)
(проф. д-р) Фанија Попова Георгиева, фолклорист, асистент (вработена во ИФ 1968-71)
д-р Блаже Петровски, фолклорист, научен совет. (враб. во ИФ 1968-2001)
(проф.) д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, етномузиколог, научен советник (вработен во ИФ 1968-91)
Михаило Димоски, етнокореолог, асистент (вработен во ИФ 1968-79)
(проф.) д-р Ѓорѓи Здравев, ликовен уметник и етнолог, виш научен соработник (вработен во ИФ 1969-92)
д-р Татјана Каличанин, фолклорист, научен советник (вработена во ИФ 1970-2001)
д-р Воислав Јаќоски, фолклорист, научен соработ. (враб. во ИФ 1971-84)
д-р Танас Вражиновски, фолклорист, научен советн. (враб. во ИФ 1971-90)
(д-р) Никифор Робовски, фолклорист, научен соработник (вработен во ИФ 1971-72)
д-р Лазо Каровски, фолклорист, научен советник (враб. во ИФ 1974-86)
д-р Боривоје Џимревски, етномузиколог, научен советник (вработен во ИФ 1974-2005)
д-р Цветанка Органџиева, фолклорист, научен советник (вработена во ИФ 1976-83)
(проф.) д-р Анета Светиева, ликовен уметник и етнолог, виш научен соработник (вработена во ИФ 1977-90)
проф. д-р Севим Пиличкова, фолклорист, научен советник (вработена во ИФ 1977-2011)
д-р Галаба Паликрушева, етнолог, виш научен соработник (вработена во ИФ 1979-84)
м-р Драгица Божинова, фолклорист, асистент (вработена во ИФ 1979-92)
(проф. д-р) м-р Весна Матијашевиќ, фолклорист, асистент (вработена во ИФ 1980-99)
проф. д-р Трајко Петровски, етнолог, научен советник (вработен во ИФ 1980-2019)
проф. д-р Боне Величковски, фолклорист, научен советник (вработен во ИФ 1976-2012)
д-р Васил Тоциновски, книжевен историчар, научен соработник (вработен во ИФ 1989-91)

д-р Благој Стоичовски, историчар и фолклорист, научен соработник (вработен во ИФ 1991-2002)
(д-р) Леонтина Гега, фолклорист, асистент (вработена во ИФ 1986-89)
(проф.) д-р Кокан Грчев, архитект, научен советн. (враб. во ИФ 1990-2007)
Љупчо Бојаров, ликовен уметник, помлад асистент (враб. во ИФ 1990-91)
Нарциса Андреева-Мишева, ликовен уметник, помлад асистент (вработена во ИФ 1990-94)
Симонида Филипова-Китановска, ликовен уметник, помлад асистент (вработена во ИФ 1998-2001)
(м-р) Ивона Опетчевска-Татарчевска, етнокореолог, помлад асистент (вработена во ИФ 1998-2004)
(д-р) м-р Јелена Цветановска, етнолог, асистент (враб. во ИФ 1999-2005)
(д-р) м-р Ермаљ Мехмети, етномузиколог, асистент (враб. во ИФ 2006-14)

Административно-технички кадар:

Петар Јакимоски, секретар-правник (вработен во ИФ 1950-54)
Ранка Христова, технички соработник (вработена во ИФ 1951-80)
Стефка Данаилова, технички соработник (вработена во ИФ 1951-59)
Антигона Шкаперда, дактилограф (вработена во ИФ 1951-52)
Кадрија Зекирија, хигиеничар (вработен во ИФ 1951-83)
Методија Стојчевски, возач (вработен во ИФ 1952-66)
Вера Панкова Здравева, дешифрант (вработена во ИФ 1952-65)
Ванчо Георгиев Ивановски, стручен соработник (вработен во ИФ 1952-53)
Стојан Стојменов, стручен соработник (вработен во ИФ 1953)
Марица Антонова Попстефанија, техн. соработник (враб. во ИФ 1953-63)
Олга Синколова, дактилограф (вработена во ИФ 1953-70)
Никола Цветковски, домаќин-курир (вработен во ИФ 1955-64)
Милош Мисајловски, економ (вработен во ИФ 1955-59)
Тихо Чепреганов, секретар-сметководител (вработен во ИФ во 1955)
Петар Тодоровски, сметководител (вработен во ИФ 1956-57)
Бранка Атанасова, секретар-сметководител (вработена во ИФ во 1958)
Звезда Новевска, технички соработник (вработена во ИФ 1959-93)
Мирослава Димитрова (благајник, вработена во ИФ 1960-83)
Стојан Муцунски, секретар-правник (вработен во ИФ 1967-70)
Анѓа Здравева, дактилограф (вработена во ИФ 1968-71)
Филип Милошевски, библиотекар-архивист (вработен во ИФ 1967-71)
Живко Алексоски (возач-економ, вработен во ИФ 1967-2001)
Борка Велкова Јосифовска, дешифрант (вработена во ИФ во 1967)
Оливера Павловска, дешифрант (вработена во ИФ во 1967)
Дано Китановски, секретар и библиограф (вработен во ИФ 1970-75)
Добре Пешевски (сметководител, вработен во ИФ 1970-77)
Јелица Андоновска, архивист (вработена во ИФ 1971-95)
Наумка Ѓоревска, дактилограф-архивар (вработена во ИФ 1971-76)

Милица Лепчевска, дактилограф-архивар (вработена во ИФ 1971-93)
Мирјана Анастасова, библиограф и библиотекар (враб. во ИФ 1972-2001)
Митра Ангелова, секретар-правник (вработена во ИФ 1975-76)
Маргарита Смилевска, сметководител (вработена во ИФ 1977-78
Верица Станковиќ, мелограф (вработена во ИФ 1977-89)
Јонче Цветковски, секретар-правник (вработен во ИФ 1977-78)
Виолета Василева Поповска, дактилограф (вработена во ИФ 1977-85)
Мане Илиевски, сметководител (вработен во ИФ 1978-84)
Тодорка Тодорова, хигиеничар-курир (вработена во ИФ 1978-2001)
Тодор Адреев, секретар-правник (вработен во ИФ 1978-2011)
Светлана Георгиева, мелограф (вработена во ИФ 1981-2001)
Игбал Зекир, хигиеничар (вработена во ИФ во 1984)
Драгица Филиповска, благајник (вработена во ИФ 1984-2001)
Сабрије Зекир, хигиеничар (вработена во ИФ 1984-2001)
Славица Станковска, дактилограф (вработена во ИФ 1985-2001)
Љуба Ѓилева, благајник-архивист (вработена во ИФ 1985-2001)
Стамен Цветковски, економ-возач (вработена во ИФ 1986-87)
Галина Јанаки, библиотекар (вработена во ИФ 1987-2010)
Марија Денковска, сметководител (вработена во ИФ 1998-2017)



Дел од вработените на прославата на 50-годишниот јубилеј на Институтот за фолклор, одржана во Ректоратот на УКИМ: Јасминка Ристовска-Пиличкова, д-р Татјана Каличанин, Светлана Георгиева, Мирјана Анастасова, Галина Јанаки, м-р Зоранчо Малинов, Марија Денковска, Борис Петковски, Ивона Опетческа-Татрчевска, Љуба Гилева, д-р Клеанти Ановска (стојат), м-р Родна Величковска, д-р Трајко Петровски, Тодор Андреев и Симонида Филипова-Китановска (клечат).

# БИОГРАФСКИ И БИБЛИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ



**Д-р Клеанти Ановска (Лиаку-Ановска),** научен советник / редовен професор е родена 1954 год. во Скопје. Дипломирала на Катедрата за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1977 год. Во Институтот за фолклор се вработува во 1979 год. како асистент во Одделот за народна литература, а од 1982 год. е во новоформираниот Оддел за фолклорот на народностите како истражувач на влашкиот фолклор. Магистрирала 1991 год. на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ, а на истиот Институт и докторирала во 1997 год. со дисертацијата „Социјално-фолклорни преплетувања во семејството и семејните односи кај Власите", под менторство на д-р Александра Попвасилева, и се стекнала со научниот степен доктор на социолошки науки. За научен соработник е избрана во истата 1997 год., за виш научен соработник е избрана во 2000 год., а за научен советник во 2004 год. Во актуелниов момент е на работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на влашкиот народ. Во неколку наврати била на студиски престој во реномирани балкански научни и високообразовни институции: Катедрата за етнологија и Институтот за балкански студии при Универзитетот Аристотел во Солун, Грција, Институтот за етнографија и фолклор „Константин Браилу", Институтот за фонетика и дијалектологија „Александар Росети" и Институтот за проучување на Југоисточна Европа при Романската Академија во Букурешт, Институтот за етнографија и фолклористика, при БАН, Софија, Бугарија, Етнографскиот институт при САНУ, Белград, Србија, Катедрата за историја при Филозофскиот факултет на Универзитет во Истанбул и Државниот Архив на Република Турција во Истанбул, Институтот за ориентални студии при РАН, Москва, Русија и др. Во неколку мандати ги извршувала функциите: Претседател на Советот на ИФ (2009-13), Раководител на Одделот за истражување на фолклорот и етнологојата на другите народи што живеат во Р. Македонија (2011- ), член на Сенатот на УКИМ и др. Автор е на седум монографски труда (книги) и на 100-тина научни статии. Учествувала на 50-тина научни собири во земјава и странство. Има изработено неколку елаборати за валоризација на нематеријални културни добра поврзани со традиционалната култура на Власите во РМ. Била член на организациони одбори на неколку научни и културни манифестации во земјава. Области на истражување: фолклористика, етнологија, социологија на културата, културна антропологија, традиционална култура, народна

проза, народна поезија, кратки жанри, обичаи, социјално-фолклорни интеракции и др.[23]

**Библиографија - монографски трудови:**

*Социјалната припадност на народните раскажувачи Власи*, Современост, Скопје, 1995.

*Социјално-фолклорни интеракции во влашкото семејство*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 33, Скопје, 2000.

*Влашкиот детски фолклор,* Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 42, Скопје, 2001.

*Влашките народни приказни од Крушево*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 46, Скопје, 2002.

*Влашките народни приказни од Струшко*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 54, Скопје, 2004.

*Влашките народни приказни од Источна Македонија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 69, Скопје, 2007.

*Влашките песни од репертоарот на еден народен пејач од Крушево,* Институт за фолклор „Марко Цепенков", Библиотека на списанието „Македонски фолклор", бр. 26, Скопје, 2017.

*Ѓурѓовден / Ayiu Yoryi (Св. Ѓорѓи) кај Власите*. Во: *Ѓурѓовден во Република Македонија* (коавторство, уредник: д-р Зоранчо Малинов), Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 84, Скопје, 2018.

*Власи. Фолклорни и етнографски записи*, Скопје, 2019.



**Д-р Родна Величковска**, научен советник / редовен професор, е родена во 1955 год. во с. Горобинци, Светиниколско. Дипломирала во 1979 год. на Факултет за музичка уметност во Скопје, на Инструменталниот отсек – флејта и се стекнала со звањето дипломиран музичар. Во Институтот за фолклор се вработува 1980 год. на работното место мелограф. Со научната титула магистер по музички науки се стекнала во 1999 год. на Катедрата за музикологија и етномузикологија при Факултетот за музичка уметност на Универзитетот за уметности во Белград, Србија. На истата институција се стекнала и со титулата доктор по музички науки во 2006 год., со одбраната на докторската дисертација „Музички дијалекти у македонском традиционалном народном певању", под менторство на проф. д-р Димитрије Големовиќ. Во 1999 год. била избрана за асистент на работното место истражувач на вокалната народна музика, а во 2007 год. е избрана и во звањето научен соработник.

[23] Подетални информации за биографските и библиографските податоци, како и за научноистражувачкиот и наставничкиот ангажман на вработениот научен и соработнички кадар можат да се проследат на веб-страницата на Институтот.

За виш научен соработник е избрана во 2010 год., а за научен советник во 2013 година. Од академската 2010/11 год. е ангажирана како хонорарен наставник по група етномузиколошки предмети на студиската програма по етнокореологија на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Актуелен раководител е на Одделот за етномузикологија и етнокореологија. Автор е на седум монографски труда и на 50-тина научни статии. Учествувала на 40-тина научни собири во земјава и странство. Водела Мастер класа за народно пеење на Студентската конференција The IV Scientific and Practical Conference of students and graduate students „Ethnomusicology: history, theory, practice", одржана од 16 до 20 мај, 2015 год., во Санкт Петербург, Русија, каде што во рамките на мастер класата одржала предавање на тема: „Обрядовая певческая традиция в районе Пијанец". Во рамките на VII Меѓународен фолклорен фестивалот: „В славном граде Варонеже" одржала предавање на Катедрата по етномузикологија при Државниот институт за уметности во Воронеж, Русија, на тема: „Обредната пејачка традиција во Македонија". Има изработено десетина елаборати за валоризација и ревалоризација на културни (фолклорни) добра за потребите на Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура од обласа на етномузикологијата. Била Претседател на Управниот одбор на НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец", како и Уметнички директор на Фестивалот за народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски", Долнени – Прилеп. Била член на организациони одбори, совети и жири-комисии на неколку научни и културни манифестации во земјава. Области на истражување: етномузикологија, обреден музички фолклор, музички дијалекти, традиционално народно пеење, обреден фолклор, традиционална култура, културни ареали и др.

**Библиографија - монографски трудови:**


*Жетварското пеење во Македонија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 45, Скопје, 2002.

*Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Народни песни, кн. 17, Скопје, 2008.

*Картографирање и ареалните истражувања во етномузикологијата*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Македонско народно творештво, Народни песни, кн. 17, Скопје, 2008.

*Македонското традиционално народно пеење од баладен тип*, Маска, Скопје, 2009.

*Македонското традиционално народно пеење – Хрестоматија со мелопоетска анализа*, Маска, Скопје, 2012.

*Македонско традиционално народно певање (етномузиколошки огледи)*, Етнолошка библиотека, Посебна издања, књ. 8, Српски генеалошки центар, Београд, 2013.

*Танец - душата на Македонија* (коавторство), Танец, Скопје, 2015.

*Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион*, Музеј на град Кратово, Кратово, 2016.



**Д-р Ермис Лафазановски,** научен советник / редовен професор, е роден во 1961 год. во Клуж, Романија. Основно училиште заврши во Брашов, Романија и во Скопје, каде што завршил и гимназија. Во 1989 год. дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата југословенска книжевност. Од 1991 год. работи во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, на работното место истражувач на народната проза. Во 1993 год. магистрирал на Филозофскиот факултет во Загреб, со темата „Влијанието на народните приказни врз современиот македонски роман“, со што се стекнал со научната титула магистер на општествените, хуманистичките и теолошките науки од областа на филологијата. Докторирал во 1997 год. на тема „Создавањето на светот и животот во македонските космогониски легенди“, под менторство на проф. д-р Томе Саздов, со што се стекнал со научниот степен доктор на филолошки науки. Во истата година е избран во звањето научен соработник, во 2000 год. е избран за виш научен соработник, а во 2005 год. се здобива со звањето научен советник. Има реализирано неколку студиски престои во странство: Јоенсу, Финска (1995), каде што бил вклучен во специјализиран курс по фолклор и визуелна антропологија, Катедрата за источно европска литература во Чикаго, САД, (1995), Катедрата за книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб, Хрватска (2006), Osteuropa Institut FU Berlin, Germany (2008), Катедрата за историја на Југоисточна Европа при University of Graz, Austria (2008), Катедрата за етнологија и антропологија во Белград, Србија (2009), Катедрата за Историја во Кишинев, Молдавија (2009). Бил вклучен во поголем број на домашни и меѓународни проекти, во кои се јавува и како раководител на проект и како учесник. Од најзначајните проекти можат да се споменат оние во кој бил главен раководител: „Фолклорот во Охридско-струшкиот регион“ (1998-2000), како и меѓународниот проект „Ambiguous identities and Nation Building in Southeast Europe (2007-09), реализиран во соработка со Osteuropa Institut FU Berlin (Germany) и University of Graz (Austria). Еден од последните меѓународни прокети во кои земал учество е Macedonina Land Region, Borderland, проект на Faculty of Art Liberales, University of Warsaw, 2012-13. Активно учествува и во повеќе тела, како што се член на Советот на Институтот за фолклор, а бил и уредник на списанието „Македонски фолклор“ (2000-02), раководител на Одделот за народна литература (2011-19), а од октомври 2019 год. е и актуелен директор на институцијата. Како визитинг професор во последните неколку години е ангажиран на Универзитетот Американ колеџ – Скопје, каде предава неколку предмети. Има објавено преку сто научни трудови од областа на фолклористиката. Области на истражување: народна проза (легенди, волшебни народни приказни), урбани фолклор, фолклорот и

идентитетот, врските меѓу фолклорот и литературата, етнографија на литературата и др. Д-р Ермис Лафазановски на јавноста ѝ е познат и како успешен романописец, за што има добиено и неколку награди. Во периодот 2015-17 год. бил претседател на Македонскиот Пен центар, а член е и на Друштвото на писателите на Македонија, како и на повеќе меѓународни асоцијации за фолклор и етнологија.

**Библиографија - монографски трудови:**

*Традиција, нарација, литература : влијанието на македонските народни приказни врз современата прозна литература*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 22, Скопје, 1996.

*Македонските космогониски легенди,* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2000.

*Текст и менталитет (зборник со народни приказни од Кумановскиот регион),* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 34 : Матица македонска, Скопје, 2001.

*Антрополошки дијалози*, Магор, Скопје, 2002.

*Егзодусот на Македонците од Грција (женските приказни за втората светска војна и нивниот егзодус*) (коавтор), Евро Балкан, Скопје, 2002 / *The exodus of the Macdonians from Greece* (англиска верзија).

*Итар Пејо – Мариовецот* (коавторство), Ник лист, Скопје, 2004.

*Митови за создавањето на светот*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 62, Скопје, 2006.



**Д-р Весна Петреска**, научен советник / редовен професор, е родена во 1965 год. во Скопје. Дипломирала 1989 год. на насоката Етнологија при Институтот за географија на ПМФ во Скопје. Во Институтот за фолклор се вработува во 1990 год. како помлад асистент на работното место истражувач на народните обичаи и игри (етнолог). Со научната титула магистер по етнологија се стекнала на Одделот за етнологија на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград во 1994 год., а истата година е избрана и за асистент. Докторирала на Заводот за етнологија на Институтот за географија при ПМФ во Скопје во 2000 год. со дисертацијата „Свадбата како обред на премин кај Македонците од Брсјачката етнографска целина“, под менторство на проф. д-р Анета Светиева, со што се стекнала со научната титула доктор на етнолошки науки. Во истата година е избрана и за научен соработник, за виш научен соработник е избрана во 2006 год., а за научен советник е избрана во 2008 год. на работното место истражувач на семејниот живот, обредите и верувањата. Во периодот 2001-09 на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ, хонорарно е ангажирана како наставник по предметот Социјална култура на Македонците на последипломските студии по етнологија, на студиската група Етнологија на Македонците. Од 2001 год. е раководител на Етнолошкиот оддел, а

од 2014 год. е раководител и на студиската програма на втор циклус студии по Фолклористика. Автор е на седум монографски трудови и на 100-тина научни статии. Била на неколку студиски претстои во реномирани научни и високообразовни институции: Институт за етнологија и фолклористика во Загреб (2008), Филозофски факултет – Катедра за етнологија, Загреб, Етнографскиот институт при САНУ – Белград. Учествувала на 70-тина научни собири во земјава и странство, а има одржано и неколку предавања во странство: Хале, Германија, Торун и Познањ, Полска. Има изработено 6 елаборати за валоризација на нематеријални културни добра, од кои, пет самостојно и еден заеднички. Била член на неколку редакции на домашни стручни списанија, а била и уредник на неколку зборници на трудови. Добитник е на наградата „Д-р Боривоје Дробњаковиќ“, доделена од Етнографскиот музеј во Белград и Катедрата за етнологија на Универзитетот во Белград, за најдобро изработена магистерска теза во тековната 1994 год. Области на истражување: етнологија, обреди, обичаи, верувања, народна религија, фамилијарна структура, сродство, социјална култура, традиционална и современа народна култура и др.

**Библиографија - монографски трудови**:

*Пролетните обичаи, обреди и верувања кај Мијаците,* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 30, Скопје, 1998.

*Свадбата како обред на премин кај Македонците од Брсјачката етнографска целина.* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 43, Скопје, 2002.

*Систем на сродство кај Македонците*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 59, Скопје, 2005.

*Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство. Традициски и нови културни модели во обредноста и семејниот живот.* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 70, Скопје, 2008.

*Категориите близина и дистанца: етнолошко-антрополошко истражување во народната култура.* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 72, Скопје, 2008.

*Побратимството во народната култура: Побратимството на Говедар Камен.* Посебни изданија, кн. 85, Институт за фолклор „М. Цепенков“, Скопје, 2019.

*Ритуалното сродство во народната култура: културно сеќавање и претставување на минатото преку религиско-обредна практика,* Институт за фолклор „М. Цепенков“, Посебни изданија, кн. 87, Скопје, 2020.



**Д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска**, научен советник / редовен професор е родена во 1965 год. во Скопје. Дипломирала во 1989 год. на групата за Општа и компаративна книжевност – Филолошки факултет во Скопје. Во Институтот за фолклор се вработила во 1990 год. како помлад асистент на работното место истражувач на народната поезија. Магистрирала 1993 год. на Филолошкиот факултет

во Белград со темата „Мотив жртвовања у македонској народној књижевности“, а истата година е избрана и за асистент. Докторирала во 1999 год. на Филолошкиот факултет во Скопје со дисертацијата „Феноменот на жртвувањето во македонската народна книжевност“, под менторство на проф. д-р Томе Саздов, со што се стекнала со научниот степен доктор на филолошки науки. За научен соработник е избрана во 1999 год., за виш научен соработник е избрана во 2004 год., а за научен советник во 2007 год. Во 2003 год. преку германската служба за студентска размена (DAAD) била на постдокторски студиски престој во Институтот за етнологија и културна антропологија на Универзитетот во Хамбург, Германија. Била учесник и раководител на неколку научноистражувачки проекти, а била и главен и одговорен уредник на „Македонски фолклор“ (2002-08). Раководител на докторските студии по фолклористика е во периодот (2017-19), а од 2020 год. е раководител на Одделот за народна литература. Во мандатниот период 2017-20 год. била член на Сенатот на УКИМ како претставник на Институтот за фолклор.

**Библиографија - монографски трудови**:

*Танатолошкиот правзор на животот. Феноменот на жртвувањето во македонската народна книжевност*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 23, Скопје, 1996.

*Homo initiatus,* Матица македонска и Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 36, Скопје, 2001.

*Методи на истражување на фолклорот* (зборник на трудови, уредник Лидија Стојановиќ-Лафазановска), Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 36, Скопје, 2005.

*Хоризонти на народната култура,* Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 66, Скопје, 2006.

*The Exodus of the Macedonians from Greece: Women's narratives about WWII and their Exodus,* Euro-Balkan Institute, sec. ed. 2008 (2002). (Separate publications in Macedonian and English. Co-author with Ermis Lafazanovski).

*Миграција и хабитус,* Институт за фолклор Марко Цепенков, Посебни изданија, кн. 71, Скопје, 2008.

*Фолклористички релации*, Маски, Скопје, 2014.

*Наративни светови*, Слово, Скопје, 2019.



**Д-р Изаим Муртезани**, научен советник / редовен професор, е роден во 1965 год. во с. Копаница, Скопско. Дипломирал во 1988 год. на Катедра за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје, по што се вработил како наставник по албански јазик во Зелениково, Скопско. Има работено и како лектор во албанската редакција на МРТ, а во Институтот за фолклор се вработува во 1995 год, како помлад асистент на работното место истражувач на албанскиот фолклор. Во 1998 год. магистрира на Фи-

лолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со темата „Турцизмите во јазикот на албанската и македонската народна поезија“, по што бил избран и за асистент-истражувач на истото работно место. Докторирал во 2003 год., исто така на Филолошкиот факултет со дисертацијата „Митските елементи во албанскиот и во македонскиот јуначки епос и балада“, под менторство на проф. д-р Зеќирја Незири, со што се стекнал со научната титула доктор на филолошки науки. Истата година е избран за научен соработник, во јануари 2008 год. е избран за виш научен соработник, а во декември 2010 год. е избран за научен советник на работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на албанскиот народ. Во периодот 2005-13 и од 2019 год. е ангажиран како хонорарен наставник на Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при УКИМ, по предмети поврзани со албанскиот фолклор, а во периодот 2006-08 год., исто така е ангажиран како хонорарен наставник на Државниот Универзитет во Тетово (ДУТ). Бил учесник во неколку научноистражувачки проекти во Институтот за фолклор, учествувал на 40-тина научни собири во земјава и странство, а има изработено и неколку елаборати за валоризација на нематеријални културни добра поврзани со албанската традиционална култура. Во перио-дот 2011-14 год. бил член на Сенатот на УКИМ како претставник на Институтот за фолклор. Области на истражување: фолклористика, етнологија, културна антропологија, митологија, народен календар, споредбена фолклористика, обичајна традиција и др.

**Библиографија – монографски трудови:**

*Në shtjellën e arketipeve (Studime nga folklori dhe etnologjia)* (Во виорот на архетиповите – Студии од областа на фолклорот и етнологијата), Flaka, Shkup, 2001.

*Турцизмите во јазикот на албанската и македонската народна поезија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 41, Скопје, 2001.

*Митски елементи во албанскиот и македонскиот јуначки епос и балада*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 64, Скопје, 2006.

*Rite dhe praktika magjike të ciklit jetësor (Rajoni i Dervenit të Shkupit)* (Обреди и магиски дејствија од животниот циклус – Според примери од Скопски Дервен), Logos 5, Shkup, 2008.

*Семиологија на митскиот простор (Според примери од албанскиот и јужнословенскиот јуначки епос и балади)*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 80, Скопје, 2010.

*Festa e Shëngjergjit te shqiptarët e Maqedonisë* (Празникот Ѓурѓовден кај Албанците од Македонија), Shkup, 2010.

*Varietete folklorike* (Фолклорни вариетети), Shkup, 2012.

*Refleksione etnokulturore* (Етнокултурни рефлексии), Shkup, 2014.

*Gjurmëve të veshjes popullore shqiptare në Maqedoni* (По трагите на албанската народна носија во Македонија; коавторство), Instituti i Trashëgimisë Shpirtërore e Kulturore të Shqiptarëve – Shkup (Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје), Shkup, 2017.

*Ѓурѓовден / Shën Gjergj (Св. Ѓорѓи) кај Албанците во Македонија*. Во: *Ѓурѓовден во Република Македонија* (коавторство, уредник: д-р Зоранчо Малинов), Институт за фолклор „Марко Цепенков”, Посебни изданија, кн. 84, Скопје, 2018.
*Interpretime folklorike dhe etnologjike* (Фолклорни и етнолошки интерпретации), Shkup, 2019.



**Д-р Зоранчо Малинов,** научен советник / редовен професор, е роден во 1964 год. во Штип. Дипломирал на насоката Етнологија при Институтот за географија на ПМФ во Скопје во 1988 год. Во Институтот за фолклор се вработува во 1995 год. како помлад асистент на работното место истражувач на народните обичаи и игри (етнолог). Со научната титула магистер по етнологија се стекнал на Одделот за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград во 1999 год., со одбраната на магистерскиот труд „Посмртни обичаји у Брегалничкој области“, а истата година е избран и за асистент. Докторирал на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ во Скопје во 2005 год. со дисертацијата „Традицискиот народен календар во Шопско-брегалничката етнографска целина“, под менторство на проф. д-р Анета Светиева, и се стекнал со научниот степен доктор на етнолошки науки. Во истата година е избран и за научен соработник на работното место истражувач на народниот календар, обредите и верувањата, потоа за виш научен соработник е избран во 2008 год., а научен советник е од 2012 год. Бил на студиски престој во Етнографскиот институт при БАН во Софија и во Етнографскиот институт при САНУ во Белград. Во периодот 2006-12 год. на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, УКИМ, хонорарно е ангажиран како наставник (насловен доцент и насловен вонреден професор) по група етнолошки предмети. Од 2007 год. на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е ангажиран како хонорарен наставник по група етнолошки предмети, и тоа на студиската програма по етнокореологија на Музичката академија (од 2007 год.), како и на студиските програми по историја и археологија на Факултетот за образовни науки (од 2011 год.). Претседател е на Македонското етнолошко друштво од 2009 год. Автор е на три монографски труда и на 80-тина научни статии, а има изработено и неколку скрипти (учебници) по етнолошки предмети за соодветните студиски програми. Учествувал на 40-тина научни собири во земјава и странство. Има изработено десетина елаборати за валоризација и ревалоризација на нематеријални културни добра за потребите на Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура. Бил претседател или член на организациски одбори и жири-комисии на неколку научни и културни манифестации во земјава. Член е на редакциите на неколку домашни стручни списанија, а бил и уредник на неколку зборници на трудови. Добитник е на наградата на Општина Штип за особен придонес и постигнувања во

афирмацијата на Општината во 2011 год. Во периодот февруари 2011 - октомври 2019 год. ја извршувал функцијата Директор на Институтот за фолклор. Области на истражување: етнологија, културна антропологија, народен календар, празници, обреди, обичаи, верувања, култови, народна религија, обреден фолклор, традиционална култура, културни ареали, етнографски групи, акултурација на населението и др.

**Библиографија - монографски трудови:**

*Посмртните обичаи во Брегалничката област,* Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 36, Скопје, 2001.

*Традицискиот народен календар на Шопско-брегалничката етнографска целина,* Институт за фолклор „М. Цепенков", Посебни изданија, кн. 68, Скопје, 2006.

*Етнолошка монографија на Зрново (Драмско), Егејска Македонија*, Камелеон, Скопје, 2009, 152.

*Ѓурѓовден кај Македонците* (коавторство со Велика Стојкова-Серафимовска). Во: *Ѓурѓовден во Република Македонија* (коавторство, уредник: д-р Зоранчо Малинов), Институт за фолклор „М. Цепенков", Посебни изд., кн. 84, Скопје, 2018.



**Д-р Катерина Петровска- Кузманова**, научен советник / редовен професор, е родена во 1964 год. во Куманово. Дипломирала 1986 год. на Филолошкиот факултет во Скопје, на катердрата за Историја на книжевностите на народите на СФРЈ и се стекнала со звањето дипломиран професор по книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик. Во МРТ работи како новинар во периодот 1988-98 год. Со научната титула магистер по филолошки науки се стекнала во 1994 год. на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Во Институтот за фолклор е вработена од 1998 год. како асистент во Одделот за народна литература на работното место истражувач на народна драма. Во 2000 год. докторира на Филолошкиот факултет во Скопје со дисертацијата „Ритуал и драма", под менторство на проф. д-р Томе Саздов, и се стекнала со научниот степен доктор по филолошки науки. Во 2001 год. е избрана во звањето научен соработник, за виш научен соработник е избрана во 2006 год., а за научен советник во 2008 год. Автор е на 12 монографски труда и на 100-тина научни статии, а се јавува и како уредник на 6 зборници. Учествувала на 50-тина научни собири во земјава и странство. Во периодот 2009-19 год. е уредник на институтското списание „Македонски фолклор". Претседател на Советот на Институтот за фолклор била бирана во три мандатни периоди: 2005-09, 2013-17 и 2017-21. Од 2019 год. е раководител на студиската програма на трет циклус (докторски) студии по Фолклористика. Има изработено неколку елаборати за валоризација на културни (фолклорни) добра за потребите на Управата за

заштита на културното наследство и Министерството за култура. Била претседател и член на организациони одбори на неколку научни и културни манифестации во земјава. Области на истражување: народна драма, етнотеатрологија, театрологија, фолклористика, народна книжевност, обреден фолклор, современ фолклор, интермедијални студии, стидии на перформансот, културолошки студии.

**Библиографија - монографски трудови:**

*Ритуален театар,* Магор, Скопје, 2002.

*Ритуал и драма,* Маска, Скопје, 2006.

*Театарските елементи во македонскиот фолклор,* Институт за Фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 65, Скопје, 2006.

*Етнотеатар*, Маска, Скопје, 2007.

*Карневалите во Македонија*, Институт за фолклор „Марко Цепнков”, Посебни изданија, кн. 75, Скопје, 2009.

*Аспекти на изведбата,* Институтот за фолклор „Марко Цепнков”, Посебни изданија, кн. 77, Скопје, 2010.

*Театарот и фолклорот,* Маска, Скопје, 2009.

*Театролошки студии*, Маска, Скопје, 2012.

*Современ контекст на традицијата*, Скопје, 2019.

*Фолклорен театар – дефинирање и истражување*, Институт за Фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, кн. 86, Скопје, 2019, 170.

*Ретроспективи и перспективи во истражувањето на традицијата*, Скопје, 2020.



**Д-р Јасминка Ристовска Пиличкова**, виш научен соработник / вонреден професор, е родена 1970 год. во Скопје. Дипломирала при Украинската Академија на уметностите во Киев, Украина, во 1994 год. и се стекнала со звањето дипломиран сликар - специјализација: театрална декорација. Во Институтот за фолклор се вработува во 1998 год. како помлад асистент на работното место истражувач на текстилната орнаментика. Во 2001 год. магистрира на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет во Скопје и се стекнува со научната титула магистер по историја на уметност. Докторира на Институтот за фолклор во 2012 год. со дисертацијата „Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи“, под менторство на проф. д-р Никос Чаусидис, и се стекна со научниот степен доктор по фолклористика. Била учесник во десетина научноистражувачки проекти, а учествувала и на 30-тина научни собири. Од 2013 год. е раководител на Одделот за материјална култура (од 2016 год. – Оддел за традиционални уметности и архитектура). Ангажирана е како наставник по неколку предмети на студиите од втор и трет циклус по фолклористика. Член е на редакции на неколку стручни списанија. Автор е на три моно-

графски труда и на 50-тина научни статии, а се јавува и како автор на неколку изложби во организација на Институтот за фолклор. Области на истражување: традиционална текстилна орнаментика, народни носии, везови, традиционалани тканици, обичаи и верувања поврзани со текстилното народно творештво, семиологија, фолклористика, етнологија, обреден фолклор, култови, митологија, традиционална култура, културни ареали, социално-фолклорни интеракции. Покрај на полето на научната дејност се јавува и во улога на костимограф на неколку театарски претстави.

**Библиографија – монографски трудови:**

*Современата македонска таписерија и нејзините корелации со македонското текстилно народно творештво*, Институт за фолклор „М. Цепенков“, Посебни изданија, кн. 48, Скопје, 2002.

*Компаративна анализа на керамопластичната декорација на фасадите од средновековните цркви во периодот XIII-XIV век со мотиви од народното текстилно творештво во Македонија* (коавторство), Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција“, Скопје, 2015.

*Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2020 (во печат).



**Д-р Актан Аго**, виш научен соработник / вонреден професор, е роден 1976 год. во Скопје. Дипломирал во 1999 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на Катедрата по турски јазик и книжевност. Магистрирал во 2004 год., исто така на Катедрата по турски јазик, а на истата институција и докторирал во 2010 год. со дисертацијата „Турските јазични елементи во македонските драмски творби од XX век“, под менторство на проф. д-р Димитар Пандев, со што се стекнал со научната титула доктор по филолошки науки. До 2013 год. работи како средношколски професор по турски јазик, кога се вработува во Институтот за фолклор како научен соработник на работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ, а во 2017 год. е избран и во звањето виш научен соработник. Во периодот 2012-16 год. е ангажиран како насловен доцент на студиската програма Ориентална филологија на Филозовскиот факултет при Тетовскиот универзитет (ДУТ), по група предмети поврзани со изучувањето на турскиот јазик. Во академската 2014/15 год. при приватниот Меѓународен балкански универзитет во Скопје бил ангажиран за предметот Турски јазик како наставник на Факултетот за книжевност. Учествувал во десетина научни собири во земјава и странство. Изработил неколку елаборати за валоризација на нематеријални културни добра поврзани со турската традицио-

нална култура. Член е на уредувачки одбори на неколку меѓународни списанија. Автор е на два монографски труда од неговата потесна специјалност на истражување, а има напишано (во коавторство) и два учебници за турски јазик (за 5-то и 9-то одд.) и на три прирачници за наставниците по турски јазик во основното образование (4-то, 5-то и 6-то одд.). Области на истражувања: фолклор, лингвистика, етнологија, обичаи, традиционална култура. Од август 2019 год. статусот на вработен во Институтот за фолклор му е во мирување поради извршување на функцијата Генерален конзул на РСМ во Истанбул, Турција.

**Библиографија – монографски трудови:**
*Турските јазични елементи во јазикот на Марко Цепенков*, Логос-А, Скопје, 2006.
*Турските јазични елементи во македонските драмски творби од XX век*, Логос-А, Скопје , 2014.



**Д-р Велика Стојкова-Серафимовска**, виш научен соработник / вонреден професор, е родена 1973 год. во Скопје. Дипломира во 1997 год. на Катедрата за етномузикологија на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Магистрира во 2006 год. на Факултетот за Музичка уметност во Белград, Отсек за музикологија и етномузикологија, со темата: „Функционалност и естетика у македонском обредном певању“ и се стекнала со научниот степен магистер по етномузикологија. Била средношколски професор по музичка уметност (1998-2002), а хонорарно била ангажирана и како асистент по предметот Етномузикологија на ФМУ во Скопје (2005-07). Во 2001 год. се вработува во ансамблот „Танец“, каде што е ангажирана како етномузиколог до 2007 год. Потоа преминува во НУ Драмски театар – Скопје, каде што работи како маркетинг соработник и референт за меѓународни односи. Во 2013 год. се вработува во Институтот за фолклор како асистент на работното место истражувач на вокално-инструменталната народна музика. Докторира во 2014 год. на Институтот за фолклор со дисертацијата „Македонската вокална музичка традиција во процесот на општествената транзиција (од ’80-тите години на минатиот век до денес)“, под менторство на проф. д-р Родна Величковска, со што се стекнала со научниот степен доктор по фолклористика. Во периодот 2014-19 год. на Факултетот за музичка уметност во Скопје е ангажирана како насловен доцент по неколку предмети од областа на етномузикологијата. За научен соработник во институтот е избрана во 2015 год., а за виш научен соработник во 2020 год. Учествувала на 40-тина научни собири во земјава и во странство, а автор е на 30-тина научни статии од областа на етномузикологијата. Била член на организациски одбори и на жири-комисии на неколку научни собири и културни манифестации. Била член на редакции и на уредувачки одбори на неколку домашни и странски списанија и збор-

ници на трудови од областа на етномузикологијата. Има изработено 8 елаборати за валоризација и ревалоризација на нематеријални културни добра, а била и член на комисии за валоризација на нематеријалното културно наследство формирани од Управа за заштита на културното наследство при Министерството за култура. Во периодот 2013-17 год. е национален координатор за Р Македонија во Регионалниот центар на УНЕСКО за нематеријално културно наследство, со седиште во Софија. Од 2017 год. е и официјален УНЕСКО-ов лиценциран експерт – обучувач за заштита на нематеријалното културно наследство. Во периодот 2015-18 год. е член на Националниот совет за културно наследство на РМ. Од 2012 год. до актуелниов момент е национален координатор – Претседател на ICTM – National Committee for Macedonia. Области на истражување: етномузикологија, обреден музички фолклор, традиционално народно пеење, обреден фолклор, музичка антропологија, традиционална култура. Статусот на вработена во Институтот за фолклор ѝ е во мирување поради извршување на функцијата Пратеник во Собранието на РСМ.

**Библиографија - монографски трудови и селектирани статии:**

*Safeguarding Intangible Cultural Heritage in the Republic of Macedonia* (Co-author), Yearbook for Traditional Music, Vol. 48., ed. Kati Szego, Timothy Rice, Razia Sultanova. International Council for Traditional Music, Ljubljana, 2016.

*The reflection of social transition in traditional music – case study of Republic of Macedonia*. Bulgarian Musicology, 3/2016. Bulgarian academy of science, Institute of Art, Sofia, 2016.

*Spring Celebration Gjurgjovden/Hidrellez in the Republic of Macedonia - a Case Study of an Intangible Cultural Element that Unites Communities with Different Ethnic and Religious Background* (Co-author). In: „The Feast of Saint George“, Ed. Gordana Blagojević, Serbian Ethnological and Anthropological Society: Institute of Ethnography, Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade, 2018.

*The Role of Macedonian Folk Songs Featured in Macedonian Films in Amplifying the Emotions* (Co-author), editor Abdullah Akat. *Musicologist, International Journal of Music Studies*. Vol: 3 Issue: 1 June 2019, Trabzon University State Conservatory.



**Д-р Кристина Димовска**, научен соработник / доцент, е родена во 1987 год. во Скопје. Дипломирала во 2010 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Студиите од втор циклус ги завршила во 2012 год. на истиот факултет на Катедрата за општа и компаративна книжевност, со одбраната на магистерскиот труд „Категориите епски јунак и хронотоп во три средновековни епа (*Песната за Ролан*, *Слово за походот Игорев* и циклусот за Крале Марко)“ и се стекнала со академската титула магистер по филолошки науки. Во Институтот за фолклор се вработува во 2013. год. како помлад асистент на работното место истражувач на детскиот фолклор

и на кратките жанрови, а во 2015. год. е избрана во звањето асистент-истражувач. Докторира во 2017 год. на Филолошкиот факултет во Скопје по успешното завршување на студиите од трет циклус и одбраната на докторската дисертација „Паремиолошките форми во херојската епика (низ примери од *Беовулф, Песна за Нибелунзите*, *Волсунга сага* и епскиот циклус за Марко Крале)“, под менторство на академик проф. д-р Катица Ќулавкова, со што се стекнала со титулата доктор по хуманистички науки од научната област Наука за книжевноста. Во звањето научен соработник е избрана во 2018 год. Учествувала во неколку истражувачки проекти и работилници во организација на Меѓународниот ПЕН и во рамките на соработката помеѓу МАНУ и БАН. Во 2014 год. е избрана за секретар на списанието „Македонски фолклор“, а во 2020 год. како главен и одговорен уредник. Области на истражување: паремиолошките форми во средновековната херојска епика, интердисциплинарни и интермедијални релации меѓу паремиологијата и (не)сродните науки/дисциплини.

**Библиографија - монографски трудови и селектирани статии:**


“Interpretational discrepancy: Representing Perseus”. 2016. *Popular culture: Reading from below.* Proceedings of the International Scientific Conference *Popular Culture: Reading from Below,* Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje, 3-4 November 2014. Skopje: Institute of Macedonian Literature.

“The forms of chronotopes in two heroic epics”. 2017. *Myth, symbol and ritual: elucidatory paths to the fantastic unreality*. Maria-Luiza Dumitru Oancea & Ramona Mihăilă (eds.) Bucureşti: Editura Universităţii din Bucureşti.

„Мономитот на Џозеф Кембел – архетипска схема за толкување на митот“. 2018. *Методи и толкувања на книжевната херменевтика*. Том I. Ред. акад. Ќулавкова, Катица, ур. акад. Витомир Митевски. Скопје: МАНУ.

„Читање на две јужнословенски епски песни врз образецот на мономитот на Џозеф Кембел“. 2018. *Методи и толкувања на книжевната херменевтика*. Том I. Ред. акад. Ќулавкова, Катица, ур. акад. Витомир Митевски. Скопје: МАНУ.

„Интерпретација на три епски песни од *Антологијата* на Воислав Ѓуриќ“. 2019. *Serbian Studies Research*. Нови Сад: НУРСС, год. 10, бр. 1.




**Д-р Александра Кузман**, научен соработник / доцент, е родена 1986 год. во Охрид. Дипломирала во 2005 год. на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на Катедрата за музичка теорија и педагогија и се стекнала со звањето дипломиран музичар теоретичар, педагог. Во Институтот за фолклор е вработена во мај 2013 год, во Етномузиколошкиот оддел како асистент-истражувач на инструменталната музика и народните инструменти. Вториот циклус студии ги завршила на Факултетот за музичка уметност во Скопје, Оддел етномузикологија, и во 2011

год. се стекнала со научната титула магистер по музички науки. Докторирала во 2019 год., завршувајќи го третиот циклус студии на Институтот за македонска литература во Скопје со одбраната на дисертацијата „Чалгиската музика како израз на македонската граѓанска култура и идентитет“, под менторство на проф. д-р Александар Прокопиев, со што се стекнала со научната титула доктор по културолошки науки. Во 2019 год. била избрана за научен соработник. Била на студиски престој во Софија, Бугарија, при што посетила неколку институции: Музикално-фолклорен архив – Институт за изследване на изкуствата при БАН, Специјализирана научна библиотека (Фонд музикознание) – Институт за изследване на изкуствата при БАН и др. Во 2016 и 2018 год. била член во Комисијата за валоризација на нематеријално културно наследство во Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура, а во 2017 год. има изработено и Елаборат за валоризаци на чалгиската музика во Р. Македонија, како нематеријално културно наследство. Автор е на неколку научни статии, учествувала на неколку научни собири во земјава и странство, а учествувала и на семинар за изучување на чалгиската музика и чалгиската традиција во Македонија. Членувала во музичката група „Калдрма“ што негувала чалгиска музика, и во групата „Kiklop and the banshee“. Во моментот е член во групата „Чалгија саунд систем“ што ја продолжила идејата за ревитализација на македонската чалгија, но и во „Стринг форсис“, група во чија музика, повторно се чувствуваат елементи и допирни точки со чалгијата. Области на истражување: етномузикологија, етноорганологија, урбана музичка култура, музичка антропологија и др.

**Библиографија - монографски трудови и селектирани статии:**

*Охридската чалгија – етномузиколошки аспекти*. Во: „Сработи, преработи, надработи“ (Зборник на трудови од Музичката научна манифестација „Струшка музичка есен“ во 2013 година), Скопје, 2014.

*Соло инструменталната импровизација „мане“ во чалгиската музика*, „Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања“ (Прилози од Меѓународниот симпозиум одржан во 19-20 декември, 2014 год. во Скопје), Скопје, 2015.

*Some aspects of the solo instrumental improvisation in chalgija music*, “Music and dance in Southeastern Europe: New scopes of research and action” (Proceedings from the Fourth symposium of the ICTM Study group on music and dance in Southeastern Europe held at Petnica Science Center, Serbia), Belgrade, 2016.

*Revitalization of Chalgia music in The Republic of Macedonia seen through the prism of the “Chalgia sound system” band*, “Popular culture: Reading from below” (Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција одржана во МАНУ, 3 и 4 ноември 2014 год.), Скопје, 2016.

*Охрид, Велес, Битола и Скопје како центри на чалгиската музичка култура,* „Контекст“, бр. 15, Скопје, 2017.



**М-р Емилија Апостолова Чаловска,** асистент-истражувач, е родена во 1982 год. во Скопје. Дипломирала на Архитектонскиот факултет во Скопје во 2007 год. и се стекнала со звањето дипломиран инженер архитект. Во Институтот за фолклор се вработува во 2008 год. како помлад асистент, на работното место истражувач на архитектурата, во Одделот за материјална култура. Магистрирала во 2014 год. на Високата Техничка Школа за Архитектура при Политехничкиот Универзитет во Валенсија, Шпанија, при што се стекнала со научната титула магистер по конзервација на архитектонското наследство. Во 2015 год. е избрана за асистент. Од 2016 год. е докторанд на Школата за докторски студии при истиот универзитет во Валенсија. Од академската 2015/16 год. е ангажирана како надворешен соработник – стручњак од практиката по предметите Документирање и истражување на градителското наследство, Конзервација и реставрација на градителското наследство и Ревитализација на градителското наследство на Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет во Скопје. Автор е на два монографски труда, каталог на изложба, неколку прирачници и на 30-тина научни статии. Учествувала на 25 научни собири во земјава и странство, како и во неколку научноистражувачки проекти и проекти за дигитализација на културното наследство. Член е на Балканската музејска мрежа (BMN) и на Асоцијацијата за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција" – Скопје. Области на истражување: градителско наследство, преродбенска архитектура, византиска архитектура, конзервација и реставрација на градителското наследство, историја на архитектурата и др.

**Библиографија - монографски трудови и селектирани статии:**


Apostolova Chalovska, Emilija & Juan Vidal, Francisco (2019) "The Cathedral of St. Sophia in Ohrid, Macedonia. An Example of an Innovative Restoration from the 1950s." In: *Conservation, Restoration, and Analysis of Architectural and Archaeological Heritage* (Alfonso Ippolito & Carlo Inglese Eds.). Hershey PA: IGI Global.

*По трагите на Дичо Зограф во Скопско.* Каталог од истоимената изложба. Скопје: Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција", Скопје, 2018.

*Црквите од XIX век од околината на Скопје*. Скопје: Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција", Скопје, 2017.

*Компаративна анализа на керамопластичната декорација на фасадите од средновековните цркви во периодот XIII-XIV век со мотиви од народното текстилно творештво во Македонија* (коавторство), Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси „Женска акција", Скопје, 2015.



**М-р Стојанче Костов,** асистент-истражувач, е роден во 1988 год. во Скопје. Средно образование завршил во ДМБУЦ Илија Николовски – Луј, на насоката за традиционална музика и игра во 2007 год. Дипломирал на Одделот за етнокореологија на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2012 год., во првата генерација на дипломирани етнокореолози при оваа институција. Во Институтот за фолклор е вработен во 2013 год. како помлад асистент на работното место истражувач на народните ора. Со титулата магистер по етнокореологија се стекнува во 2015 год. на Музичката академија при УГД во Штип, со темата: „Етнокореолошката заоставштина на Роберт Хенри Либман“, под менторство на проф. м-р Владимир Јаневски. Од април 2016 год. е избран за асистент-истражувач, а во тек му се студиите од трет циклус (докторски студии) на студиската програма по фолклористика во Институтот за фолклор. Како хонорарен соработник бил ангажиран во ЖКУД „Владо Тасевски“ од Скопје (2005-14), а бил ангажиран и како соработник во ансамблот „Македонија“ (2012-18). Во својата професионална кариера има работено и како играч – пеач во НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец“ (2007-13). Бил ангажиран и како асистент на Одделот за етнокореологија на Музичката академија при УГД – Штип (2016-19), а од учебната 2011-12 год. е ангажиран и како хонорарен професор во ДМБУЦ „Илија Нколовски - Луј“ во Скопје, на насоката за традиционална музика и игра. Има учествувано на 15-тина научни конференции во земјава и странство, а исто така е автор и на 30-тина научни трудови од областа на етнокореологијата. Во 2015 год. е добитник на наградата ,,Лауреат од прв степен“ на Студентска конференција од натпреварувачки карактер во Санкт Петербург, Русија: Ethnomusicology: history, theoryandpractice. Од 2015 год. е член на Уметничкиот совет на Фестивалот за народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ во Долнени – Прилеп. Области на истражување: орска традиција, сценска презентација на традиционалната игра, етнокореолошки видео записи, методски аспекти на ората, играта во минатото.

**Библиографија - монографски трудови и одбрани статии:**


*Етнокореолошката заоставштина на Роберт Хенри Либман*, Скопје, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Орска традиција и инструментална народна традиција, кн. 11, Скопје, 2020.

Тешкото – синоним за тешко оро од типот на Лесното, *Палимпсест – Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања*, бр. 7, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет, Штип, 2019.

Dance tradition of the Macedonian diaspora in Serbia (Flowing the research of ethnochoreologist Mihailo Dimoski in Glogonj and Jabuka), Гласник Етнографског института САНУ LXVI (1), Београд, 2018.

**ПОРАНЕШНИ ВРАБОТЕНИ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР**
**(Селективни биографски и библиографски податоци)**

Без некоја посебна претензија за градација на делата на вработените научни работници во Институтот за фолклор овде ги публикуваме биографските податоци за позначајните истражувачи од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и останатите сродни науки и научни дисциплини, кои оставиле извесен белег во младата македонска научна мисла од областа на проучувањето на традиционалната култура на македонскиот народ и на останатите народи што живеат во Македонија. Критериум претставуваше истражувачот да бил постојано вработен во Институтот за фолклор и да се има стекнато со научната титула доктор на науки од споменатите научни области или да има зад себе оставено богат опус на монографски трудови за време на работата во Институтот. Од споменативе причини се изоставени некои од познатите научни работници за македонски прлики, како што се проф. д-р Бранислав Русиќ, проф. д-р Емануел Чучков, проф. д-р Миодраг Хаџи Ристиќ, акдемик проф. д-р Луан Старова, проф. д-р Драгослав Ортаков, проф. д-р Фанија Попова, проф. д-р Васил Тоциновски, проф. д-р Весна Матијашевиќ-Покупец, д-р Благој Стоичовски, д-р Леонтина Гега, д-р Јелена Цветановска и др.

Биографските и библиографските податоци за поранешните вработени во Институтот за фолклор воглавно се преземени од монографските трудови по повод 30-годишниот и 50-годишниот јубилеј од основањето на Институтот, потоа од Македонската енциклопедија, том 1 и 2, како и од публикуваните статии по повод смртта (In memoriam) на починатите или по некој друг повод.



**Д-р Кирил Ќамилов**, научен соработник, педагог и фолклорист, е роден во 1899 год. во Велес. Студирал на универзитетот Сорбона во Париз и на универзитетот во Прага, каде што и дипломирал на Филозофскиот факултет. Докторирал во 1936 год. на универзитетот во Нанси, Франција, со дисертацијата: „Contribution à l’étude de l’enfant : (méthodes et théories contemporaines)“ [„Придонес во проучувањето на детето: современи методи и теории“].[24] Бил учесник во Шпанската граѓанска

[24] Треба да се нагласи дека овој научен труд од областа на психологијата на детето, што е изработен под менторство на професорот од Сорбона, М. П. Фоконе, претставува една од првите докторски дисертации на луѓе со потекло од Македонија. Иако, во оригинал, името на авторот на дисертацијата гласи: Cyrille Camilovitch, т.е. Кирил Ќамиловиќ (Ћамиловић), сепак од денешен аспект важно е да се напомене дека во самиот Вовед (Introduction) на дисетацијата се употребува терминот: „de l'enfant macédonien“, т.е. „македонското дете“ (Анастасова 2000: 107).

војна (1937-38), а потоа и во НОВ од 1944 год. По ослободувањето бил еден од првите професори на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што бил избран за доцент по Историја на педагогијата во 1947 год., а на овој факултет се задржал до 1953 год. Во Фолклорниот институтот доаѓа на крајот од 1957 год., каде што бил избран во научното звање научен соработник. Кирил Ќамилов е првиот доктор на науки што доаѓа во оваа институција со постојано вработување и кој е со научно звање. Во оваа институција ја извршувал и функцијата в.д. директор во периодот од две години (1964-66). Воедно, во 1964 год. бил назначен и за раководител на Одделот за народна литература, сé до пензионирањето на крајот од 1967 год., а во оваа институција продолжува да работи хонорарно со договор уште една година. Автор е на повеќе научни трудови од областа на педагогијата и народното творештво, а посебен интерес му претставувал делото на Григор Прличев. Почина во Скопје, во септември 1976 година.



**Живко Фирфов**, стручен соработник, етномузиколог, е роден во 1906 год. во Велес. Музичка школа учел во Белград, а подоцна студирал композиција кај Ј. Славенски и Ј. Арбатски. По Ослободувањето вршел низа одговорни должности во Скопје: шеф на Отсекот за уметност во Одделението за култура и уметност при АСНОМ, шеф на Отсекот за народна музика во Радио Скопје, а бил и еден од основачите и прв уметнички директор на ансамблот „Танец“. Во Фолклорниот институт доаѓа на почетокот на 1952 год. и отпрвин работел хонорарно до септември истата година, кога се здобива со статус на постојано вработен. Од самиот почеток при доаѓањето во Институтот бил назначен за шеф на Одделот за народна музика и ора, и на оваа позиција останал до крајот на 1965 год. Во 1953 год. бил назначен и за в.д. директор на Институтот, а во 1957 год. бил избран за директор со 5-годишен мандат, така што Фирфов е со најдолг, 9-годишен стаж во директорувањето со оваа институција. Бил дописен член на Меѓународниот комитет за традиционална музика – ICTM во Лондон. Својата главна преокупација ја наоѓа на полето на фолклорот, а се истакнува како собирач, мелограф и толкувач на македонскиот музички фолклор. Собрал и мелографирал над 7.000 народни мелодии, кои се депонирани во Архивот на Институтот за фолклор, а дел од овие записи се објавени во збирките „Македонски музички фолклор“, 1 (1953) и 2 (1964). Објавил и поголем број други стручни трудови: „Метричките особини на македонската народна музика“ (1951), „Дијафониjата на македонската народна музика“ (1958), „Македонските мелографи од крајот на XIX век“ (1963) и др. На македонската јавност е познат и како композитор и автор на учебници по музичко воспитување. Почина во Скопје, во јули 1984 год.



**Ганчо Пајтонџиев**, стручен соработник, спортски гимнастичар и етнокореолог, е роден во 1905 год. во Велес. Бил наставник по физичко воспитување, член и инструктор на соколски организации помеѓу двете светски вијни (1920-41). По Втората светска војна членувал во бројни фискултурни сојузи и здруженија, како стручно лице и автор на академски состави и слетски вежби. Во Фолклорниот институт се вработува на почетокот на 1952 год. и во него работи сé до пензионирањето во 1967 год. Како стручен соработник и истражувач на народните ора во Институтот за фолклор, снимил преку 7.500 народни музички творби (ора и песни), кои се депонирани во Архивот на Институтот за фолклор, а еден дел од нив се објавени во трите книги „Македонски народни ора", во коавторство со Ж. Фирфов и самостојно. Автор е и на уште неколку книги со народни ора и од областа на етнокореологијата: „Македонски народни ора со кореографски знаци и теминологија (коавторство)" (1953), „Македонски народни ора од Малешевско, Делчевско, Кочанско, Светиниколско, Штипско, Радовишко, Струмичко и Валандовско", кн. 1 (1973) и др. Почина во Скопје, во декември 2002 година.



**Д-р Александар Линин**, виш стручен соработник, етномузиколог и етноорганолог, е роден 1908 год. во Кавадарци. Студирал на Техничкиот факултет во Белград и дипломирал на Природно-математичкиот факултет во Загреб, каде што активно учествувал во културно-просветното друштво „Вардар" (1936/37) и бил соработник на „Наш весник" (1937). Подоцна ја завршил и Педагошката академија (Група за музика) во Скопје. По Ослободувањето извесно време бил наставник по математика во Кавадарци, а потоа бил музички уредник на Радио Скопје (1945). Во Фолклорниот институт се вработува во 1958 год., како истражувач на народните музички инструменти, каде што останува до заминувањето во пензија во 1974 год. Бил раководител на Одделот за народна музика и ора од 1966 год., до пензионирањето. Собрал и во Архивот на ИФ депонирал околу 3.000 народни песни и ора. Во 1977 год. докторирал на Факултетот за музичка и драмска уметност во Скопје, на тема: „Односот меѓу македонскиот стих и напев", под менторство на професорите д-р Јерко Безиќ и д-р Георги Старделов. Како основоположник на македонската етноорганологија и етномузиколог се јавува како автор на неколку книги: „Народните музички инструменти во Македонија" (1978), „Македонски инструментални орски народни мелодии" (1978),

„Македонскиот стих и напев“ (1983), „Македонска народна поетска уметност“, 1-3 (1985), „Народни напеви од Призренска Гора“ (1986) и др. Почина во Скопје, во септември 1998 год.



**Д-р Воислав Јаќоски**, научен соработник, фолклорист, е роден во 1925 год. во с. Баништа, Дебарско. Дипломирал во 19?? год. на Филозофскиот факултет во Скопје на Групата за ??????? ??????? ???????? ????????????????????????????. Во Институот за фолклор се вработил во 1963 год. како асистент и по извесно време, на свое барање заминал од институтот на друго работно место. Извесно време работел како средношколски професор. По втор пат се вработува во Институтот во 1971 год. како виш стручен соработник во Одделот за народна литература. Магистрирал во 1975 год. на Филолошкиот факултет во Скопје со темата „Интерпретација на мотивите во македонската и албанската јуначка народна песна : (поглед врз митолошките битово-реалистичните мотиви во македонската јуначка епска песна во сооднос со Крешничкиот циклус на албанската)“. Покрај со истражувањето на македонскиот фолклор, бидејќи го говорел и албанскиот јазик бил прераспределен како истражувач на албанскиот фолклор. Докторирал во 1982 год. на Филолошкиот факултет во Скопје со дисертацијата „Фолклорот во македонската драма“, под менторство на проф. д-р Кирил Пенушлиски. По формирањето на Одделот за истражување на фолклорот на народностите во 1982 год., бил назначен за негов раководител. Автор е на монографскиот труд „Фолклорот во македонската драма“ (1983), а како автор се јавува и во две изданија на библиотеката на списанието „Македонски фолклор“: „Разловечкото востание во современата усна меморија на разловчани“ (коавтор, 1976) и „Баладите и баладните мотиви во албанската народна песна“ (1980). Почина во Скопје, во март 1984 год.



**Д-р Лазо Каровски**, научен советник, поет и фолклорист, е роден во 1927 во Кавадарци. Дипломирал на Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што и докторирал со темата „Печалбарството во македонската народна и уметничка литература“ во 1973 год., под менторство на академик проф. д-р Харалампие Поленаковиќ. Работел како гимназиски професор во Кавадарци и во Учителската школа во Битола, а потоа предавал на тамошната Педагошка академија. Во 1974 год. се вработува во Институтот за фолклор, од каде што и се пензионира во 1986 год., како научен советник. Бил раководител на Одделот за народна литература

во периодот 1974-1986 год. Покрај поезија, објавува и научни публикации од областа на историјата на литературата и македонското усно народно творештво. Самостојно или во коавторство, објавува неколку збирки со македонски народни песни: „Печалбарството во македонската народна и уметничка литература“ (1974), „Саможртвата во македонската народна песна“ (1979), „Македонски печалбарски народни песни“ (со коредактор, 1979), „Македонски песни за Народноослободителната борба“ (со коредактори, 1980), „Класификација на македонската народна песна“ (1981), „Македонски народни хумористично-сатирични песни“, I и II (со коредактор, 1982 и 1986), „Македонски народни песни од Мегленско“ (со коредактор, 1985), „Интонационо-синтаксичкиот слој на поетскиот јазик на македонската народна поезија“ (1986), „Македонски народни умотворби од Разлошко, Пиринска Македонија“ (со коредактор, 1992). Почина во Скопје, во феруари 2000 година.



**Академик д-р Блаже Ристовски**, научен советник, историчар на културата и фолклорист, дописен член на МАНУ од 1988, а редовен од 1997 год., е роден во 1931 год. во с. Гарниково Кавадаречко. Дипломирал во 1955 год. на Филозофскиот факултет во Скопје, на Историско-филолошкиот оддел, Група историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик. Се вработил во Радио Скопје како јазичен редактор (1957-61), а потоа (1961-1966) работи како лектор по македонски јазик и предавач за македонска литература на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана, додека во периодот 1965-66 год. ги води и предавањата по македонски јазик и литература на Педагошката академија во Марибор. Докторирал со дисертацијата: „Животот и делото на Крсте П. Мисирков (1874 – 1926)“ во 1965 год. на Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Харалампие Поленаковиќ, со што се стекнува со титулата доктор по филолошки науки. Во наредната година е избран за директор на Институтот за фолклор, а оваа функција ја извршува во два полни мандати и неколку месеци како в.д. директор. Во периодот на неговото директорување од ноември 1966 год., па до заминувањето од функцијата во април 1975 год., Институтот за фолклор доживува целосен препород, и од една институција која има недостаток од научен кадар и која нема ниту свое специјализирано списание, постепено прераснува во една реномирана и респектирана научна институција, не само во Македонија, туку и во рамките на тогашната Југословија, па и пошироко во балкански релации. Покренувањето на списанието „Македонски фолклор“ во 1968 год. дава посебен импулс на издавачката дејност на институцијата, а прв главен и одговорен уредник е токму тогашниот директор. Во улогата на уредник се јавува сè до 1977 год., така што

под негово уредништво се издадени првите 22 броеви на списанието. Посебен исчекор во раководењето со институтот прави со покренувањето на Меѓународниот научен симпозиум за балкански фолклор, кој биенално се одржуваше во Охрид. Прввиот таков симпозиум е одржан во 1969 год., а во улогата на Претседател на Организацискиот одбор се јавува до 1979 год., кога се одржал 6-тиот симпозиум. Тој има посебно значајна улога за Институтот за фолклор и во врска со организирањето на една мошне разгранета мрежа на собирачи на фолклорни и етнографски материјали ширум државава. Добар дел од депонираниот материјал во Архивот на Институтот за фолклор се должи токму на собраниот фолклорен материјал од надворешните соработници, кои воглавно биле наставници што ги ангажирал токму тој. Поради одредени недоразбирања во институцијата со којашто раководел повеќе од осум години, заминува од Институтот за фолклор во март 1977 год. и преминува во Институтот за национална историја. Таму работи како научен советник до 1991 год., како истражувач на културната историја, а извесен период го раководи и Балканолошкото одделение при институтот. Од 1993 до 1995 год. работи како научен советник во Институтот за старословенска култура со седиште во Прилеп, од каде што заминува во пензија. Како истражувач на македонската национална, литературна, јазична и културна историја и на фолклорот, тој има објавено повеќе од 80 книги и над 1.300 статии и други прилози.[25] Бил член на редакцијата на многу стручни научни списанија во земјава и во странство, а како главен редактор ја има објавено и првата националана „Македонска енциклопедија“ (во два тома), во издание на МАНУ во 2009 год., која предизвика извесни контраверзи во јавноста. Во периодот март 1991 – септември 1992 год, ја извршуваше и функцијата Потпретседател на Владата на РМ, токму во бурниот период на распадот на југословенската федерација и осамостојувањето на македонската држава. Почина во Скопје, во ноември 2018 год.



**Проф. д-р Цветанка Органџиева**, научен советник, славист, историчар на книжевноста и фолклорист, е родена во 1923 год. во Велес. Во родниот град завршила гимназија (1942), а потоа една година била на студии по германистика на Историско-филолошкиот факултет во Софија. Подоцна дипломирала славистика (1948) и докторирала на Филозофскиот факултет во Загреб на тема: „Objavljivanje i proučavanje junačkih pesama kod Južnih Slavena i Rusa do 1920 godine s naročitim osvrtom na pitanje postanka i razvitka junačkih pjesama“ во 1962 год.

[25] Подетални податоци за биографијата и библиографскиот опус на академик Блаже Ристовски можат да се проследат во „Македонски фолклор“ бр. 74, Скопје, 2018, во прилогот посветен по повод неговата смрт.

Првин била асистент на Филозофскиот факултет во Скопје (1949), а потоа и доцент и вонреден професор. Од таа позицијата доаѓа за директор во Институтот за фолклор во јули 1976 год., каде што директорува во наредните две години. Од јули 1978 год. до пензионирањето во декември 1983 год. останува во институ-тот да работи како научен советник на работното место истражувач на на-родната поезија. Била раководител на неколку научноистражувачки проек-ти, меѓу кои и на макропроектот „Современата состојба со фолклорот во Титоввелешко“. Автор е на неколку монографски трудови: „Осврт врз изу-чувањата на настанувањето и развитокот на јужнословенската епика до 1920 година“ (1972), „Карактеристиките на епските песни на Македонци-те-муслимани од Делчевско (Пијанец)“ (1981), како и на голем број на ста-тии и прилози.[26] Почина во Скопје, во февруари 2018 година.



**Д-р Галаба Паликрушева**, виш научен соработник, етнолог и историчар, е родена во 1928 год. во Виница. Дипломирала на Катедрата по етнологија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1954 год. и истата година била назначена за директор на Народниот музеј во Штип. До изборот за директор на Институтот за фолклор во март 1979 год., работела на разни позиции во неколку институции: директор и на Археолошкиот музеј на Македонија, асистент по етнолошки предмети на ПМФ и научен соработник во Институтот за национална историја. Докторирала на Катедрата по историја на Филозофскиот факултет во Скопје во 1965 год. со дисертацијата: „Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката суб-група“, под менторство на познатиот српски и југословенски етнолог проф. д-р Миленко Филиповиќ. По завршувањето на директорскиот мандат во 1984 год., заминува на друга функција. Покрај своите обврски како директор на институцијата, во периодот на директорувањето има публикувано и неколку статии во институтското списание, а била иницијатор на покренувањето и реализацијата на два значајни проекти: едниот со полската етнолошка катедра на варшавскиот Универзитет – „Споредбена монографијата на македонското село Јабланица и на полските села Пјентки и Твароги“, а другиот со Институтот за етнолошки истражувања од Анкара, каде и самата учествувала како истражувач и објавила повеќе прилози произлезени од тој проект, кој се однесувал на Турците во Македонија и на иселениците од Македонија во Турција. Има публикувано над 50-тина стручни и научни статии од областа на етнологијата и историјата, а нејзината док-

[26] Подетални податоци за биографијата и библиографскиот опус на проф. д-р Цветанка Органџиева можат да се проследат во „Македонски фолклор“ бр. 73, Скопје, 2018, во прилогот посветен по повод нејзината смрт.

торска дисертација е објавена постхумно во 2017 год., благодарение на заложбите на проф. д-р Анета Светиева и Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ. Во средината на 80-тите години неколку години (1984-86) е ангажирана и како хонорарен наставник по некои етнолошки предмети на возобновените студии по етнологија на Институтот за географија при ПМФ, а нешто подоцна (1999-2002) е ангажирана и на постдипломските студии по етнологија на истиот факултет. Извршувала разни општествено-политички функции, а во 1998 год. ја има добиено и наградата „11 Октомври", што ја доделува Собранието на Р. Македонија.[27] Почина во Скопје, во декември 2009 год.



**Д-р Александра Попвасилева**, научен советник, фолклорист, е родена 1933 год. во с. Куманичево, Костурско, во егејскиот дел на Македонија, Грција. Поради Граѓанската војна во Грција, во 1948 год. го прекинува образованието завршувајќи VI одделение. Напуштајќи го своето родно село, одделена од своето семејство, таа со една од групите на т.н. „деца-бегалци" ја преминува грчко-југословенската граница, но поради политиката на тогашното раководство на државата кон „егејското прашање" и „децата-бегалци", таа заминува за Романија, во прифатниот центар во Тулгеш. По завршувањето на курсот за учители е назначена за учителка на децата од I do IV одд., на кои им предавала на македонски јазик. Во 1952 год., заминува на дооформување на своето образование во Бугарија, каде се запишува на Филолошкиот факултет при софискиот универзитет и каде што дипломира во 1958 год. Еден од клучните моменти во нејзиниот живот претставува донесувањето на одлуката за заминување од Бугарија и доаѓањето во СР Македонија, заради собирањето на едно место на нејзиното семејство, кое од разгорувањето на Граѓанската војна во Грција, па сè до раните 70-ти години е расфрленото ширум источноевропските земји. По доаѓањето во Скопје, во 1964 год., најпрвин се вработува во НУБ „Св. Климент Охридски", а подоцна, во 1967 год. се вработува како асистент во Институтот за фолклор. Како дипломиран филолог и фолклорист, нејзиниот научноистражувачки интерес најмногу е насочен кон истражувањето на народната проза, особено приказните, но се занимава и со истражувања и на останатите жанрови на фолклористиката, како и со етнологијата и лингвистиката, особено поврзани со нејзиниот роден крај. Својата образовна и научна надоградба ја продожува со успешно завршените постдипломски студии и одбраната на

[27] Подетални податоци за биографијата и библиографскиот опус д-р Галаба Паликрушева можат да се проследат во „Етнолог" бр. 12-13, Скопје, 2009, во прилозите посветен по повод нејзината смрт, како и во нејзината книга издадена постхумно под уредништво на проф. д-р Анета Светиева.

магистерскиот труд „Раѓањето на јунакот во народните приказни на јужнословенските народи“, на Филолошкиот факултет во Скопје, во 1975 год., под менторство на проф. д-р Кирил Пенушлиски. Докторира во 1983 год. на Филолошкиот факултет во Љубљана со дисертацијата „Двојазичното раскажување на народни приказни (влашко-македонски и македонско-влашки релации)“, под менторство на проф. д-р Милко Матичетов. Во периодот од почетокот на 1995 год., па до средината на 1997 год., таа и раководи со Институтот како в.д. директор. Има учествувано во неколку научноистражувачки проекти, а во два проекти се јавува и како раководител. Автор е на неколку монографски трудови од областа на прозниот фолклор: „Двојазичното раскажување на народни приказни (влашко-македонски и македонско-влашки релации)“ (1987), „Македонците во Канада раскажуваат (Националниот идентитет и народната проза на Македонците во Канада)“ (1992), „Македонски народни приказни од Костурско (изворни записи)“ (1996), „Проблеми на народната проза“ (1997), како и на десетици статии, а се јавува и како автор на „Толковен речник на одбрани зборови од костурскиот дијалект“ (2005).[28] Се пензионира во 1998 година.



**Д-р Татјана Каличанин (Жежељ-Каличанин)**, научен советник, фолклорист, е родена во 1936 год. во Охрид. Дипломирала ???? год. на Филозофскиот факултет во Скопје, на Групата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик. Работела како средношколски професор по литература и архивист во Архивот на град Скопје. Во Институтот за фолклор се вработила во 1970 год. на работното место истражувач на народната поезија. Докторирала во 1991 год. на Филолошкиот факултет во Скопје со дисертацијата „Народниот пејач Ефтим Мановски – Мано (фолклористичка монографија)“, под менторство на проф. д-р Кирил Пенушлиски. Учествувала во неколку научноистражувачки проекти, а била раководител на проектот „Македонски фолклорни материјали од Архивот на САНУ“. Автор е на неколку монографски струдови: „Народниот пејач Ефтим Мановски – Мано : еден човек – многу песни – еден народ“ (1996), „Доселување и интеграција на македонското семејство во Канада и САД“ (1997), „Песните на македонските иселеници во Канада и САД“ (1998), „Песните на македонските иселеници во Република Турција“ (2001), „Македонски свадбени обичаи и песни“ (2008), „Антрополошки етно-фолклористички прилози“ (2009), „Македонските народни песни собрани од Лазар Дума (1913)“ (2013). Во пензија заминува во 2001 година.

[28] Подетални биографски и библиографски податоци за д-р Александра Попвасилева можат да се проследат во прилогот објавен во „Македонски фолклор“ бр. 69, Скопје, 2014 год., по повод 80-годишнината од нејзиното раѓање.



**Д-р Блаже Петровски**, научен советник, фолклорист, е роден во 1937 год. во с. Карамани, Битолско. Дипломирал во ???? год. на Филозофскиот факултет во Скопје, на Групата за француски јазик и литература. Во Институтот за фолклор се вработува во 1968 год. како истражувач на народната поезија. Докторирал во 1982 год. на Филолошкиот факултет во Скопје, со дисертацијата „Трансформирањето, распаѓањето и современата состојба на македонскиот јуначки епос“, под менторство на проф. д-р Кирил Пенушлиски. Во периодот 1984-88 год. ја извршувал функцијата директор на Институтот, а во периодот 1993-97 год. бил и претседател на Советот на Институтот. Во периодот 1983-2001 бил и раководител на Одделот за народна литература, а бил раководител и на неколку научноистражувачки проекти. Автор е на монографскиот труд „Трансформирањето, распаѓањето и современата состојба на македонскиот јуначки епос“ (1992), а како соработник или редактор се јавува уште во неколку зборници со песни и книги. Во пензија заминува во 2001 год. Почина во Скопје, во месец ? 2001/2 година.



**Д-р Трпко Бицевски**, научен советник, етномузиколог, е роден во 1938 год. во мегленското село Горно Пожарско, во Воденската околија, во егејскиот дел на Македонија, Грција. Во виорот на Граѓанската војна во Грција неговото семејство е принудено да го напушти своето село и потоа се преселува во овчеполското село Ерџелија, Светиниколско. Основно образование завршил во Ерџелија, а средното образование го стекнал во средното музичко училиште во Скопје. Во периодот 1961-63 год., работел како наставник по музичко воспитување во Свети Николе. Во 1967 год. ги завршува студиите на Музичката академија во Белград и се вработува во Институтот за фолклор како стручен соработник – мелограф, а потоа и како истражувач на вокалната народна музика во Етномузиколошкиот оддел. Од самиот почеток, покрај работните обврски на собирање, класифицирање, дешифрирање и мелографирање на етномузиколошки материјали, тој пројавил интерес и за научноистражувачката дејност. Има мелографирано над 15.000 едногласни и повеќегласни народни песни кои се наоѓаат во Архивот на институтот. Докторирал на темата „Двогласјето во СР Македонија: архитектоника и ритам во светлината на теоретските музиколошки сознанија“ во 1983 год. на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. д-р Јерко Безиќ од Институтот за народна уметност во Загреб. Бил активен член на Сојузот на композитори на Македонија уште од 1973 год., потоа

бил активно ангажиран во Друштвото на фолклористи на Македонија и во Сојузот на фолклористи на Југославија. Во повеќе наврати бил во Советот на Балканскиот фестивал за фолклор во Охрид, повеќе години активно учествувал во научно-културната манифестација „Илинденски денови – Битола“, бил делегат од Институт за фолклор во Советот на Националниот ансамбл „Танец“, а бил и член во претседателството на Ректоратот при УКИМ. Учествувал на голем број секции, меѓународни фестивали, симпозиуми, конгреси и други научни собири во земјава, како и во тогашна СФР Југославија и во странство. Во 1980 год. бил на неколку неделен студиски престој во тогашниот СССР (Москва и Ленинград/Санкт-Петербург). Во 1980 год. бил одликуван со „Орден на труд со сребрен венец“ за посебен придонес во науката и културата. Најголемиот дел од својот 40-годишен работен век го поминал во Институтот за фолклор, каде што во извесен период 1983-92 бил и раководител на Одделот за народни песни и ора, а во периодот 1997-2001 ја извршувал и функцијата директор на институцијата. Освен на публикуваниот докторат, автор е уште и на неколку книги и зборници со мелографирани песни, особено од просторот на егејскиот дел на Македонија: Костурско, Леринско, Воденско, Мегленско, Кукушко, Серско и Демирхисарско и Драмско), како и на 50-тина научни статии.[29] Во пензија заминува во 2003 год. Почина во Скопје, во јули 2019 год.



**Проф. д-р Ѓорѓи Здравев**, ликовен уметник и етнолог, е роден во 1940 год. во Радовиш. Дипломирал во 1967 год. на Академијата за применета уметност (Оддел за костимографија) на Универзитетот во Белград, а во Институтот за фолклор се вработува во 1969 год. како истражувач на текстилната народна орнаментика. Во 1972 год. магистрирал на истата Академија со темата: „Племићки костим у Македонији у XIV и XV веку : на основу зидног сликарства“, под менторство на проф. д-р Павле Васиќ. Една учебна година работи како наставник во Училиштето за применета уметност во Скопје, за потоа повторно да се врати во Институтот за фолклор во 1974 год. Бил долгогодишен раководител на Одделот за народна орнаментика, а во два наврати, во јуни-септември 1975 год. и јули 1978 – март 1979 год., ја извршувал и функцијата в.д. директор на Институтот. За време на работниот ангажман во Институтот за фолклор, освен како стручно лице од областа на ликовната уметност, тој сè повеќе се занимавал и со етнолошка проблематика, особено од областа на материјалната култура. Првенствено го истражувал текстилното народно творештво, но пишувал и за проблематика од немате-

[29] Подетални податоци за биографијата и библиографскиот опус на д-р Трпко Бицевски можат да се проследат во „Македонски фолклор“ бр. 75, Скопје, 2019, во прилогот посветен по повод неговата смрт.

ријалната сфера, поконкретно за некои обичаи кои имале допирни точки со текстилното творештво. Работниот ангажман во Институтот за фолклор го поттикнал да пријави и докторска дисертација од обласа на етнологијата на Филозофскиот факултет во Белград, па така, по успешната одбрана на дисертацијата: „Социјалните и естетските аспекти на македонските народни носии", изработена под менторство на проф. д-р Ѓурѓица Петровиќ, во 1991 год. се стекнал и со титулата доктор на етнолошки науки. Една година потоа заминува во Институтот за старословенска култура со седиште во Прилеп, за во 1999 год. да премине на Заводот за етнологија при Институтот за географија, кој подоцна прерасна во посебен Институт за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, од каде што и се пензионира во 2005 год. како редовен професор. Од 1983 год. бил ангажиран и на Факултетот за драмски уметности, каде што хонорарно предавал костимографија. Автор е на неколку капитални монографски трудови за македонските народни носии: „Македонски народни носии I" (1996), за која во 1997 год. ја има добиено наградата „Гоце Делчев" што ја доделува Министерството за наука, и „Македонски народни носии – ткаеници, везови, плетила, китење и накит" (2006), за која во 2007 год. ја има добиено наградата „13 Ноември", што ја доделува Советот на Град Скопје. Од аспект на текстилното народно творештво значајни му се и трудовите „Народните тантели „сорки" во Овчеполието" (1975) и „Современата состојба на текстилното народно творештво во Титовелешко" (1988).[30] Освен по придонесот во истражувањето на македонската народна носија и како ерудит, проф. д-р Ѓорѓи Здравев во македонската јавност е познат и како ликовен уметник, моден дизајнер и костимограф, за што има добиено и неколку награди. Почина во Скопје, во јануари 2007 година.



**Д-р Боривоје Џимревски**, научен советник, етномузиколог и етноорганолог, е роден во 1940 год. во Куманово. Средно музичко училиште завршил во Скопје, а дипломирал на Музичката академија во Белград во 1967 год. Од 1967 до 1974 год. работел во Радио Скопје, а во Институтот за фолклор се вработил во 1974 како асистент на работното место истражувач на народните музички инструменти и инструменталната народна музика. Докторирал во 1992 год. на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. д-р Драгослав Девиќ, со темата: „Гајдата во Македонија : инструмент – инструменталист – музика". Напишал над 40 стручни трудови и учествувал на повеќе меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми. Извршил обемни теренски истражувања што резултирале со над 4.000

[30] Подетални биографски и библиографски податоци за проф. д-р Ѓорѓи Здравев можат да се проследат во прилогот објавен во списанието Етнолог бр. 12-13, Скопје, 2009 год., по повод неговата смрт.

снимени записи, 1.678 мелографии и 1.265 фотографии. Бил долгогодишен раководител на Одделот за народна музика и ора (Етномузиколошки оддел) во периодот 1992-2005 год. Раководел и со неколку научно-истражувачки проекти, меѓу нив и на макропроектот „Фолклорот во Куманово и Кумановско“, а го редактираше и монографскиот труд со ист наслов што произлезе од овој проект. Како член на организациони одбори и жири-комисии дал значаен придонес во организирањето на повеќе фолклорни фестивали, смотри, семинари и предавања. Објавил неколку монографски трудови од областа на етномузикологијата и етнорганологијата: „Чалгиската традиција во Македонија“ (1985), „Гајдата во Македонија“ (1996), „Шупелката во Македонија (2000)“, „Градската инструментална музичка традиција во Македонија“ (2005), како и на десетици научни статии.[31] Во пензија заминува во 2005 год. Почина во Скопје, во септември 2011 год.



**Михаило Димоски**, асистент, етномузиколог и етнокореолог, е роден во 1941 год. во Ресен. Дипломирал во првата генерација на Одделот за музички фолклор на Музичката академија во Белград во 1967 год., а во наредната година се вработил во Институтот за фолклор како асистент на работното место истражувач на народните ора. При едногодишниот престој на Московскиот конзерваториум во 1969 год. ја специјализирал Лабановата нотација на ората, а подоцна бил на студиски престој и во Романија и во тогашна Чехословачка. Со кино-камера теренски снимил поголем број македонски народни ора и ги подготвил за објавување. Особено бил ангажиран во дејностите за сценско прикажување на фолклорот, посебно на фолклорните фестивали во Македонија. За жал, поради прераната смрт, неговата докторска дисертација од областа на етнокореологијата, на тема: „Македонските народни ора од Западна и Југозападна Македонија“, пријавена кај менторот д-р Иван Иванчан од Загреб, остана недовршена. Има публикувано три книги и триесетина статии и други прилози. Монографските трудови со кои се поставени темелите на современата македонска етнокореологија се: „Makedonski narodni plesovi“, каде се јавува како коавтор со Елзи Иванчиќ Дунин и Станимир Вишински (Загреб, 1973), „Орската Традиција во село Ињево (Радовишко)“ (1974) и „Македонските народни ора од репертоарот на ансамблот за народни игри и песни на Македонија ‘Танец’“ (1977)[32]. Почина во Скопје, во ноември 1979 година.

---

[31] Подетални биографски и библиографски податоци за д-р Боривоје Џимревски можат да се проследат во „Македонски фолклор“ бр. 70 од 2015 год..

[32] Подетални биографски и библиографски податоци за Михаило Димоски можат да се проследат во прилогот објавен во „Македонски фолклор“ бр. 25 од 1980 год., по повод неговата смрт.



**Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев**, етномузиколог, е роден во 1940 год. во с. Горна Бошава, Кавадаречко. Средно музичко училиште завршил во Скопје (1961), а Факултет за музичка уметност – Оддел за етномузикологија (прва генерација) во Белград (1967). Во Институтот за фолклор се вработува во 1969 год. како асистент во Одделот за народна музика и ора. Докторирал во 1985 год. на темата „Македонско народно певање са узвикивањем“, под менторство на проф. д-р Драгослав Девиќ, како прв доктор по музички науки на истиот факултет. По докторирањето бил избран во звањето научен соработник, а потоа и за виш научен соработник. Во оваа институција ја извршувал и функцијата в.д. директор во два наврати: 1975-76 и 1990-91. Покрај извршувањето на работните обврски во Институтот, тој бил и хонорарен наставник на Факултетот за музичка уметност во Скопје (1970-90), а бил и визитинг професор и на факултетите за музика во Приштина и Нови Сад. Подоцна преминува во редовен работен однос на Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде што раководел со Одделот за етномузикологија и предавал неколку етномузиколошки предмети и од каде што се пензионирал во 2005 год. Бил претседател на Здружението на фоклористите на Македонија во периодот 1968-70. Се јавува како коавтор на неколку книги: „Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули“ (1974, музиколошка обработка), „Македонски песни за Народно-ослободителната борба“ (1980 со коредактор), „Македонски народни умотворби од Разлошко, Пиринска Македонија (1992 со коредактори).



**Д-р Танас Вражиновски**, научен советник, фолклорист, е роден во 1941 год. во с. Смрдеш, Костурско, во егејскиот дел на Македонија, Грција. По Граѓанската војна во Грција (1948) како дете бил однесен во Тулгеш (Романија), каде што го започнал основното образование, а потоа се преселил во Крошченко (Полска), каде што го завршил основното образование (1955), а средно образование завршил во Јарослав (1961). Студирал словенска филологија во Краков, а дипломирал на Филолошкиот факултет во Софија (1966). Бил професор по руски јазик во Гимназијата во Сењава, Полска (1966-1970). Со семејството се преселил во Скопје, во 1970 год. и истата година се вработува како асистент во Институтот за фолклор, каде што останува да работи до јули 1990 год. Докторирал на Филолошкиот факултет во Скопје во 1981 год., на тема „Социјално-класните односи во македонските народни приказни“, под менторство на проф. д-р Кирил Пенушлиски. Бил главен и

одговорен уредник на „Македонски фолклор“ во периодот 1985-1988, а во периодот месец ? 1988 год. – април 1989 ја извршувал и функцијата в.д. ди-ректор на Институтот. Работниот век до пензионирањето во 2005 год, го завршил како научен советник во Институтот за старословенска култура во Прилеп, каде што ги извршувал функциите директор и главен и одговорен уредник на списанието „Balcanoslavica“ во периодот 2001-05. Во периодот ????-???? бил директор на Матицата на иселениците од Македонија. Како истражувач на македонскиот прозен фолклор, посебно на народните преданија и митологијата, тој е еден од најплодните публикувачи на фолклорен материјал, а има и публикации поврзани со македонската дијаспора. Од бројните негови трудови би ги извоиле: „Македонски народни приказни за животни“, (1977); „Македонските преданија за места“ (1979), „Илинденскиот прозен револуционерен фолклор (1981), „Samowily i pasterze. Bajki z Socialistycnej Republiki Macedonii“ (Warszawa, 1981, со коредактор), „Социјално-класните односи во македонските народни приказни“ (1982), „Гоце Делчев во македонскиот фолклор“ (1985, со коредактор), „Македонски народни волшебни приказни“ (1986), „Македонски народни преданија“ (1986), „Богови и попови“ (1987, со коредактор), „Вампирите во македонските верувања и преданија“ (1988, со коредактор), „Народни приказни на Македонците иселеници во Канада“ (1990), „Македонското иселеништво во Канада“ (1991), „Споредбена монографија на македонското село Јабланица и полските села Пјентки и Твароги : митски преданија“ (1992, со коавтор), „Актерството на народниот раскажувач“ (2002), „Македонска народна митологија“, кн. 1-5, (2002, со соработници). Превел неколку книги од полски на македонски јазик и обратно, а по негова заслуга се преведени и публикувани во Македонија етно-социолошките истражувања на полско-американскиот антрополог д-р Јозеф Обрембски во македонскиот предел Порече, извршени во периодот на 30-тите години на 20 век.



**Проф. д-р Анета Светиева**, ликовен уметник и етнолог, е родена во 1944 год. во Битола. Дипломирала 1968 год. на Академијата за ликовни уметности во Белград, а на истата високообразовна институција се стекнала и со звањето магистер по скулптура во 1971 год. во класата на Јован Кратохвил. Во Институтот за фолклор официјално се вработува во 1977 год. како асистент на работното место истражувач на пластичната народна орнаментика, а претходно неколку години во оваа институција има работено и како приправник. Докторирала во 1988 год. на Одделот за етнологија на Филозофскиот факултет во Белград со темата: „Резбарени тавани, долапи и врати во Ма-кедонија“, под менторство на проф. д-р Ѓурѓица Петровиќ, со што се стекна-

ла со научниот степен доктор на етнолошки науки. Во 1990 год. преминува на Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што е избрана за наставник, првин како доцент, а потоа и за вонреден (1995) и редовен професор (2000), по неколку етнолошки предмети. Била долгогодишен раководител на Заводот за етнологија, подоцнежниот Институт за етнологија и антропологија при ПМФ, каде што меѓу другото го покренала уредувала институтското списание „Етно-АнтропоЗум“, во периодот 2000-09 год. Била претседател на Македонското етнолошко друштво (2001-05), а главен и одговорен уредник на неговото списание „Етнолог“ е од 2005 год. За особениот придонес во развојот на етнологијата и создавањето на етнолошки кадри, од Македонското етнолошко друштво во 2010 год. ја има добиено Наградата за животно дело. Како плод на својот работен ангажман во Институтот за фолклор ја има објавено книгата „Резбарени тавани, долапи и врати во Македонија“ (1992), а има публикувано и десетици статии во разни стручно-научни и популарни списанија. Меѓу другите активности што ги има реализирано како вработена во Институтот за фолклор претставува и збирката од 100-тина гипсени макети на обредни лебови од речиси сите краеви на Р Македонија, како и разни етнолошки материјали депонирани во архивот на Институтот за фолклор. Но сепак, најплодниот период од нејзината дејност како етнолог и ерудит се остварува за време на ангажманот во некогашниот Завод за етнологија, односно денешниот Институт за етнологија и антропологија при ПМФ, од каде што се и пензионира во 2010 год.[33] Освен како истражувач на традиционалната култура на македонскиот народ и како ерудит, во македонската јавност е позната и како ликовен уметник од областа на вајарството, за што има добиено и неколку награди.



**Проф. д-р Севим Пиличкова**, научен советник, фолклорист, е родена во 1946 год. во Скопје. Дипломирала во 1971 год. на Филозофскиот факултет – Група англиски јазик и литература со историја на уметноста. Во Институтот за фолклор се вработува во 1977 год. како асистент во Одделот за народна литература, а во 1982 год., како истражувач на турскиот фолклор преминува во новоформираниот Оддел за истражување на фолклорот на народностите. Докторирала во 1991 год. на Филолошкиот факултет во Скопје на тема „Основни типови анегдоти кај Турците од Република Македонија, со посебен ос-

[33] Подетални биографски и библиографски податоци за животниот пат и дејноста на проф. д-р Анета Светиева се публикувани во зборникот на трудови по повод 70-годишнината од нејзиното раѓање, со наслов: *За етнологијата... Многу прагови сме поминале... За Анета Светиева*, под уредништво на д-р Љупчо С. Ристески и д-р Ана Ашталкова-Гајтаноска, во издание на ИЕА при ПМФ, Скопје, 2014.

врт на современите записи“, под менторство на проф. д-р Томе Саздов. Посебен интерес на истражување ѝ се народната проза и поезија, кратките жанрови, обичаите и верувањата кај Турците во Македонија. Имала студиски престои во Анкара, Истанбул и Москва. Била долгогодишен раководител на Одделот во којшто работела, а раководела и со разни управни тела во Институтот (претседател на Научниот совет и на Советот). Во периодот 2001-10 во два мандати е бирана за директор на институцијата. Била претседател на Организацискиот одбор на Меѓународниот симпозиум за балканскиот фолклор во три наврати (2004, 2006 и 2008 год.), а била член и на Ректорската управа на УКИМ. Членува во INASEA (Меѓународна асоцијација на антрополозите од Југоисточна Европа). Како проучувач на фолклорот и етнологијата на турскиот народ во РМ објавила десетина монографски трудови, меѓу кои ги издвојуваме: „Makedonya Sossüalist Cumhuriyetinde yaşayan Turklerin manlier“ / „Манињата кај Турците од СР Македонија“ (1986), „Народните приказни на иселениците од Република Македонија во Република Турција“ (1992), „Насрадин Оџа и Итар Пејо - духовни близнаци“ (1996), „Турски реалистични народни приказни од Република Македонија“, том I–II (1997), „Турски хумористични народни приказни во функција на пародија“ (2000), „Структурата на турските волшебни народни приказни“, кн. 1 и 2 (2001), „Нарација и реалност“ (2002), „Nasraddin Hocaenin kişiliği“ / „Фолклорниот лик на Насрадин Оџа“ (2003), „101 анегдота за Насрадин Оџа од Македонија“ (2004), „Функцијата на формулите во турските народни приказни“ (2005), „Симболиката на наративните елементи во турските приказни од Македонија (2006). Во пензија заминува во 2011 година.



**Проф. д-р Боне Величковски**, научен советник, фолклорист, е роден во 1948 год. во с. Црешево, Скопско. Дипломирал во 1974 год. на Филозофскиот факултет во Скопје – Група за француски јазик и литература. Во Институтот за фолклор се вработува како библиограф во 1976 год. Во 1992 год. магистрира на Универзитетскиот центар за постдипломски студии во Дубровник на Филозофскиот факултет при загепскиот универзитет, со темата „Makedonske erotske narodne pjesme“ и се стекнал со научната титула магистер на општествени, хуманистички и теолошки науки од областа на филологијата. Во наредната 1993 год. бил избран за асистент на работното место истражувач на детскиот фолклор и кратките жанрови. Докторирал во 1999 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на тема „Заемните влијанија меѓу македонските народни пословици и поговорки и пословиците и поговорките на другите балкански народи“, под менторство на проф. д-р Томе Саздов. Бил раководител на Одделот за народна литература (2001-

10), а во периодот 2010-11 бил и в.д. директор на Институтот за фолклор. Бил раководител и на неколку научноистражувачки проекти, меѓу кои и на макропроектот „Современата состојба со фолклорот во Охридско-струшкиот регион“, во периодот 2004-06 год. Благодарение на истоимениот монографски труд што произлезе од овој проект, а на кој уредник беше д-р Боне Величковски, во 2007 год. Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ ја доби и престижната државна награда „Гоце Делчев“, што се доделува за особено значајни остварувања од интерес за РМ во областа на науката. Изготвувач е на првиот елаборат (предлог-проект) за организирање на последипломски (магистерски) и докторски студии, по што Институтот се стекна и со правото да организира студии од втор и трет циклус по фолклористика. Автор е на неколку монографски трудови и збирки со песни и пословици: „Секој петок урда јадам : Македонски еротски песни“, приредил Боне Величковски), „Македонско-ромски и ромско-македонски речник“ (1998, со коавтор), „Ѕид без малечки камчиња не стои. Пословични паралели“ (2001), „Dizionario Rom-Italiano, Italiano-Rom“ (2002, со коавтор), „Македонско-англиски и англиско-македонски пословични паралели“ (2002), „Француски пословици и нивните македонски еквиваленти“ (2004), „Руско-македонски и македонско-руски пословици (2005), „Библиографија на фолклорот и етнологијата во Македонија“ (2010) и др. Во пензија заминува во 2012 година.



**Проф. д-р Трајко Петровски**, научен советник, историчар, етнолог и фолклорист, е роден во 1952 год, во Скопје. Во 1974 год. завршил Педагошка академија – Група историја и географија, а во 1979 год. дипломирал на Групата за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Бил наставник по историја во основно училиште (1974-80), а во 1980 год. се вработува во Институтот за фолклор како асистент во Одделот за народна литература. Наскоро преминува во новоформираниот Оддел за истражување на фолклорот на народностите, како истражувач на ромскиот фолклор. Во 1989 год. магистрирал на Катедрата за етнологија на Филозофскиот факултет во Белград, на тема: „Календарски обичаји код Рома у Скопљу и околини“, со што се стекнал со научниот степен магистер по етнологија. Докторирал во 1997 год. на Катедрата за етнологија на Филозофскиот факултет во Загреб, со дисертацијата: „Etničke i kulturne značajke Roma u Makedoniji“, под менторство на проф. д-р Витомир Белај и се стекнал со научниот степен доктор на хуманистички науки од областа на етнологијата. Согласно измените во Правилникот за систематизација на работните места, од 2003 год. неговото работно место гласи: истражувач на фолклорот и етнологијата на ромскиот народ во Р. Македонија. Со својот ангажман во Институтот за фолклор, тој ја имаше

пионерската улога во трасирањето на патот за идните истражувачи на традиционалната ромска култура во Македонија, како од аспект на етнологијата, така и од аспект на фолклористиката. Учесник е во неколку домашни и странски научноистражувачки проекти кои се однесуваат на ромската заедница. Бил претседател на неколку научни собири поврзани со традиционалната култура на Ромите, а во два наврати се јавува и како уредник на зборници на трудови што произлегле од овие научни собири. Има публикувано неколку книги и десетици статии од областа на етнологијата, фолклорот, јазикот и останатите сегменти на културата на Ромите во Македонија, меѓу кои ги издвојуваме: „Календарските обичаи на Ромите во Скопје и околината (1993), „Македонско-ромски и ромско-македонски речник“ (со коавтор, 1998), „Ромите во Македонија денес“, кн. 1-3, (2000-2002), „Ромски народни песни / Romane gilja“ (2001), „Ромски фолклор“ (2002), „Dizionario Rom-Italiano, Italiano-Rom“ (2002, со коавтор), „Граматика на ромскиот јазик“ (2003), „Rječnik hrvatsko-romski i romsko-hrvatski“ (коавторство, Загреб-Битола, 2008), „Ромске народне приче, песме, легенде, анегдоте и пословице из Србије и Македоније“ (Београд, 2012) „Етничките и културните карактеристики на Ромите од Македонија“ (2013), „Историја на Ромите во Македонија и Балканот“ (коавторство, 2015), и „Ромски народни приказни од Македонија“ (2017). За својот придонес во проучувањето и популаризацијата на традиционална ромска култура, добитник е на неколку награди и признанија од неколку домашни и странски ромски организации.[34] Има издадено и неколку учебници по ромски јазик за децата коишто факултативно го изучуваат својот мајчин јазик. Во пензија заминува во мај 2019 год. Почина во Белград, во август 2020 година.



**Проф. д-р Кокан Грчев**, архитект и историчар на уметноста, е роден во 1963 год. во Струмица. Дипломирал во 1988 год. на Архитектонскиот факултет во Скопје. Во Институот за фолклор се вработува во 1990 год. како помлад асистент – истражувач на пластичната народна орнаментика, а од 1993 год. работи како истражувач на пластичната народна орнаментика и народната архитектура. Магистрирал во 1997 год. на Филозофскиот факултет во Скопје, на Групата Историја на уметноста со археологија, со темата „Црковното градителство во

[34] Подетални биографски податоци за д-р Трајко Петровски се публикувани во статијата: З. Малинов, „Придонесот на Институтот за фолклор ‘Марко Цепенков’ во истражувањето на ромската традиционална култура“, во: „Ѓурѓовден/Ерделези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот (Прилози од Меѓународниот научен симпозиум одржан на 11 април 2018 год. во Скопје), уредник д-р З. Малинов, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2018.

Македонија во перио-дот меѓу двете светски војни“ и се здобил со академскиот степен магистер по историја на уметноста. Докторирал во 2001 год. на истата институција со дисертацијата „Архитектонските стилови во профаното градоградител-ство во Македонија меѓу двете светски војни 1919-1940“, под менторство на проф. д-р Борис Петковски, и се стекнал со научниот степен доктор по историја на уметноста. Истата година е избран во звањето научен соработ-ник на работното место истражувач на традиционалната архитектура, а за виш научен соработник како истражувач на архитектурата е избран 2004 год. Од Институтот заминува во 2007 год. и се вработува како професор на Факултетот за архитектура и дизајн на Американ Колеџ во Скопје. За вре-ме на работењето во Институтот за фолклор е вклучен во неколку научно-истражувачки проекти, а во овој период се јавува и како автор на неколку книги во издание на Институтот: „Црковното градителство во Македонија во периодот меѓу двете светски војни : 1918-1940“ (1998), „Стилска ерго-номија : архитектонските стилови во македонската архитектура и перио-дот меѓу двете светски војни“ (2002), „Архитектонските стилови во маке-донската архитектура од 19 век и периодот меѓу двете светски војни“ (2003), „From origins to style : Macedonian architecture the of 19$^{th}$ century and in the period between the two Word Wars“ (2004), „Аспекти на културните традиции : архитектура меѓу традициите и модерноста“ (2006).



Дел од вработените во Институтот за фолклор во јуни 1979 год.: Боривоје Цим-ревски, Јелица Андоновска, А. Дамјановски (Претседател на РК за образование и наука), д-р Галаба Паликрушева (директор), м-р Воислав Јаќоски, Мане Илиевски, Трпко Бицевски – во првиот ред, Виолета Василева, Ранка Христова, Татјана Каличанин и м-р Анета Светиева – во позадина, Тодор Андреев – клечи.




Дел од вработените во јуни 1979 год.: Ѓорѓи Ѓорѓиев, Виолета Василева, Ранка Христова, Јелица Андоновска, Севим Пиличкова, Верица Станковиќ, Михаило Димоски и м-р Анета Светиева – првиот ред, Татјана Каличанин, Боривоје Цимревски, Мане Илиевски и Тодор Андреев – вториот ред.



Вработените во Одделот за народна орнаментика: Ранка Христова, м-р Ѓорѓи Здравев (раководител), Звезда Новевска и м-р Анета Светиева.

# ДЕЛОТО НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ КАКО ИНСПИРАЦИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР
## (По повод јубилејот 100 години од неговата смрт)

Оваа 2020 година, одбележувањето на јубилеите, 70 години од основањето на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје, и 100 години од смртта на нашиот најистакнат собирач на народни умотворби Марко Цепенков, претставува добра можност, за еден поглед наназад во историјата на македонската фолклористика за да се истражат основните темели врз кои е основана оваа дисциплина. А таа недвосмислено е поврзана со собраните фолклорни материјали на Марко Цепенков (1829-1920) од крајот на 19 век, кои општо гледано, без разлика дали се работи за аналогна појава, или за влијание од германскиот романтизам, половина век подоцна ги воспостави темелите на една национална научна дисциплина, која заедно со јазикот и литературата претставува еден од клучните столбови на македонскиот културен идентитет.

За добрите познавачи на македонската фолклористика и македонскиот фолклор, веројатно споредбата помеѓу една чисто емпириска дејност каква што е собирањето и забележувањето на фолклорните материјали каква што кон крајот на 19 век ја правел Марко Цепенков и епистемиолошката теоретско методолошка детерминација и анализа на истиот материјал, се две сосема спротивни работи, иако, тие се комплементарни и взаемно се поврзуваат. Од тука може да изгледа парадоксална помислата дека Цепенков, со оглед на тоа дека немал академско образование, што е еден од клучните предуслови за научна аргументација на собраниот материјал, е втемелувач, иако посреден, на македонската фолклористика една чисто научна дисциплина која кај нас се јавува триесеттина години после неговата смрт, а која во Европа се појавува веќе во втората половина на 19 век. Следствено, во времето во кое Цепенков упорно ги собирал фолклорните материјали од Прилеп и околината, географски гледано во регионот постоеја два центри кои имаа научници кадарни да го согледаат богатството на македонскиот фолклор собран од Цепенков, а тоа беа Белград и Софија. Историските и можеме слободно да кажеме економските, па и идеолошките прилики кон крајот на 19 век, наложија материјалот на Цепенков да го редактира и да даде свој суд за него, бугарскиот научник Иван Шишманов, кој веќе бил во тоа време истакнат филолог. Со негова помош материјалите на Цепенков се издадени во „Зборникот на народни умотворенија наука и книжнина“ (СбНУ), започнувајќи од првиот број (книга) на списанието, кое излегло во Софија во 1889 год., па заклучно со двобројот XVI-XVII, кој излегол во 1900 год. Со тоа се чини дека барем за тој период објавувањето на македонските народни умотворби собрани од Цепенков и публикувани во научно списание е сè што беше направено со нив. Тоа значи дека тие материјали, таму, не биле објавени во книга (или книги), како што да речеме тоа го сторил Кузман Шапкарев и браќата Миладиновци.

Можеби и една од причините била и тоа што Шишманов констатирал дека голем број од материјалите претрпеле директно „мешање“ на Цепенков, односно дека Цепенков, некои од запишаните материјали ги авторизирал до тој степен што не можеле да се сметаат за чист фолклорен материјал, што во тоа време, таквата интервенција во суровиот теренски материјал, беше во спротивност со воспоставените норми, за собирање на народни умотворби. Многу подоцна, ова особина на материјалите на Цепенков, предизвикаа вистинска полемика во научната јавност која остана поделена околу тоа во колкава мера во запишувањето на тие фолклорни материјали има дел од духот и талентот на Цепенков, а колку од нив се сурови такви какви што се раскажани од раскажувачите. Бидејќи крајот на 19 век, забележувањето на усното беше исклучително со помош на запишувањето, можноста на собирачите да интервенираат во слушнатото било навистина големо. Но тоа останува како отворена дебата и во целиот 20 век, односно дебата околу односот на усното и писменото во фолклористиката, или со други зборови во колкава мера можеме да зборуваме за собирачот на народни умотворби како писател. Токму од овие причини многумина филолози и научници во Македонија сметаат дека Цепенков бил првенствено писател по дух, и тоа најдобро се гледа во неговата собирачка активност. Мора да се признае дека благодарејќи и токму на таа негова карактеристика, македонските приказни и песни ги имаат истите естетски квалитети како да речеме приказните собрани од браќата Грим или тие напишани од Андерсен.

И кога се чинеше дека судбината на објавените фолклорни умотворби на Цепенков во СбНУ, ќе остане само како половина фолклорен, половина писателски материјал објавен во списание, вниманието кон нив го сврте една плејада на млади македонски филолози кои веќе работеле на забележувањето и анализата на објавените фолклорни умотворби, не само кај нас, туку и во странство.

Блаже Коневски, Васил Иљоски, Бранислав Русиќ, Харалампие Поленаковиќ, Кирил Пенушлиски, Томе Саздов, се секако најзначајните научници од средината на 20 век кои во делот на Цепенков, видоа вистинско богатство на македонскиот народ, еден стабилен клуч за зацврстување на македонскиот идентитет. Прв зграб, во делото на Цепенков, направил Блаже Коневски, кој Цепенков го „открил“ во Белград каде ги видел неговите објавени фолклорни материјали во СбНУ. Неколку години подоцна во 1954 год., тој ја објави книшката „Сказни и сторенија“ со која го даде основниот импулс за понатамошно истражување на македонските народни умотворби. Впрочем, Коневски кој бил бележит ерудит на своето време прв ја согледал важност на Цепенков за институционализацијата на македонската фолклористика сметајќи дека народните умотворби собрани од Цепенков не само што даваат одличен материјал за филолошка анализа туку тие се неисцрпен извор за лингвистите, културолозите, па и филозофите.

Професорот Кирил Пенушлиски го направи најзначајниот пробив на Цепенков во македонската култура и наука, затоа што, за време на својот студиски престој во Софија, каде што барал архивски материјали за Стеван Верковиќ, кој бил и предмет на неговата докторска дисертација, успеал да го открие и насочи интересот кон богатиот фолклорен материјал на Цепенков кој се чувал во Бугарската академија на науките (БАН). Во тоа време претседател на БАН бил академик Тодор Павлов, како што вели Пенушлиски, филозоф од светски ранг, кој го поврзал со архивата и му дозволил да истражува. Играта на случајот сакаше во архивата тој со помош на нивната архиварка да „ѕирне" во оставината на Цепенков. Овој момент како што вели Пенушлиски бил клучен за неговата потполна посветеност на животот и делото на Цепенков, кој незаслужено лежел „неоткриен" во архивот на БАН.

Пенушлиски, богатиот фолклорен материјал го донел во Скопје на микрофилм, и веднаш во 1958-59 год. ја објави тритомната книга: Марко Цепенков „Македонски народни приказни", каде се објавени поголем број на приказни од оставината на Цепенков, а во 1972 год. и 10-томното издание: Марко Цепенков „Македонски народни умотворби" во десет книги, во уредништво на Блаже Ристовски, а како одговорен уредник се јавува Томе Саздов.

Пенушлиски, кој сиот свој живот го посветил на македонскиот фолклор, бил во суштина и основоположник на научниот пристап кон фолклорот, со оглед на тоа дека пред него никој не се занимавал на таков систематичен и научно аргументиран пристап кон оваа проблематика. И ако сакаме да побараме заеднички именител помеѓу собирачката активност на Цепенков и научната елаборација на истата, тогаш тоа секако го наоѓаме во делото на доајенот на македонската фолклористика Кирил Пенушлиски. Впрочем, десеттомното издание на Цепенков и денес во дваесет и првиот век претставува непресушен извор на податоци за животот и културата на Македонците во деветнаесеттиот век, извор и инспирација за младите научници. но и за љубопитните кои талкаат низ аналите на нашата култура.

Општо прифатлива е констатацијата дека освен бугарската и македонската фолклористика чии интереси биле и сè тесно поврзани со народните умотворби собрани од Цепенков, во почетокот на дваесеттиот век името на Цепенков не се споменува во регионот и пошироко, од веќе споменатите причини.

Но интересот за Цепенков и неговата собирачка активност, се појавил во Европа и малку порано од моментите кои ги споменавме во досегашниот прилог. Имено, македонските фолклористи често се повикуваат на интернационалната афирмација на македонскиот фолклор меѓу другите и во делото на истакнатите научници Петар А. Лавров и Јиржи Поливка од почетокот на 20 век. Во овој контекст, а кој се однесува конкретно на Марко Цепенков, малку е споменато дека Германецот Јоханес Болте, заедно со веќе споменатиот чешки лингвист Јиржи Поливка, издаваат едно петтомно

издание наречено „Забелешки во врска со детските и домашните приказни на браќата Грим“ („Anmerkungen zu den Kinder und Hausmarchen der Bruder Grimm“), во периодот од 1913 до 1932 год. Професорот Кирил Пенушлиски во книгата „Одбрани фолклористички трудови“ (книга 4) од 1988 год., во поглавјето насловено „За народните приказни“, дава цитат од посоченото издание и тоа од томот број четири, во кое се зборува за дефиницијата на приказната како што ја разбира Јохан Болте. Но, нашето внимание сега го привлекува петтиот том од овој зборник, кој покрај историјата на приказните дава и регистар на истите. Петтиот том инаку е објавен во 1932, а реиздаден во 1963 год. За нас од особена важност е фактот дека во овој регистар од петтиот том како посебна единица се споменати македонските приказни собрани од Цепенков.

Пенушлиски лично сметал дека токму петтиот том на германскиот регистар е многу значаен за нашата фолклористика, бидејќи во него во 1932 год. за прв пат е споменат Цепенков во меѓународни рамки, а македонскиот фолклор е заведен како посебна единица, одделно од бугарскиот и српскиот. Во одделот каде се дава регистар на приказните на Јужните Словени, заведени се на стр. 99, *словенечките приказни*, на стр. 103 *српско-хрватските*, на стр. 117 *македонските* и на стр. 118 *бугарските*. Во кратката белешка за Цепенков се вели дека тој е ученик на Димитрија Миладинов и Кузман Шапкарев и дека во 1888 год. почна да му излегуваат од печат приказните во бугарскиот зборник и во продолжение се наведува и местата од каде некои од приказните се собрани. Можеме слободно да констатираме дека ова претставува најзначајниот пробив на Цепенков во рамките на Европска фолклористика.

Скромното појавување на делото на Марко Цепенков во првата половина на дваесеттиот век, и кај нас и во странство, и неговата „експлозија“ која се случува во средината на векот, предизвикува огромен интерес на научната јавност за неговите материјали собрани главно од Прилеп и неговата околина, па Цепенков го добива заслуженото место помеѓу бардовите на македонскиот културен идентитет, како што се браќата Димитрија и Константин Миладиновци, Кузман Шапкарев, Стеван Верковиќ и др. Со тоа може да се каже дека се заокружува неисцрпниот инспиративен материјал на македонската фолклористика, која, од една страна како наука почнува да се обликува токму врз собраните материјали на нашите собирачи, а од друга страна конечно се институционализирала со основањето на Институтот за фолклор во 1950 година. Неколку години после излегувањето од печат на десеттомното издание на делата на Марко Цепенков, во 1979 година Институтот за фолклор, земајќи ги предвид значењето на Марко Цепенков за македонската култура и македонскиот идентитет донесува одлука да се именува како Институт за фолклор „Марко Цепенков“. Со тоа, покрај веќе започнатото систематско собирање на теренски фолклорни материјали, започна едно нова ера во афирмацијата на името и дејноста на Марко Цепенков која продолжува и денес, во 21 век.



Патронот на Институтот за фолклор, фолклористот Марко Цепенков

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ:

### литература:

АНГЕЛОВ Г. (2015). Д-р Боривоје Џимревски : фолклорист, теренски истражувач и еден од пионерите на македонската етноорганологија. *Македонски фолклор*, 70. Скопје: Институт за фолклор „М. Цепенков", 13-22.

*БИБЛИОГРАФИЈА на изданијата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" (и на магистерските тези и докторските дисертации на соработни-ците : 1950-2000).* (2000). Подготвила: Мирјана Анастасова. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков".

ВЕЛИЧКОВСКА Р., КУЗМАН А. (2019). IN MEMORIAM : Д-р Трпко Бицевски, етномузиколог, научен советник (1938-2019). *Македонски фолклор,* 75. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 237-244.

ВЕЛИЧКОВСКА Р., ПЕТРОВСКА КУЗМАНОВА К. (2015). Предговор. *Македонски фолклор*, 70. Скопје: Институт за фолклор „М. Цепенков", 5-6.

ВРАЖИНОВСКИ Т. (2008). Половина век македонска фолклористика. *Словенски фолклор и фолклористика на размеђи два миленијума*. Зборник радова са међународног научног симпоозијума одржаног 2-6 октобра 2006 год. (ур. Љубинко Раденковић). Београд: САНУ, Балкнолошки институт, 15-33.

ВРАЖИНОВСКИ Т. (1988). 20 години на списанието „Македонски фолклор". *Македонски фолклор,* 41, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 7–9.

*ЃУРЃОВДЕН во Република Македонија.* (2018). Уредник: Зоранчо Малинов. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", посебни изданија, кн. 84.

ЃОРГИЕВ Ѓ. (1980). Михаило Димоски (1941-1979). *Македонски фолклор,* 25. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков".

ЃОРГИЕВ Ѓ. (1990). 40 години Институт за фолклор „Марко Цепенков" (поздравен говор). *Македонски фолклор,* 46, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 5–10.

*ЗА ЕТНОЛОГИЈАТА... Многу прагови сме поминале... За Анета Светиева.* (2014). Уредници: Љупчо С. Ристески и Ана Ашталкова-Гајтаноска. Скопје: Природно-математички фак., Институт за етнологија и антропологија.

КУЗМАН А. (2015). Етномузикологот Боривоје Џимревски како инспирација за младите генерации во продолжувањето на музичката фолклорна традиција. *Македонски фолклор*, 70. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 9-12.

*МАКЕДОНСКА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА, 1 (А-Љ).* (2009). Главен и одговорен редактор: акад. Блаже Ристовски. Скопје: МАНУ.

*МАКЕДОНСКА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА, 2 (М-Ш).* (2009). Главен и одговорен редактор: акад. Блаже Ристовски. Скопје: МАНУ.

МАЛИНОВ З. (2015). Поздравен говор. *Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања*, (Прилози од Меѓународниот симпозиум одржан на 19-20 декември 2014 год. Скопје). Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 5-6.

МАЛИНОВ З. (2014). Д-р Александра Попвасилева – живот посветен на фолклористичката наука. *Македонски фолклор,* 69, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 5-12.

МАЛИНОВ З. и ПЕТРЕСКА В. (2017). Придонесот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во развојот на македонската етнологија *Етнолог,* 18, Скопје: Македонско етнолошко друштво, 20-39.

МАЛИНОВ З. (2018). Придонесот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во истражувањето на ромската традиционална култура. Во: *Ѓурѓовден / Едерлези и традиционалната култура на Ромите во Македонија и на Балканот* (Прилози од Меѓународната научна конференција, Скопје, 11.4.2018 год.), уредник: Зоранчо Малинов. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 39-48.

МАЛИНОВ З. (2018а). IN MEMORIAM : Академик Блаже Ристовски (1931 – 2018). *Македонски фолклор,* 74, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 240-243.

НАЗИМ Ј. (2016). Галаба Паликрушева : Научноистражувачка работа и резултати. Во: Галаба Паликрушева, *Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката субгрупа.* Скопје: Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, 221-239.

[РИСТОВСКИ Бл.] РЕДАКАЦИЈА. (1968). Кон читателите. *Македонски фолклор*, 1. Скопје: Институт за фолклор, 4.

РИСТОВСКИ Бл. (1969). Прв симпозиум за балкански фолклор (Охрид, 7 и 8 јули 1969) – уводно излагање. *Македонски фолклор,* 3-4. Скопје: Институт за фолклор, 4-5.

РИСТОВСКИ Бл. (1970). Дваесет години Институт за Фолкор во Скопје. *Македонски фолклор*, 5–6. Скопје: Институт за фолклор, 5-8.

[РИСТОВСКИ Бл.] (1975). IV Меѓународен симпозиум за балканскиот фолклор, *Македонски фолклор,* 15–16. Скопје: Институт за фолклор, 4.

РИСТОВСКИ Бл. (1977). V Меѓународен симпозиум за балканскиот фолклор – Уводно излагање на председателот на Организациониот одбор на симпозумот. *Македонски фолклор*, 19-20. Скопје: Институт за фолклор, 6-7

РИСТОВСКИ Бл. (1979). VI Меѓународен симпозиум за балкански фолклор во Охрид 7 и 8 јули 1979 – Уводно излагање на председателот на организациониот одбор на Симпозиумот д-р Балаже Ристовски. *Македонски фолклор,* 23. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 6–9.

СВЕТИЕВА А. (2009). IN MEMORIAM : Ѓорѓи Здравев (1940-2007), *Етнолог,* 12-13, Скопје: Македонско етнолошко друштво, 287-297.

СВЕТИЕВА А. (2009а). ИН МЕМОРИАМ: Д-р Галаба Паликрушева Назим (1928-2009), *Етнолог,* 12-13, Скопје: Македонско етнолошко друштво, 298-306.

СВЕТИЕВА А. (2016). Предговор : Галаба Паликрушева и нејзиното време. Во: Галаба Паликрушева, *Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката субгрупа*. Скопје: Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, 5-27.
СВЕТИЕВА А. (2016). Д-р Галаба Паликрушева : Биографија (1928-2009). Во: Галаба Паликрушева, *Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката субгрупа*. Скопје: Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, 29-58.
СВЕТИЕВА А. (2018). IN MEMORIAM : Проф. д-р Цветанка Органџиева (1924-2018), *Македонски фолклор,* 73. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 231-245.
*30 ГОДИНИ Институт за фолклор „Марко Цепенков".* (1980). Редакција: д-р Цветанка Органџиева, д-р Лазо Каровски (претседател) и Танас Вражиновски. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков".
ЦЕПЕНКОВ М. (1972). *Македонски народни умотворби* : во десет книги [собрал] Марко К. Цепенков, редакција: Кирил Пенушлиски (главен уредник), Блаже Ристовски (одговорен уредник), Томе Саздов (член), јазичен редактор Тодор Димитровски, Скопје: Македонска книга и Институт за фолклор.

**документи:**

ЗАКОН за високото образование (*Сл. весник на РМ* 35/2008).
ЗАКОН за заштита на културното наследство (*Сл. весник на РМ* 20/2004).
ЗАКОН за научно-истражувачката дејност (*Сл. весник на РМ* 13/1996).
ЗАКОН за научно-истражувачката дејност (*Сл. весник на РМ* 46/2008).
ЗАКОН за насоченото образование (*Сл. весник на СРМ* 16/1985).
МАТИЧНА КНИГА на вработените во Институтот за фолклор.
ПРАВИЛНИК за систематизација на работните места во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје од 13.07.2016 год.
ПРАВИЛНИК за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство (Службен весник на РМ 111/05).
ПРАВИЛНИК за внатрешна организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје од 13.07.2016 год.
ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство (*Сл. весник на РМ* 130/13).
ПРАВИЛНИК за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, *Универзитетски гласник* бр. 417, 29 јануари 2019 г.
ПРАВИЛНИК за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Уни-

верзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, *Универзитетски гласник* бр. 418, 30 јануари 2019 год. и 18 февруари 2019 год.

РЕШЕНИЕ за исполнетоста на условите на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ за стекнување на својството Јавна научна установа, добиено од Министерството за наука на 31.12. 1996 год. (бр. 08-4261/1).

РЕШЕНИЕ за акредитирање на студиските програми за последипломски студии на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, издадено од Одборот за акредитација на високото образование од 26.02.2008 год. (Сл. 12).

РЕШЕНИЕ за акредитација на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Фолклористика, издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 30.10.2013 год. (бр. 13-130/2)

РЕШЕНИЕ за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни студии по Фолклористика, издадено од МОН на 24.01.2014 год. (бр. 13-869/2).

РЕШЕНИЕ за акредитација на студиската програма од трет циклус по Фолклористика, донесено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование од 23.11.2017 год. (бр. 1409-163/2).

РЕШЕНИЕ за почеток со работа на студиската програма од трет циклус по Фолклористика, донесено од МОН на 29.01.2018 год. (УП1 бр. 14-145).

РЕШЕНИЕ за определување овластен субјект за заштита на фолклорните добра, издадено од Министерството за култура на 11.03.2005 год. (Бр. 30-1620/2).

СТАТУТ на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од 25.02.2015 год.

УРЕДБА за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, издадена од на Владата на РМ (*Сл. весник на РМ* 103/2010).

УРЕДБА за оснивање на Фолклорен институт, издадена од Владата на НРМ (*Сл. весник на НРМ* 11/50).

**REVIEW OF THE JUBILEE**
**(Summary of the 70-year history of the Institute)**
**(овој текст е предаден за превод на англиски !)**

Со создавањето на македонската држава како конститутивна единица на југословенската федерација се создале и условите за формирањето на институциите кои се неопходни за нормалното функционирање на една држава, меѓу нив и високообразовните и научните институции. Меѓу првите институции од областа на науката што биле формирани по создавањето на Народна Република Македонија е и тогашниот Фолклорен институт, кој е основан со Уредба на Владата на НРМ, број 1183 од 6.4.1950 година, по предлог на Министерството за наука и култура (Службен весник на НРМ 11/50). Формиран е како самостојна научна институција од посебен национален интерес, со седиште во Скопје, со примарна задача да се собира, систематизира и конзервира фолклорното богатство на македонскиот народ. Задачите на Институтот при неговото формирање се регулирани со членот 2 од споменатата Уредба на Владата на НРМ, кој во оригинал гласи:

„Задачите на институтот се:

15. да ја организира работата на собирањето, систематизирањето и конзервирањето на фолклорното богатство на македонскиот народ;

16. да го научно анализира, прочистува и обработува собраниот материјал од подрачјето на националниот фолклор;

17. да дава совети и стручни мненија во врска со применувањето на нашата народна уметност во домашните ракотворби, музиката, индустријата, градежништвото итн.;

18. да соработува со организации, друштва и установи коишто работат на пропагирањето на нашата народна уметност од територијата на Федеративна Народна Република Југославија и во странство, и да се грижи за чистоќата и изворноста на нашата народна уметност;

19. да се грижи за запазување и понатамошно развивање на нашето народно уметничко творчество;

20. да издава научни и научно-популарни публикации од областа на својата работа.“

Во првата година по формирањето на Институтот функционирале три оддели, а во составот на едниот од одделите имало четири отсеци. Така, првиот оддел бил Одделот за материјална култура, со 4 отсеци, и тоа: 1. Отсек за народен вез (од 1952 год. преименуван во Отсек за народен текстил), 2. Отсек за орнаментика и занаети (од 1952 год. – Отсек за народна орнаментика)[35], 3. Отсек за народни обичаи, кој од 1952 год.

[35] Во периодот 1953-54 год. функционирал Одделот за народна ликовна и пластична уметност, составен од два отсеци: 1. Отсек за ликовна и пластична уметност, кој поради недостаток на кадри се укинува во почетокот на 1955 год., и 2. Отсек за

прераснува во посебен оддел, и 4. Отсек за народна архитектура, кој наскоро е укинат. Вториот оддел бил Одделот за народна книжевност, кој во 1953 год. се одвоил и од него се формирал Институтот за македонски јазик и литература, за повторно да биде возобновен во 1964 како Оддел за народна литература. Третиот оддел бил Музиколошко-кореографскиот, кој исто така низ децениите што следуваат претрпувал разни наименувања. Во 1955 год. следува нова реорганизација и во Институтот постојат следниве три оддели: 1. Оддел за народно текстилно творештво (подоцна во 1964 год. преименуван во Оддел за текстилна народна орнаментика, а од 1977 год. во Оддел за народна орнаментика), 2. Оддел за народни обичаи и игри и 3. Музиколошко-кореографски оддел, кој подоцна во 1969 год. се преименува во Оддел за народна музика и народни ора. Во 1961 год. Одделот за народни обичаи и игри се преименувал во Оддел за народна книжевност, обичаи и игри, кој по кадровското осипување, единствениот етнолог што останал во Одделот за народни обичаи и игри, организационо бил приклучен кон Одделот за народна литература.

Во 1962 год. тогашниот Фолклорен институт со Уредба на Извршниот совет на Народното собрание на НРМ и соодветните одлуки на телата на Институтот е преименуван во Институт за фолклор, а од 1979 год., го носи и името на еден од најплодните собирачи на македонски фолклорни и етнографски материјали, Марко Цепенков. Оттогаш оваа институција го носи насловот Институт за фолклор „Марко Цепенков“ и како таков е регистриран во судот и другите надлежни установи.

Со донесувањето на Законот за научноистражувачката дејност од 1996 година (Службен весник на РМ 13/96), Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје работи во согласност со одредбите на овој законк ако Јавна научна установа, врз основа на Решението број 08-4261/1 од 31.12.1996 година за исполнетоста на условите за стекнување на својството: Јавна научна установа, добиено од Министерството за наука на Република Македонија, како и со Статутот на Институтот кој е одобрен со Одлука на Владата на Република Македонија, број 23-327/9 од 17.02.1997 година (Службен весник на РМ 8/97). Следниот Статут на институцијата е донесен во 2010 год. и е прилагоден на Законот за научноистражувачката дејност од 2008 год. (Службен весник на РМ 46/08), а актуелниот Статут е од 25.02.2015 година и е со минимални измени во однос на претходниот.

Во својот седумдецениски развоен пат Институтот за фолклор доживеал неколку структурни и организациони реформи кои често биле во зависност од општествено-политичките состојби во државата, но и од самата екипираност на кадровскиот потенцијал на Институтот. Некои од

---

народно текстилно творештво. За подетални информации на поранешните внатрешни организации на Институтот за фолклор од основањето до 1979 год., да се види во: „30 години Институт за фолклор ‘Марко Цепенков’“, редакција: д-р Цветанка Органџиева, д-р Лазо Каровски (претседател) и Танас Вражиновски, Скопје, 1980, стр. 11-12.

одделите биле преименувани, односно добивале поинакви називи, некои оддели биле укинувани или припојувани кон други оддели, за потоа повторно да бидат воспоставени, а за потребите за проучувањето на фолклорот на другите етнички заедници во 1982 година бил воспоставен и нов оддел – Оддел за фолклорот на народностите. Институтот за фолклор во својата организациска структура во актуелниов момент (2020 год.), според важечкиот Правилник за систематизација на работните места во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од 2016 год. има пет научноистражувачки оддели, кои низ децениите наназад носеле и поинакви називи, а денес се именувани како: 1. Оддел за народна литература и етнотеатрологија (порано: Оддел за народна литература), 2. Етнолошки оддел (порано: Оддел за народни обичаи и игри, а од 2003 год. Етнолошки оддел – духовна култура), 3. Оддел за традиционални уметности и архитектура (порано: Оддел за народна орнаментика, а од 2003 год. Оддел за материјална култура), 4. Оддел за етномузикологија и етнокореологија (порано: Оддел за народна музика и народни ора, а од 2003 год. Етномузиколошки оддел), и 5. Оддел за истражување на фолклорот и етнологијата на другите народи што живеат во Република Македонија (до 2003 год. Оддел за фолклорот на народностите), во кој работат научни работници коишто ја истражуваат народната култура на Албанците, Турците, Власите и Ромите.

Како што може да се забележи уште со поставените задачи во основачкиот акт на Институтот, основните активости во неговата 70-годишна историја се одвиваат почнувајќи од теренските истражувања со што континуирано се бележи и се следи состојбата во сите сегменти на духовната и материјалната култура на народното творештво на македонскиот народ, но и на останатите народи што живеат во државава. Проучувањето на македонската народна традиција претставува интерес на многумина научници од различни области, како што се фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата, етнокореологијата, историјата на уметноста, архитектурата итн. Мултидисциплинарниот карактер на истражувањата од областа на фолклористиката и сродните науки и научни дисциплини се: собирањето на производите од народното творештво за време на теренската работа, нивната обработка и публикување заради афирмирање на културното наследство коешто се постигнува со нивната презентација, односно дистрибуција во форма на објавени монографии и зборници во државава и надвор од неа. Резултатите од истражувањата се презентираат со објавување на научно-стручните изданија (монографии, зборници, списанија и сл.), а исто така и со учествата на истражувачите на меѓународни и домашни научни собири. Освен преку публикувањето на разни научни трудови, резултатите на научниот и стручниот кадар на Институтот се презентираат и преку организираните изложби на народното текстилно творештво (делови од носии, везови, плетива и сл.) од депото на Институтот за фолклор, како и преку постојаната поставка на

народни музички инструменти што се наоѓа во самиот институт. Институтот има организирано неколку изложби со материјалите од своето депо, како што се изложбите во: Културно-информативниот центар на РМ во Софија, Бугарија (2008 год.), Кратово, Штип, Кочани и др.

За успешно организирање на научно-истражувачката дејност во Институтот за фолклор, првенствено на теренските истражувања, но и на останатите научни истражувања од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и сродните науки и научни дисциплини, како што се истражувањата во разни институции: архиви, музеи, библиотеки и сл., потребно е и обезбедување на финансиски средства за спроведувањето на сето тоа. Научните истражувања што ги реализира научниот кадар во Институтот во најголем дел се финансираат преку научноистражувачките проекти во рамките на годишните програми на ресорното министерство, така што до 2000 год. надлежно беше Министерството за наука, а по неговото спојување со Министерството за образование, финансирањето се одвива преку Министерството за образование и наука. Во рамките на научноистражувачката дејност на Институтот за фолклор досега успешно се реализирани стотина (колку точно?) такви проекти, но за жал, во последнава деценија оваа активност од страна на ресорното министерство е речиси целосно запоставена, па така, како незавршени поради отсуството на финансии се водат десетина научноистражувачки проекти. Од позначајните научноистражувачки проекти што ги има реализирано Институтот за фолклор би ги издвоиле некои од макропроектите со повеќе учесници, со кои се извршени комплексни фолклористичко-етнолошки истражувања на некои предели и региони во државава: Велешко, Струмичко-радовишкиот регион, Кратовско-кривопаланечкиот регион, Кумановско и Охридско-струшкиот регион.

Во оваа пригода, при одбележувањето на јубилејот 70 години од основањето, како еден од поважните успеси би го идвоиле излегувањето од печат на првиот број на специјализирано списание за фолклор во државава „Македонски фолклор“ во 1968 година. Иако, до пред појавата на ова списание Институтот за фолклор имал издадено и други публикации, сепак појавата на списанието „Македонски фолклор“ ширум ги отворило вратите за публикувањето на стручни статии и истражувачки материјали на вработениот научен и стручен кадар во Институтот, како и за поширока афирмација на македонскиот фолклор и на традиционалната култура на македонскиот народ воопшто. Досега од печат се излезени вкупно 77 броеви на списанието.

Друг мошне важен момент во историскиот развој на Институтот претставува и воспоставувањето на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор којшто првично се одржуваше во Охрид, совпаѓајќи се со одржувањето на Меѓународниот фестивал на балкански фолклор, кој пак секоја година вообичаено се одржува во првата половина на јули. Првиот Меѓународен научен симпозиум за балкански фолклор е одржан на

7 и 8 јули 1969 год., а интенцијата била овој меѓународен научен собир да прерасне во традиционален симпозиум што ќе се одржува секоја втора година, т.е. биенално во периодот и на одржувањето на споменатиот фестивал на балканскиот фолклор. Последниот Меѓународен симпозиум за балкански фолклор што се одржа во Охрид во хотелот „Палас“, каде што по традиција се организираше овој научен собир, беше XIV Меѓународен симпозиум за балкански фолклор одржан во 2000 година. За жал, понатаму традицијата на одржувањето на овој симпозиум во периодот на одржувањето и на Меѓународниот фестивал на балкански фолклор беше напуштена, иако се настојуваше симпозиумот и понатаму да се одржува во некој од хотелите на брегот од Охридското Езеро. Така, наредните три симпозиуми беа одржани: XV во 2004 год. (хотел „Бисер“ кај Струга), XVI во 2006 год. (хотел „Десарет“ во Пештани, Охрид) и XVII во 2008 год. (Конгресен центар на УКИМ во Охрид). Потоа, заради нефинансирање од страна на ресорното Министерство за образование и наука настана седумгодишна пауза во одржувањето на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, за повторно да се одржува под истото име, но овој пат, заради енормно намалените финансиски средства, овој мошне реномиран и респектиран меѓународен научен собир продолжи да се одржува во Скопје. Во новите услови се оджани три такви научни собири: XVIII во 2015, XIX во 2017 и XX во 2019 година, сите во хотелот „Континентал“.

Дејноста на ЈНУ Институт за фолклор е сообразена и со Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ 20/04) и се одвива во согласност со препораките на светската организација за образование, наука и култура - УНЕСКО, инкорпорирани во овој закон. Со споменатиот закон, како и со Решението за определување овластен субјект за заштита на фолклорните добра (бр. 30-1620/2 од 11.03.2005 год.), издадено од тогашниот министер за култура, на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ му се овозможува да изготвува елаборати за заштита на нематеријални културни добра, со што всушност се стекна со статусот на овластен субјект за валоризација на нематеријалното културно наследство за потребите на Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура. Така, во изминативе 15 години, научниот кадар во Институтот за фолклор како експерти за валоризација на нематеријални културни добра имаат изработено вкупно над 60-тина елаборати за валоризација и ревалоризација на разни културни добра од областа на нематеријалната култура. Елаборатите за валоризација на нематеријалните културни добра понатаму се процесуираат до споменатата Управа за заштита на културното наследство, а по позитивните рецензии тие се проследуваат до Националниот совет при Министерството за култура, кој пак дава препорака до Владата за поставување на најквалитетните културни добра на националната листа на културни добра. Од десетиците нематеријални културни добра што се наоѓаат на овој список најголем број се впишани благодарение на

елаборатите изготвени од страна на експертите вработени во Институтот за фолклор. Оваа институтција, исто така може да се пофали дека сите пет нематеријални добра од Република Македонија што се впишани во списокот на нематеријалното културно наследство на човештвото што го изготвува светската организација за образование, наука и култура – УНЕСКО, се изготвени токму од научниот кадар во Институтот за фолклор, а понатамошната апликација до оваа светска организација ја изготвува стручен кадар од Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура. Имено, станува збор за следниве пет нематеријални културни добра од нашава држава што се наоѓаат на списоците на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото: 1. „Чет’рсе - празнувањето на Св. 40 маченици во Штип“ (2013 год.); 2. „Копачката - машко соборно оро од с. Драмче, Пијанец (Делчевско)“ (2014 год.) – и двете на репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на човештвото; 3. „Гласоечко – машко двогласно пеење од Долни Полог (Тетовско)“ (2015 год.) е впишано на списокот на нематеријалното културно наследство на човештвото за ургентна заштита. На репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на УНЕСКО од 2017 година се наоѓаат уште две културни добра кои се номинирани од Република Македонија, заедно со уште неколку држави, и тоа: 4. „Мартинки – културни практики поврзани со 1-ви март“, кое е номинирано заедно со Романија, Молдавија и Бугарија, и 5. „Х’д’рлез – пролетно прославување“, кое е номинирано заедно со Турција.

Како мошне значаен момент во развојот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ претставува и стекнувањето со можноста за организирање на студии од втор и трет циклус студии, односно овозможувањето на оваа реномирана институција од областа на истражувањето на традиционалната култура да едуцира специјализирани кадри од областа на фолклористиката. Започнувајќи од академската 2008/09 година, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, освен за примарната научноистражувачка дејност е регистриран и за вршење на активности од доменот на високообразовната дејност. Институтот се јавува како организатор на студии од втор циклус (последипломски, магистерски студии), така што, по успешното завршување на овие студии студентите се стекнуваат со научната титула магистер по фолклористика. Според тогашните законски регулативи што овозможуваа стекнување на научната титула доктор на науки, од истата академска година по успешно одбранетата докторска дисертација на Институтот за фолклор се овозможи и стекнување со научната титула доктор по фолклористика. Од академската 2018/19 год. Институтот за фолклор организира и студии од трет циклус (докторски студии) по фолклористика. Институтот има и статус на придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во

Скопје, а со свој претставник е застапен и во Сенатот на оваа реномирана високообразовна институција.

Меѓународната соработка со разни научни и високообразовни институции од областа на фолклористиката, етнологијата, етномузикологијата и останатите сродни науки и научни дисциплини се остварува со презентирање и публикување на стручно-научни публикации во странски списанија, како и организирање на заеднички научни собири. Научноистражувачкиот кадар во Институтот, до сега има реализирано неколу значајни заеднички компаративни меѓународни проекти, со објавување на добиените сознанија од овие истражувања во соодветни монографски трудови, зборници на трудови и списанија. Од особено значење за остварување на меѓународната соработка претставува и одржувањето на споменатиот меѓународен симпозиум за балкански фолклор.

ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во актуелниов момент има склучено важечки договори за соработка со следниве научни установи во странство:

1. Институт за славистика при Универзитетот „Адам Мицкјевич“ во Познањ, Полска;
2. Институтот за историја на уметноста, фолклористика и етнологија „М. Т. Рилски“ од Киев, Украина;
3. Институт за етнологија и фолклористика со етнографски музеј при Бугарската Академија на Науките во Софија, Бугарија;
4. Институт за славистика при Руската Академија на Науките во Москва, Русија;
5. Етнографскиот Институт при Српската Академија на Науките и Уметностите во Белград, Србија;
6. Институт за етнологија и фолклористика во Загреб, Хрватска.

Во своето седумдецениско работење Институтот за фолклор успеа да создаде и солиден фонд на архивски материјали, најбогатите во државава од доменот на истражувањето на традиционалната култура. Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ располага со мошне богата архивска граѓа со фолклорна и етнолошка содржина. Архивскиот аудиоматеријал е снимен на над 4.000 магнетофонски ленти и касети, сместени во соодветни дрвени кутии, кои пак се чуваат во специјални метални плакари. За секоја снимена аудио-лента постои и соодветна содржинска листа, а во најголем дел материјалот од овие аудио-ленти е и дешифриран, т.е. е преточен во текст отчукан на машина за пишување.[36] Аудио-

[36] Овде треба да се нагласи дека добар дел од архивскиот материјал со дешифрирани текстови се должи и на надворешните соработници на Институтот за фолклор, кои воглавно биле наставници по македонски јазик, што ги ангажирал тогашниот директор д-р Блаже Ристовски. Имено, во периодот на неговото директорување (1966-75) била организирана мошне разгранета мрежа на собирачи на фол-

материјалот со музички фолклор, покрај тоа што е дешифриран, во добар дел е и мелографиран, односно за вокалните, вокално-инструменталните и инструменталните изведби постои и нотен запис. Фонотечните материјали на Архивот на Институтот за фолклор се заштитени и со законска регулатива (ex-lege). Скромниот фонд на видео-материјали од 60-тина видео-ленти се чува на видео-записи, кој во поголем дел за жал е без звучен запис, односно припаѓа на т.н. „неми филмови“. Овие видо-записи воглавно се со етнокореолошки материјали, односно со снимен материјал со изведба на народни ора, а делумно се и со етнолошки материајл, односно со извршување на одредени обреди. Во последниве години, следејќи ги современите технолошки процеси, во институтскиот архив е отворен и фонд со материјали снимени на компакт-дискови, односно е формирана и цедетека.

Архивот на Институтот располага и со богата фототека со илјадници фотографии, слајдови и развиени филмови со разни снимки од доменот на традиционалната култура кои го одразуваат секојдневниот, но и празничниот живот. На фотографиите, покрај мотиви од традиционалната архитектура и народните носии, можат да се забележат и моменти на изведување на некаков обред или пак на некаква општоселска прослава. Во архивот ма Институтот се чуваат и неколку стотици цртежи во боја, направени на милиметарска хартија, на коишто најпрецизно се доловени мотивите од разните везови, како и од останатите апликации на традиционалната текстилна орнаментика. Во депото на Институтот за фолклор, покрај споменативе артефакти од архивската граѓа, се чуваат и делови од традиционалните народни носии (кошули, саи, елеци, ракави, чорапи, марами, сокаи и др.), на кои можат да се забележат и мошне успешни везбени декорации, но и останатите техники на изработката на народните носии (ткаеници, плетила и сл.). Исто така, депото располага и со мошне интересна збирка на макети на обредни лебови изработени од гипс, а има извесен фонд и на предмети изработени од мајсторите-занаетчии кои изработувале предмети и со висок уметнички дострел, како што се некои изработки на копаничарите, кујунџиите, грнчарите итн. Институтот располага и со извесен фонд на народни музички инструменти кои ги красат витрините сместени во подрумскиот дел. Разните кавали, шупелки, зурли, гајди, ќемениња, тамбури, сазови, канони и другите музички инструменти сместени во витрините на институтот го привлекуваат вниманието не само на етноорганолозите (истражувачите на

---

клорни и етнографски материјали ширум државава. Архивскиот фонотечен фонд на Институтот ќе беше многу посиромашен доколку не беа снимените магнетофонски ленти и дешифрираниот материјал во нив, на соработниците на Институтот, како што се: Иван Котев од Струмица, Петко Домазетовски од Струга, Пане Емшов од Неготино, Иван Бошначки од Берово, Михајло Андревски од Крушево, како и други, повеќе или помалку познати собирачи и публикувачи на македонскиот фолклор и на фолклорот на останатите народи во државава.

народните музички инструменти), туку и на останатите посетители на депото на Институтот.

Благодарение на проектот финансиран од Министерството за култура на Република Македонија за идентификација и дигитализацијата на архивскиот фонд на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, се очекува добар дел од архивскиот материјал со кој располага Институтот во вид на каталог да биде достапен до научната и пошироката јавност, ако не во целост, тогаш барем содржинските листови со архивскиот материјал, дел од дешифрираниот и мелографираниот материјал, како и материјали од фототеката, аудиотеката (звучните записи) и кинотеката (видео-материјалите).

Исто така, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ може да се пофали и со богатиот фонд на стручно-научна литература што се наоѓа во институтската библиотека. Околу 30.000 библиотечни единици (монографски трудови, зборници, списанија и сл.), во најголем дел со фолклористичка, етнолошка и етмомузиколошка содржина се на располагање на научниот кадар во Институтот. Услугите на библиотеката, впрочем како и услугите на Архивот на Институтот за фолклор ги користат и истражувачите од сродните научни и високо-образовни институции, како и на студентите и учениците кои ги изучуваат фолклорот и традиционалната култура.

Во својот 70-годишен историјат ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ се има стекнато и со неколку награди, плакети, благодарници и слични признанија за своите успеси на полето на истржувањето и популаризацијата на традиционална култура на македонскиот народ и на останатите народи што живеат во државава. Сепак, од сите тие награди и признанија посебно место во витрините на Институтот има највисоката државна награда „Гоце Делчев“ што се доделува за особено значајни остварувања од интерес за Република Македонија во областа на науката. Оваа награда на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ му беше доделена во 2007 год. за книгата „Фолклорот во Охридско-струшкиот регион“, од група автори, научни работници во Институтот, под уредништво на д-р Боне Величковски.

**ПРИЛОЗИ - ФОТОГРАФИИ**:



Дел од збирката на музички инструменти,
д-р Родна Величковска, раководител на етномузиколошкиот оддел



Дел од архивската збирка со везови, д-р Јасминка Ристовска Пиличкова,
раководител на одделот за традиционални уметности





Дел од фонотечниот архивски материјал
Цане Серафимовски, архивист

Дел од архивската граѓа
Блага Ангелкова, архивист



Дел од административно-техничкиот персонал: Милан Шарац, Весна Стефановска и Борис Петровски






Дел од библиотечниот фонд
Анета Талеска, библиотекар

Подарок за учесниците на XIII симпозиум
одржан во 1997 година



КУЛТУРНО-ИНФОРМАЦИОННИЯТ ЦЕНТЪР
НА Р. МАКЕДОНИЯ В СОФИЯ и
ИНСТИТУТЪТ ЗА ФОЛКЛОР
„МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ОТ СКОПИЕ

имат честта да Ви поканят на откриването на изложбата
на научните издания на Института за фолклор „Марко Цепенков“ от Скопие,
както и на представянето на най-новите институтски издания.
На изложбата ще бъдат показани и части от народни носии от хранилището на института.

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР
НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СОФИЈА и
ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР
„МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ - СКОПЈЕ

Ве поканувaат на отворањето на изложбата на изданијата
на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје,
како и на промоцијата на најновите изданија на Институтот.
На изложбата ќе бидат претставени и делови од народни носии
од депото на Институтот.

КИЦ на Р. Македония
София 9147 , ул. Оборище 7
**вторник, 3 юни 2008 г., 18.00 ч.**

Двојазичната Покана за изложбата на Институтот за фолклор во Културно-информативниот центар на РМ во Софија, Бугарија, 3 јуни, 2008 год.



Поздравниот говор на директорката д-р Севим Пиличкова при отворањето на изложбата во Културно-информативниот центар на РМ во Софија



Директорите на ИФМЦ и на КИЦ – д-р Севим Пиличкова и Доста Димовска со промоторот на изложбата – д-р Клеанти Ановска



Дел од експонатите на изложбите со везови на Институтот за фолклор



Од активностите на Институтот за фолклор: презентација во Центарот за култура „Бели мугри“ во Кочани, април 2017. Директорот д-р Зоранчо Малинов со д-р Јасминка Ристовска-Пиличкова и д-р Родна Величковска




Од активностите на Институтот за фолклор: промоција на видеозаписите на преранопочинатиот етнокореолог Михаило Димоски



Поздравниот говор на проф. д-р Родна Величковска, претседател на Организациското одбор на XX Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, одржан на во хотелот „Континентал“ во Скопје, во ноември 2019 год.




Свечено отворање на XIV Меѓународен симпозиум за балкански фолклор: д-р Трпко Бицевски, д-р Боне Величковски и д-р Севим Пиличкова, членови на ОО



Дел од учесниците на XIV симпозиум, последниот одржан во традиционалниот термин – 7-8 јули и во охридскиот хотел „Палас“, во 2000 год.



Учесниците во билатералниот проект во организација на МАНУ и БАН по научната конференција во МАНУ, Скопје, септември 2016 год.



Дел од учесниците на симпозиумот одржан во организација на Институтот за фолклор и Македонското етнолошко друштво, хотел „Кратис“, Кратово, 2019 год.



ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР
СКОПЈЕ



ДОГОВОРУВАЧИ



ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР
СКОПЈЕ

ПОЛНОМОШНО

ДИРЕКТОР



Документацијата за ангажирањето на Иван Котев како надворешен соработник на Институтот за фолклор, потпишана од тогашниот директор д-р Блаже Ристовски



Од теренските истражувања во Струмичко - русалиски обред, с. Секирник



Иван Котев на теренско истражување во ’70-тите години во Струмичко.



Од теренските истражувања на д-р Клеанти Ановска. Во домот на информаторот Вангели Пана во Струга, 1998 год.



Скопје 15-V-1950 год. — Год. VI СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НРМ Бр. 11 — Стр. 71

За Министер на шумарството — Димче Зограф досегашен Министер-Претседател на Комитетот за надворешна трговија.

За Министер на државните земјоделски стопанства — Васил Гѓоргов, досегашен министер на шумарството.

За Министер на градежите — Боге Кузмановски, досегашен министер на земјоделието.

За Министер-Претседател на Комитетот за надворешна трговија — Мито Димитриевски.

За Министер-Претседател на Комитетот за локална индустрија и занаетчиство — Љубо Зафиров, досегашен министер на комуналните работи.

III

Претседателот на Владата на НРМ ќе го изврши овој Указ.

IV

Овој Указ станува во сила од 23-IV-1950 год.

У, бр. 17 од 23-IV-1950 год. Скопје

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Р. Џунов с. р. — Претседател Б. Фотев с. р.

**75**

Врз основа на чл. 73 точ. 10 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

УКАЗ

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ДРЖАВНО СТОПАНСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД ОБЛАСНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕЊЕ

1. — Претпријатието од обласно значење за снабдување на занаетчиството и локалната индустрија со седиште во град Скопје, на Народниот одбор на бившата Скопска област, се одредува за претпријатие од републиканско значење.

2. — Владата на Народна Република Македонија ќе го изврши овој Указ.

У. Број 13
Скопје, 28 март 1950 година

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов с. р. — Претседател, Богоја Фотев с.р.

**76**

Врз основа на член 79 став 2 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Министерот на наука и култура, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕ НА ФОЛКЛОРЕН ИНСТИТУТ

Чл. 1

Се оснива фолклорен институт како самостојна научна установа под непосредно раководство на Министерството за наука и култура.

Седиштето на фолклорниот институт е во Скопје.

Чл. 2

Задачите на институтот се:

1. да ја организира работата на собирањето, систематизирањето и конзервирањето на фолклорното богатство на македонскиот народ;

2. да го научно анализира, проучува и обработува собраниот материјал од подрачјето на националниот фолклор;

3. да дава совети и стручни мненија во врска со применувањето на нашата народна уметност во домашните ракотворби, музиката, индустријата, градежништвото итн.;

4. да соработува со организации, друштва и установи кои што работат на пропагирањето на нашата народна уметност од територијата на Федеративна Народна Република Југославија и во странство, и да се грижи за чистотата и изворноста на нашата народна уметност;

5. да се грижи за запазување и понатамошно развивање на нашето народно уметничко творчество;

6. да издава научни и научно-популарни публикации од областа на својата работа.

Чл. 3

Работата на Институтот непосредно ја раководи директор.

Директорот го назначува Министерот за наука и култура, во согласност со Претседателот на Владата.

Чл. 4

Фолклорниот институт има своја самостојна претсметка на приходите и расходите која што влегува во состав на претсметката на приходите и расходите на Министерството за наука и култура.

Директорот е наредбодател за извршување претсметката на приходите и расходите на Институтот.

Чл. 5

Поблиски прописи за организацијата и работењето на фолклорниот институт донесува Министерот за наука и култура.

Чл. 6

Оваа Уредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1183, 6 април 1950 година, Скопје

Претседател
на Владата на Народна Република Македонија,
Л. Колишевски с. р.

Министер за наука и култура
К. Црвенковски с. р.

**77**

Врз основа на чл. 79 став 2 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Министерот на наука и култура, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕ НА ДРЖАВНА ФИЛХАРМОНИЈА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Се оснива државна филхармонија со седиште во Скопје.

Државната филхармонија е установа од републиканско значење под непосредно раководство и надзор на Министерството за наука и култура.

Уредбата на Владата на НРМ за основањето на Фолклорниот институт

# С О Д Р Ж И Н А

**Кон јубилејот (Краток преглед на 70-годишната историја на Институт)** (д-р Зоранчо Малинов)....................................................................5

**Научноистражувачките проекти како основа на научно-истражувачката дејност** (д-р Катерина Петровска Кузманова)..................................17

**Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор и други научни собири** (д-р Катерина Петровска-Кузманова)...............................................27

**Издавачка дејност** (д-р Катерина Петровска-Кузманова).........................39

**Улогата на Институтот за фолклор во заштитата и презентацијата на македонското нематеријално културно наследство** (д-р Зоранчо Малинов)..........................................................................................57

**Височкообразовна дејност** (д-р Зоранчо Малинов).....................................65

**Организациска структура и вработени во институцијата**.....................75
– **Вработени**......................................................................................77
– Научно-истражувачки кадар.....................................................................77
– Административно-технички кадар............................................................78
– **Поранешни вработени**..........................................................................78
– Поранешни директори на Институтот......................................................78
– Поранешни претседатели на Советот на Институтот..............................79
– Научно-истражувачки и раководен кадар...................................................80
– Административно-технички кадар.............................................................82

**Биографски и библиографски податоци на научниот и соработничкиот кадар**.................................................................................................85

**Поранешни истражувачи во Институтот за фолклор (Селективни биографски и библиографски податоци)**...................................................103

**Делото на Марко Цепенков како инспирација за именувањето на Институтот за фолклор (По повод јубилејот 100 години од неговата смрт)** (д-р Ермис Лафазановски).........................................................125

**Користена литература**.............................................................................130

**Review of the jubilee (Summary of the 70-year history of the Institute)**...134

**Прилози - фотографии**..............................................................................142

И М П Р Е С У М ...

C I P - каталогизација...